БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА
Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ
ВИВАКС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ



ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ
ВИВАКС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

Управители:

ТАЊА АТАНАСОВА **РИСТО ЈОСИФОВСКИ**

_____ _____

М. П.

С О Д Р Ж И Н А

	ВОВЕД	3
I.	ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ	4
II.	ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ	6
III.	УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА	7
IV.	СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА	8
V.	ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД	13
VI.	ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА	15
VII.	ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА	18
VIII.	ЕМИСИИ ВО ПОЧВА	22
IX.	ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ	23
X.	БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ	24
XI.	ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ	26
XII.	ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ	36
XIII.	СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ	40
XIV.	РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ	44
XV.	РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ	45
XVI.	ИЗЈАВА	50

ПРИЛОЗИ:

ПРИЛОГ I: ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ	51
ПРИЛОГ II: ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ	76
ПРИЛОГ III: УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА	135
ПРИЛОГ IV: СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА	141
ПРИЛОГ V: ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД	265
ПРИЛОГ VI: ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА	288
ПРИЛОГ VII: ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА	306
ПРИЛОГ X: БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ	316
ПРИЛОГ XIII: СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ	354

ВОВЕД

Управувањето со инсталацијата е насочено кон остварување на стратешките цели на компанијата од аспект на постојана усогласеност на деловната активност, оптимизација на искористеноста на капацитетите, ефикасна употреба на суровини, управување со развојот и модернизација на производството на сокови, како и грижа за максимално обезбедување на заштитата при работа и заштитата на животната средина.

Инсталацијата предходно поседувала Б интегрирана еколошка дозвола со бр. 18/18-5228/6 од 2018 год. Согласно член 126 од *Законот за животна средина (Службен Весник на РМ бр. 53/05; 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 99/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22, 171/22 и 03/25)*, Операторот на инсталацијата го поднесува ова Барање за добивање на Б-интегрираната еколошка дозвола. За подготовка на ова Барање, Операторот ја ангажира фирмата-консултант ТЕХНОЛАБ ДОО Скопје која ја изработи оваа апликација.

Начинот и формата на презентирање на податоците и потребните информации за инсталацијата, во оваа апликација е направен согласно Правилникот за постапката за добивање Б - интегрирана еколошка дозвола, ПРИЛОГ 1, Барање за добивање Б - интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на РМ бр. 4/06), како и согласно насоките дадени во Упатството за подготовка на образецот за Б - интегрирана еколошка дозвола, подготвено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Име на компанијата [1]	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ ВИВАКС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна
Сопственост на земјиштето	Приватно
Адреса на локацијата (и поштенска адреса, доколку е различна од погоре споменатата)	ул. Перо Наков, бр. 21, 1.000 Скопје - Гази Баба
Број на вработени	114
Овластен претставник	Тања Атанасова и Ристо Јосифовски
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето [2]	Прилог 2, Точка 6. Останати активности. *Подточка 6.3.б. Обработка и преработка наменети за производство на храна од растителни суровини со капацитет на производство на готови производи од 30 до 300 t/ден.*
Проектиран капацитет	281 t/ден

I.1. Вид на барањето [3]

Обележете го соодветниот дел

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	✓
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

I.2. Орган надлежен за издавање на Б - Интегрирана еколошка дозвола

Име на единицата на локална самоуправа	ГРАД СКОПЈЕ
Адреса	бул. Илинден бр. 82, 1.000 Скоје
Телефон	(02) 3297-301, (02) 3297-204

ОДГОВОР

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата
[2] Да се внесеат шифрите на активностите во инсталацијата според Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе активности кои се предмет на ИСКЗ, треба да се означи шифрата за секоја активност. Шифрите треба да бидат јасно оделени една од друга.
[3] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

Копија од регистрацијата на Инсталацијата во Централниот Регистар на Република Македонија бр. 0805-50/15012000250001342 од 20.01.2025 год. е дадена во **ПРИЛОГ I.1**, стр. 51-56.

Инсталацијата ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ ВИВАКС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ (во понатамошниот текст - ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ) е изградена на парцела КП 1065, КО Маџари и е со површина од градежно земјиште 50229m^2 и деловни згради од 15126m^2. Копии од Имотни Листови бр. 66032, 66399 и 70366 од 26.03.2025 год., се дадени во ПРИЛОГ I.2 стр. 57-72 од Барањето за добивање на Б ИЕД.

Инсталацијата се наоѓа на следните географски координати: N: 41,997657° и E: 21,481651° *(координати според Гаус-Кригерова проекција: Y: 912762,37˚ и X: 4662933,92˚)*.

Во **ПРИЛОГ I.3,** стр. 73-75 дадени се местоположбата и границите на локацијата на Инсталацијата.

II. ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалувањето и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи, (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа).

ОДГОВОР

II.1. Опис на технолошкиот процес

ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ е лоцирана на североисточниот дел од градот Скопје, во Индустриска зона, на адреса: ул. Перо Наков, бр. 21, 1.000 Скопје - Гази Баба.

Од центарот на градот Скопје, инсталацијата на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ е оддалечена 4,2 km.

Во непосредна близина на инсталацијата се наоѓаат:
• на север е железничката пруга и просториите на шпедицијата на Фершпед;
• на запад зелени површини и просториите на компанијата Ју Дизајн Фурничр;
• на исток е објектот на Електрометал;
• на југ се компаниите во поранешниот Металски завод Тито и бензинската станица на Детоил;
• на југозапад се просториите на компаниите во Нептун-Ритеил Парк Годи, продажниот салон на Спорт Вижн и продажниот салон на Бриколаж.

Од аспект на географската локација, ако ги земеме предвид: поврзаноста со останатата инфраструктура - колекторска водоводна и канализациона мрежа, патнатата комуникација, како и некои други карактеристики, локацијата има солидна локација.

Во **ПРИЛОГ II**, стр. 76-134 се дадени информации за техничките карактеристики на главните и помошните објекти и процеси, технологии и технолошки шеми за производство, информации за сите аспекти на специјалните операции што можат да предизвикаат емисии во животната средина при нормални услови, како како и во случај на дефект или прекин на работата итн.

III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Приложете организациони шеми и други релевантни податоци. Особено да се наведе лицето одговорно за прашањата од животната средина.

ОДГОВОР

Во ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ вработени се 114 работници.

Во **ПРИЛОГ III,** стр. 135-140 дадена е организационата структура на управување со Инсталацијата, со посебен осврт кон управувањето со животната средина.

Со инсталациите и опремата во ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ непосредно управуваат извршителите кои обезбедуваат 24 часовен надзор на работата на постројките во инсталацијата. Тие се организирани во смени.

За секое стартување на процесот се известува директорот и секоторот за контрола на квалитет. Исто така, за секој поголем дефект, се консултира со директорот и се известува секторот за контрола на квалитет.

Во случај на дефект на опремата веднаш се известува директорот и секторот за контрола на квалитет, кој соодветно повикува надворешни лица заради остранување на дефектот.

Раководниот тим во однос на животната средина посветува големо внимание со што влијанието врз животната средина е сведено на минимум.

Во целокупниот технолошки процес се применуваат стандарди со цел унапредување на квалитетот на производите.

Целата одговорност во поглед на примената на унапредувањето на животната средина ја има Директорот кој понатаму ја насочува кон одговорниот тим, односно секторот за контрола на квалитет.

Должности на одговорното лице се:

- мониторинг на целата опрема за намалување на загадувањето,
- тековно процена на еколошките перфоманси на инсталацијата,
- мониторинг на воспоставените процедури за управување со животната средина,
- проверка и одобрување на целокупната документација во постапката за добивање/обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола согласно законските прописи.

Лица одговорни за прашањата од животната средина во ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ се Марјан Сарашов (Заклучно до 30.06.2025 година) и Горан Николовски.

IV. СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

Приложете листа на суровините и горивата кои се користат, како производите и меѓу производите.

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба) - Табела IV.1-1

ОДГОВОР

Главни суровини во производниот процес се овошјето, зеленчукот, наменети за производство на сокови.

Секундарни суровини во производниот процес се цевчињата, картонската и алуминиумската и пластичната амбалажа, средствата за дезинфекција, нафтата, водата и електричната енергија.

Во фабриката за производство на сокови на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ, постои котлара, во која се инсталирани два котли. Кај котлите главна суровина е течното гориво - нафтата.

Листата на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии употребени и произведени во Инсталацијата е дадена во Табела IV.1-1.

Табела бр. IV-1: Суровини, помошни материјали и супстанции, горива и енергии употребени во 2024 година и моментално складирани количини

Реф. Бр.	Материјал / Супстанција[4]	CAS[5] Број	Категорија на опасност[6]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони/m^3)	R и S фрази[7]
1	Ананас концентрат	/		25.48	55.04	S1/S8
2	Шумски пл концентрат 40 br(Esarom)	/		0.74	19.665	S1/S8
3	Аце 72 878	/		3.36	27.36	S1/S8
4	Мултивитмин 72 478	/		7.68	81.36	S1/S8
4	Ананас 02 662	/		0.03	0.299	S1/S8
5	Црн чај 01 385 PET	/		0.08	1.629	S1/S8
6	Лимон 02 217 PET	/		0.01	0.037	S1/S8
7	Лимон02 421 PET	/		0.03	0.025	S1/S8
8	Аарома брусница 02 919 PET	/		0.0130	0.096	S1/S8
9	Карамел 47 006 PET	/		0.06	0.453	S1/S8
10	Црн корен хибискус 70 035	/		0.55	1.068	S1/S8
11	Праска 02 763 PET	/		0.02	0.138	S1/S8

[4] Во случај каде материјалот вклучува одреден број на посебни и достапни опасни супстанции, дадете детали за секоја супстанција.
[5] Chemical Abstracts Service
[6] Закон за превоз на опасни материи (Сл. Лист на СФРЈ бр. 27/90, 45/90, Сл. Весник на Р.М. 12/93)
[7] Според Анекс 2 од додатокот на упатството

Реф. Бр.	Материјал / Супстанција[4]	CAS [5] Број	Категорија на опасност [6]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони/m^3)	R и S фрази [7]
12	Арома вишна 02733	/		0.02	0.122	S1/S8
13	Мултифруит 74 327	/		0.01	0.01	S1/S8
14	Боровинка концетрат со арома	/		1.92	20.886	S1/S8
15	Картонски кутии	/		122679 парчиња	96,636 пар.	S1/S8
16	Фолија за дојпак	/		732542 метри	1123336 метри	S1/S8
17	Капачиња	/		1564800 пар.	5448809 пар.	S1/S8
18	Емулзија портокал	/		0.20	0.572	S1/S8
19	Емулзија анананс	/		0.40	0.816	S1/S8
20	Кеси	/		1969380 пар.	5457576 пар.	S1/S8
21	Арома праска вилд	/		0.04	0.595	S1/S8
22	Витамин Ц	/		1.40	2.111	S1/S8
23	Арома киви	/		0.06	0.116	S1/S8
24	Арома јаболко	/		0.19	0.552	S1/S8
25	Натриум цитрат	68-04-2		0.63	2.317	S3/S9/S49
26	CT-7020-Hlorofil	/		0.01	0.023	S1/S8
27	Арома портокал	/		1.15	0.058	S1/S8
28	Karboksi Met.Celul.(CMC)	/		0.13	2.109	S1/S8
29	Калиум сорбат	24634-61-5		0.10	1.57	S1/S8
30	Натриум бензоат	532-32-1		0.45	0.949	R24/S20/ S3/S9/S49
31	Ксантан	11138-66-2		0.052	1.548	S1/S8
32	Термо фолија 400*0.065 (p.mono f)	/		1.211	19.616	S1/S8
33	Готварска сол	/		0.755	0.85	S1/S8
34	Ампули 40гр	/		68352 пар.	3788410 пар.	S1/S8
35	Ампули 25гр	/		281600 пар.	1993362 пар.	S1/S8
36	Термо фолија 18% (Mono fol.36*0.07)0.5l.	/		1.244	4.612	S1/S8
37	Замастувач 74298/sirup/	/		0.078	0.21	S1/S8
38	Картонска плоча 1200h800	/		6747 пар.	85115 пар.	S1/S8
39	Праска пире алме клинстон	/		7.6361	35.256	S1/S8
40	Tehnomelt Supra 100 (25kg)	/		0.24	1.552	S1/S8
41	Bazna surovina za praska	/		1.875	7.3	S1/S8
42	Tehnomelt em 132-22(14kg)	/		0.0125	0.106	S1/S8
43	Ампули жолти 40гр	/		28255 пар.	122425 пар.	S1/S8
44	Ампули колор 21,5гр	/		26949 пар.	69051 пар.	S1/S8

Реф. Бр.	Материјал / Супстанција[4]	CAS [5] Број	Категорија на опасност [6]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони/m^3)	R и S фрази [7]
45	Ампули розеви 40гр	/		17088 пар.	276554 пар.	S1/S8
46	Bazna surovina - me{av emulz bozel,limon	/		0.0865	0.261	S1/S8
47	Етикети	/		794322 пар.	6698911 пар.	S1/S8
48	Праска пире 30-32 Br Alme-Friston	/		88.981	113.755	S1/S8
49	Aroma grapefruit 24415/21	/		0.0053	0	S1/S8
50	Ko[inil CC-1000-WS/5	/		0.01	0	S1/S8
51	Арома тоник 01217	/		0.0017	0	S1/S8
52	Емулзија Грејфрут 74070	/		0.106	0	S1/S8
53	Лимон концентрат56 br {panija	/		2.146	0.875	S1/S8
54	Арома кајсија 02680	/		0.0025	0	S1/S8
55	Арома Капина RH-414-642-3	/		0.024	0.033	S1/S8
56	Вишна каша 14 Vh Podgorina	/		0.19	0	S1/S8
57	Капина пире 32 Vh Dimur	/		0.033	0.532	S1/S8
58	Манго концентрат 60 Bh	/		0.497	0.155	S1/S8
59	Арома црна рибизла	/		0.035	0.035	S1/S8
60	Рибизла концентрат 65 Vh	/		0.395	0.231	S1/S8
61	Арома манго	/		0.057	0.093	S1/S8
62	Цитрон 74066	/		0.059	0.152	S1/S8
63	Банана пире 22 Bx	/		6.6	8.235	S1/S8
64	Јагода концентрат 65 Bh - Aspis	/		1.3	0.248	S1/S8
65	Арома јагода	/		0.016	0.0265	S1/S8
66	Арома медитеран PQ - 234-143-6	/		0.253	0.113	S1/S8
67	Арома томато 4099.01	/		0.055	0.025	S1/S8
68	Арома чили PF - 111-053-0	/		0.045	0.007	S1/S8
69	Арома томато кечао L-171320	/		0.059	0.024	S1/S8
70	Капачиња вилкс	/		751851 пар.	800540 пар.	S1/S8
71	Јагода концентрат 65 Bh - Podgorina	/		0.5	1.023	S1/S8
72	Црн корен рибизла 70 044	/		0.021	0.06	S1/S8
73	Доматно пире20 -	/		0.15	24.008	S1/S8

Реф. Бр.	Материјал / Супстанција[4]	CAS[5] Број	Категорија на опасност[6]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони/m^3)	R и S фрази[7]
	22 Bh (Vita Res)					
74	Фолија смути и доматен сос	/		591657 метри	271932 метри	S1/S8
75	Модифициран скроб Thermflo	/		0.456	0.606	S1/S8
76	Манго пире 28 Bh	/		4.606	0.65	S1/S8
77	Бел бибер	/		0.01	0.004	S1/S8
78	Оцетна киселина 80%	64-19-7		0.164	0.172	S1/S8
79	Арома јагода 185.133	/		0.016	0.026	S1/S8
80	Цефки за дојпак	/		2257030 пар.	10699934 пар.	S1/S8
81	Лимунска киселина	/		12.558	37.151	S1/S8
82	Шеќер	/		48.858	1413.953	S1/S8
83	Фолија стреч машинска 18%	/		1.122	11.441	S1/S8
84	Велкорин естер	/		0.3	1.913	S1/S8
85	Базна суровина од портокал-PET	/		18.704	28.445	S1/S8
86	Замастувач баз.суровина емулзија за зам.-PET	/		4.636	6.6	S1/S8
87	Јаболков концентрат 70 бр	/		74.597	210.315	S1/S8
88	Вишна концентрат (Grcija) 65 Bh	/		9.245	7.021	S1/S8
89	Црвен грејфрут асептик концентрат	/		1.333	0	S1/S8
90	Грејфрут асептик концентрат	/		0.253	0	S1/S8
91	Вишна каша 17-19 Br-Rumko	/		0.23	0	S1/S8
92	Јаболко матичен сок 10-12Br	/		4.62	5.04	S1/S8
93	Јаболкова каша 12 br	/		166.886	173.264	S1/S8
94	Капина каша подгорина 8 Бх	/		20.33	17	S1/S8
95	Вива пире јаболко 30 - 32 Bh	/		141.143	19.95	S1/S8
96	Вива вишна пире 30 - 32 Bh 2023	/		42.55	15.759	S1/S8
97	Вива доматно пире 22 - 24%	/		226.59	24.008	S1/S8
98	Вива каша капина 8-10 Bh 2024	/		2.1	0.19	S1/S8
99	Портокал концентрат	/		125.913	159.977	S1/S8

Реф. Бр.	Материјал / Супстанција[4]	CAS[5] Број	Категорија на опасност[6]	Моментално складирана количина (тони)	Годишна употреба (тони/m^3)	R и S фрази[7]
	Биофреш					
100	Оранж концентрат асептик	/		3.178	14.899	S1/S8
101	Ораж концентрат 66 br	/		18.632	45.665	S1/S8
102	Овоќен концентрат-52br	/		16.965	35.73	S1/S8
103	Овошен концентрат 33 br	/		19.879	59.53	S1/S8
104	Киви каша	/		7.258	7.051	
105	Алкално средство за перење MIP C	/		1.2	15.416	R35/S3/S9/ S49
106	Кисело средство за перење Horolith V	/		0.75	2.75	R35/S3/S9/ S49
107	Кисело средство за перење Horolith FI	/		0.052	0.598	R35/S3/S9/ S49
108	Средство за дезинфекција - P3 – Oksonia aktive 150	/		0.105	5.04	R07/R20/ R21/R22/R 35/R37/S3/ S9/S49
109	Гориво (нафта) погон	64742-48-9		3	344,489 литри	
110	Електрична енергија	/		/	1.647.587 kw	Н.П
111	Вода	/		/	80.022 m^3	Н.П

Табела бр. IV-2: Вкупно производство по линија за 2024 година

Линија П/П 1л+2л	Линија Д/П 0,2л	Линија ПЕТ 1,5л, 0,5л,	Овошна каша
6.752.328 литри	2.121.543 литри	7.635.807 литри	524.125 килограми

Во Прилог IV Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата на стр. 141 – 264 дадено е:

- IV.1 Шематски приказ на начинот и локацијата на складирање на суровините и помошните материјали
- IV.2. Извори на електрична енергија, вода, природен гас, нафта, транспортни средства
- IV.3. Препарати кои се користат за чистење и дезинфекција на производната опрема (msds листи на средства за дезинфекција)
- IV.4. Договори и фактури од компании добавувачи на суровини и фактури за електрична енергија и вода потрошени во производниот процес

V. ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Во долната табела вклучете го целиот отпад што се создава, прифаќа за повторно искористување или третира во рамките на инсталацијата (додадете дополнителни редови по потреба).

Пополнете ја следната табела (додадете дополнителни редови по потреба) - Табела V.1-1.

ОДГОВОР

Во инсталацијата ракувањето со суровините, горивата и електричната енергија се одвива според техничко-технолошките норми и барања, согласно законската регулатива и е карактеристично за секоја од наведените компоненти.

За таа цел во Инсталацијата постои опрема и механизација за утовар и истовар, складирање, дистрибуција и транспорт која редовно се одржува и контролира.

Видот и количината на отпад кој се генерира во текот на редовното работење на инсталацијата е даден во Табела V.1-1.

Табела бр. V-1: Видовите и количините на отпад кои се создадени и преземени во текот на 2024 год.

Реф. бр.	Вид на отпад/ материјал	Број од Европски каталог на отпад	Количина		Преработка одложување	Метод и локација на одлагање
			Количина по месец [тони]	Годишна количина [тони]		
1	Измешан комунален отпад	20 03 01	2,37 t	28.4	Времено складирање на локацијата	Транспортирање од овластено правно лице до ДРИСЛА ДОО СКОПЈе
2	Отпад од органско потекло	20 02 02	3,84 t	46.1	Времено складирање на локацијата	Транспортирање од овластено правно лице до ДРИСЛА ДОО СКОПЈе
3	Отпад од композити/технолошки отпад потекло	15 01 05	2.84 t	34.1	Времено складирање на локацијата	Транспортирање од овластено правно лице до ДРИСЛА ДОО СКОПЈе
4	Хартија	15 01 01	3.07	36.8	Времено складирање на локацијата	Превземање од страна на Пакомак и Унитрејд 2012
5	Пластика	15 01 02	0.06	0.76	Времено складирање на локацијата	Превземање од страна на Унитрејд 2012
6	Најлон	15 01 02	0.58	7	Времено складирање на локацијата	Превземање од страна на Пакомак и Унитрејд

7	Лим буре	15 01 04	0.84	10.12	Времено складирање на локацијата	Превземање од страна на Далас Два и Беметал
8	Отпадно железо	20 01 40	2,16	25.94	Времено складирање на локацијата	Превземање од страна на Далас Два

Во **ПРИЛОГ V.** стр. 265 - 287 прикажани се договори и фактури од фирмите што го откупуваат и транспортираат отпадот од локација на инсталацијата.

VI. ЕМИСИИ ВО АТМОСФЕРАТА

Приложете листа на сите точкасти извори на емисии во атмосферата, вклучувајќи и детали на котелот и неговите емисии.

Опишете ги сите извори на фугитивна емисија, како на пр. складирање на отворено.

Апликантот е потребно да посвети особено внимание на оние извори на емисија кои содржат супстанции наведени во Анекс 2 од додатокот на Упатството.
Пополнете ги следните табели VI.1-1 i VI.1-2 (додадете дополнителни редови по потреба)

Само за котли со моќност повеќе од 250 kW (малите котли се исклучени):

ОДГОВОР

Во котларата на инсталацијата има инсталирано два котли К1 и К2. Секој од котлите е приклучен на посебен испуст и тоа за котел К1 - испуст А1 и за котел К2 - испуст А2.

Котлите се користат за производство на пареа која е потребна за производството и за греење на работните простории во време на грејната сезона. Котлите работат наизменично, односно еден од котлите работи, а другиот е резерва.

Во инсталацијата како гориво за котлите се користи нафта.

Нафтата се складира во резервоари и инсталиран е посебен цевен систем за пренос од резервоари до котлара.

Котларата на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ веќе две години работи само на нафта.

Во текот на месец Декември 2024 година, од страна на акредитираната лабораторија за животна средина и безбедност при работа на „ТЕХНОЛАБ" ДОО Скопје, беа извршени мерења на емисиите во воздухот од овие испусти, за кои е изготвен соодветен Лабораториски извештај бр. 669/24 и истиот е даден во **ПРИЛОГ VI.2**, стр. 288 - 305.

Табелите VI.1-1а и VI.1-1б за емисија од котли се пополнети и дадени во продолжение.

Табела бр. VI.1-1а: Емисии од котел К1 (испуст А1)

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:	 3.500 kg/h 2,282 MW/h	
Гориво за котелот Тип: нафта Максимален капацитет на согорување: Содржина на сулфур:	 / kg/h 33,85 mg/Nm^3	
NO_x:	148,21 mg/Nm^3 при 0 ˚C. 3% O_2 (нафта)	
Маскимален волумен на емисија:	3 390,55 m^3/h	
Температура:	139,20 ˚C (min)	140,0 ˚C (max)
Периоди на работа:	5 час/ден	210 ден/год.

Табела бр. VI.1-1б: Емисии од котел К2 (испуст А2)

Капацитет на котелот Производство на пареа: Термален влез:	 1.500 kg/h 1,325 MW/h	
Гориво за котелот Тип: нафта Максимален капацитет на согорување Содржина на сулфур:	 / kg/h 22,70 mg/Nm^3	
NO_x:	148,15 mg/Nm^3 при 0 ˚C. 3% O_2 (нафта)	
Маскимален волумен на емисија:	1 654,85 m^3/h	
Температура:	138,60˚C (min)	130,0 ˚C (max)
Периоди на работа:	5 час/ден	210 ден/год.

За другите големи извори на емисии во производството се пополнуваат Табелите VI.1-2а и VI.1-2б.

Табела VI.1-2а: Испуст А1 од котел К1 на нафта

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца / бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/ циклон /скрубер
Испуст од котел на нафта со инсталирана топлинска моќ од 2,282 MW	10,0 m	Кислород (O_2)	6,56%	3 390,55	/
		Јаглерод моноксид (CO)	1,56		/
		Јаглерод диоксид (CO_2)	9,95%		/
		Азотни оксиди (NOx)	148,21		/
		Сулфур диоксид (SO_2)	3,57		/
		Чаден број	1		/
		Цврсти честички-прашина	36,07		/

Нормалните услови за температура и притисок се: 0˚C, 101,3 kPa

Табела VI.1-2б: Испуст А2 од котел К2 на нафта

Извор на емисија	Детали за емисијата				Намалување на загадувањето
Референца / бр. на оџак	Висина на оџак [m]	Супстанција/материјал	Масен проток [mg/Nm^3]	Проток на воздух [Nm^3/h]	Тип на филтер/ циклон /скрубер
Испуст од котел на нафта со инсталирана топлинска моќ од 1,325 MW	10,0 m	Кислород (O_2)	12,98%	1 654,85	/
		Јаглерод моноксид (CO)	133,26		/
		Јаглерод диоксид (CO_2)	5,59%		/
		Азотни оксиди (NOx)	148,15		/
		Сулфур диоксид (SO_2)	6,42		/
		Чаден број	1		
		Цврсти честички-прашина	29,03		/

Нормалните услови за температура и притисок се: 0˚C, 101,3 kPa

Системот во котларата редовно се проверува и според Правилникот за користење на опрема под притисок (Сл. Весник на РМ бр. 32/2009) од страна на овластени инспекциски тела.

VII. ЕМИСИИ ВО ПОВРШИНСКИ ВОДИ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс 2 од Додатокот на Упатството.

Потребно е да се дадат детали за сите супстанциии присутни во сите емисии, согласно Табелите III до VIII од Уредбата за класифицкација на водите (Сл. Весник 18-99). Треба да се вклучат сите истекувања на површински води, зедно со водите од дождови кои се испуштаат во површинските води.

Пополнете ги Табелите VII.1-1, VII.1-2 и VII.1-3.

ОДГОВОР

Извори на отпадни води во инсталацијата претставуваат водите од санитарните јазли за вработените, водите од перење, дезинфекција, ладење на процесна опрема и чистење на погоните, како и атмосферските води кои се собираат од крововите на објектите и од отворените површини во инсталацијата.

Сите овие води се собираат во внатрешна канализациона мрежа која ги одведува во три канализациони шахти, од каде се испуштаат во јавниот колектор на градот кој поминува непосредно до оградата на инсталацијата, на улицата Перо Наков.

При производство, сите отпадни води што произлегуваат од производствените процеси, пред да се испуштат во канализациона мрежа се филтрираат низ вградени метални филтри каде што се задржуваат сите тврди предмети.

Исто така во производствената дејност на Вивакс доо Скопје не се користат масти, масла и/или протеински компоненти.

Сите средства што се користат за перење и дезинфекција на целокупната опрема и инвентар се од органско потекло со SDS (безбедносен сертификат) од најреномираниот производител ECO LAB Германија. Наведените сертификати се приложени во Барањето за добивање на Б интегрираната еколошка дозвола.

Од инсталацијата **ИМА** две точки на испусти на емисии во канализација (испусти С1 и С3), а **НЕМА** извори на емисии во површински води, реки и езера.

Табелите бр. VII.1-1а и бр. VII.1-1б кои се однесуваат за овој вид на емисија **се пополнети и дадени во продолжение**.

Табела бр. VII.1-1а: Емисија на отпадни води во канализација - Емисиона точка С1 (отпадна технолошка вода од погон за производство на сокови)

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанција	Макс. Просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god	Макс. просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god	Идентитет на реципиентот [6N; 6E] [8]
Температура						$19,2^0$C			Колектор на градската канализациона мрежа на ул. Перо Наков N: 41,997042° E: 21,481360°
pH						7,31			
Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК						38,1	4.04	848.11	
Биохемиска потрошувачка на кислород, $БПК_5$						5,18	0.55	115.31	
Суспендирани материи						<2,0	<0.21	<44.52	
Вкупен азот, N						3,7	0.39	82.36	
Вкупен фосфор, P						0,02	0.01	0.45	
Хлориди, Cl^-						<6,7	<0.71	<149.14	
Амониум, N-NH_4^+						0,20	0.02	4.45	
Хлор слободен, Cl_2						0,13	0.01	2.89	
Хлор вкупен, Cl_2						0,23	0.02	5.12	
Бакар, Cu						0,021	0.01	0.47	
Талог (таложни материи)*						<0,1	<0.01	<2.23	

[8] Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем

Табела бр. VII.1-1б: Емисија на отпадни води во канализација - Емисиона точка С3 (отпадна технолошка вода од погон за преработка на овошје)

Параметар	Пред третирање				После третирање				
Име на супстанција	Макс. Просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god	Макс. просек на час [mg/l]	Макс. Дневен просек [mg/l]	Вкупно kg/den	Вкупно kg/god	Идентитет на реципиентот [6N; 6E] [9]
Температура						19,1			Колектор на градската канализациона мрежа на ул. Перо Наков N: 41,997046˚ E: 21,481426˚
pH						7,73			
Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК						75,0	7.95	1669.50	
Биохемиска потрошувачка на кислород, $БПК_5$						2,43	0.26	54.09	
Суспендиран и материи						<2,0	<0.21	<44.52	
Вкупен азот, N						4,2	0.45	93.49	
Вкупен фосфор, P						0,026	0.01	0.58	
Хлориди, Cl^-						<6,7	<0.71	<149.14	
Амониум, N-NH_4^+						0,30	0.03	6.68	
Хлор слободен, Cl_2						0,07	0.01	1.56	
Хлор вкупен, Cl_2						0,15	0.02	3.34	
Бакар, Cu						0,018	0.01	0.40	
Талог (таложни материи)*						<0,1	<0.01	<2.23	

Согласно анализата на отпадните води од шахта С1 и шахта С3 врз основа на направената-анализа од 16.12.2024, како и согласно мониторинг планот од Б интегрираната дозвола, сите параметри од анализата на отпадните води се во рамките на законските прописи и регулатива.

Потврда за тоа е Лабораторискиот Извештај од извршени анализи на отпадни води спроведени кај операторот Вивакс ДОО заведен под бр. 671/24 од 16.12.2024 г на Технолаб ДОО, каде во делот: Мислење и толкувања јасно е наведено дека согласно Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадните води по нивно прочистување, а имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. весник бр. 81/2011) нема надминувања на граничните вредности за испитуваните отпадни води.

Во **ПРИЛОГ VII.2**, стр. 306 - 315 прикажан е Лабораторискиот Извештај бр. **671/24** од извршени анализи на отпадни води од ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ.

[9] Точка на мониторинг/ Референци од Националниот координатен систем

Следните табели треба да се пополнат во случај на директно испуштање во реки и езера.

Табелите бр. VII.1-2 и бр. VII.1-3 **се дадени во продолжение и не се пополнети** бидејќи не се релевантни за овој вид на инсталација.

Табела бр. VII.1-2

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитички опсег	Метода/ Техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
pH						
Температура						
Електрична спроводливост μS						
Амониумски азот NH_4-N						
Хемиска потрошувачка на кислород						
Биохемиска потрошувачка на кислород	**НЕМА ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ ВО РЕКИ И ЕЗЕРА**					
Растворен кислород O_2 (p-p)						
Калциум Ca						
Кадмиум Cd						
Хром Cr						
Хлор Cl						
Бакар Cu						
Железо Fe						
Олово Pb						
Магнезиум Mg						
Манган Mn						
Жива Hg						

Табела бр. VII.1-3

Параметар	Резултати (mg/l)				Нормален аналитички опсег	Метода/ Техника на анализа
	Датум	Датум	Датум	Датум		
Никел Ni						
Калиум K						
Натриум Na						
Сулфат SO_4						
Цинк Zn						
Вкупна базичност (како $CaCO_3$)	**НЕМА ДИРЕКТНИ ЕМИСИИ ВО РЕКИ И ЕЗЕРА**					
Вкупен органски јаглерод TOC						
Вкупен оксидиран азот TON						
Нитрити NO_2						
Нитрати NO_3						
Фекални колиформни бактерии во раствор (/100ml)						
Вкупно бактерии во раствор (/100ml)						
Фосфати PO_4						

VIII. ЕМИСИИ ВО ПОЧВА

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води и на површината на почвата.

Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните води, за историско или моментално загадување на самата локација или подземно загадување.

ОДГОВОР

Од инсталацијата **НЕМА ЕМИСИЈА** на загадувачки супстанции во почвата.

IX. ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ФАРМЕРСКИ АКТИВНОСТИ

Во случај на отпад од земјоделски активности или за земјоделски намени, во следната табела треба да се опишат природата и квалитетот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) што треба да се расфрла на земјиште (ефлуент, мил, пепел), како и предложените количества, периоди и начини на примена (пр. Цевно испуштање, резервоари).

Табела бр. IX.1-1

Идентитет на површината	
Вкупна површина (ha)	
Корисна површина (ha)	
Култура	
Побарувачка на Фосфор (kg P/ha)	**НЕМА ЕМИСИЈА ОД ИНСТАЛАЦИЈАТА**
Количество на мил расфрлена на самата фарма (m^3/ha)	
Проценето количесто Фосфор во милта расфрлена на фармата (kg P/ha)	
Волумен што треба да се аплицира (m^3/ha)	
Аплициран фосфор (kg P/ha)	
Вк. Количество внесена мил (m^3)	

ОДГОВОР

Од Инсталацијата **НЕ СЕ ГЕНЕРИРА ОТПАД** од земјоделски активности или за земјоделски намени. Поради тоа **Табела бр. IX.1-1 НЕ Е ПОПОЛНЕТА**.

X. БУЧАВА, ВИБРАЦИИ И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Листа на извори (вентилација, компресори, пумпи, опрема) нивна местоположба на локацијата (во согласност со локациската мапа), периоди на работа (цел ден и ноќ / само преку ден / повремено).

Пополнете ја Табелата X.1-1. За амбиентални нивоа на бучава пополнете ја Табелата X.1-2.

Наведете ги изворите на вибрации и на нејонизирачко зрачење (топлина или светлина).

ОДГОВОР

Во инсталацијата има појава на емисија на бучава. Таа е резултат на работењето на инсталацијата.

Мерните места каде треба да се направат мерења на нивото на бучава се прикажани на Слика бр. X.2-1 (Прилог X) и истите се обележени со ознаки AN1, AN2, AN3, AN4, N1 и N2.

За потребите на ова барање од страна на лабораторијата за животна средина и безбедност при работа на „ТЕХНОЛАБ" ДОО Скопје, извршени се мерења на ниво на бучава.

Резултатите од мерењата се прикажани во **Табела бр. X.1-2**.

Резултати од извршените мерења се прикажани во Табелите X.1-1 и X.1-2.

Табела X.1-1: Амбиентални нивоа на бучава

Извор на емисија Реф. / бр.	Извор / уред	Опрема Реф. / бр.	Интензитет на бучава dB на означена одалеченост	Периоди на емисија (број на часови предпладне / попладне)
AN 1 3 m од агол на инсталација северо-западна страна	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	53,32	8 часа
AN 2 3 m од агол на инсталација југо-западна страна	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	63,78	8 часа
AN 3 3 m од агол на инсталација југо-источна страна	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	49,64	8 часа
AN 4 3 m од агол на инсталација северо-источна страна	Машини во погон	Cirrus тип CR:171B	50,71	8 часа

Табела X.1-2: Мерни места за мерење на амбиентална бучава

Референтни точки:	Национален координатен систем	Нивоа на звучен притисок [dB]		
	(5N, 5E)	L $(A)_{eq}$	L $(A)_{10}$	L $(A)_{90}$
Граници на локацијата:				
Локација 1: **AN1**	N: 41.9980728° E: 21.4782398°	53,32	51,91	54,21
Локација 2: **AN2**	N 41.9968496° E 21.4783714°	63,78	62,21	64,18
Локација 3: **AN3**	N 41.9970886° E 21.4827330°	49,64	49,18	518,29
Локација 4: **AN4**	N 41.9982958° E 21.4826013°	50,71	48,65	50,27
Осетливи локации:				
/	/	/	/	/

Нема извори на вибрации кои влијаат на животната средина.

Во Инсталацијата нема извори на јонизирачки зрачења.

Во **ПРИЛОГ X.3**, стр. 316-353 прикажан е Лабораторискиот Извештај бр. 670/24 од извршени мерења на ниво на бучава во животна средина на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ.

XI. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

Опишете го мониторингот и процесот на земање на примероци и предложете начини на мониторинг на емисии за вода, воздух и бучава.

Пополнете ја Табелата XI.1-1.


ОДГОВОР

XI.1. МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИТЕ И ТОЧКИ НА ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

XI.1.1. Мониторинг на емисии во атмосферата

Од инсталацијата евидентирани се 2 испусти од котли од котлара, котли кај кои како гориво се користи нафта.

На Слика бр. XI.1.1-1 прикажани се точките на емисија во воздухот означени со А1 и А2 од котлите К1 и К2.



Слика бр. XI.1.1-1: Точки на емисија во воздухот А1 и А2 од котли К1 и К2 на нафта

Координатите на овие 2 (две) мерните точки А1 од котел К1 и А2 од котел К2 се:

А1 и А2	N: 41.997754˚ E: 21,481194˚

Методолошки приод


Мерењата на емисии во воздухот се изведуваат согласно барањата на следниве стандарди:

- МКТС CEN/TS 15675:2009 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори - Примена на EN ISO/IEC 17025:2005 при периодични мерења,
- МКС EN 15259:2023 - Квалитет на воздух - Мерење на емисии од стационарни извори, Барања од мерните реони и места и за целта, планот и извештајот од мерењата,
- МКС EN ISO 16911-1:2014 - Стационарни извори на емисија - Рачно и автоматско одредување на брзина и волуменски проток во канали - Дел 1: рачна референтна метода,
- МКС EN 14790:2017 - Стационарни извори на емисии - Определување на водена пареа во канали,
- МКС ISO 7935:2008 - Стационарни извори на емисии - Определување на масена концентрација на сулфур диоксид -карактеристики на изведба на автоматски мерни методи,
- МКС ISO 12039:2022 - Стационарни извори на емисија - Одредување на јаглерод моноксид, јаглерод диоксид и кислород - Карактеристики на изведба и калибрација на автоматски мрни системи,
- МКС EN 14789:2017 - Стационарни извори на емисии - Определување на волуменска концетрација на кислород (O_2) - Референтна метода - Парамагнетизам,
- МКС EN15058: 2017 - Стационарни извори на емисии - Одредување на масена концентрација на јаглерод моноксид (CO) - Референтен метод: Недисперзивна инфрацрвена спектрометрија (NDIR),
- МКС EN 14792:2017 - Стационарни извори на емисија - Одредување на масена на азотни оксиди (NO_x) - Референтен метод: хемилуминисценција,
- МКС EN13284-1:2018 - Стационарни извори на емисии - Одредување на ниска концентрација на прашина, Дел 1: Мануелна гравиметриска метода.


Процедурата на мерење се состои од:

- Пред испитување;
- Преглед на околината;
- Избор на мерно место;
- Дефинирање на број на мерни точки;
- Лоцирање на мерните точки;
- Подготовка на апаратурата;
- Мерење.

На Слика бр. XI.1.1-2 даден е шематски приказ на системот за мерење на гасови во канал, а на Слика бр. XI.1.1-3 даден е Шематски приказ за мерење на влага и прашина во испусти.



Слика бр. XI.1.1-2: Шематски приказ на системот за мерење на гасови во канал



Слика бр. XI.1.1-3: Шематски приказ за мерење на влага и прашина во испусти

Планираниот мониторинг на емисијата во воздух е даден во Табели бр. XI.1.1-1а и бр. XI.1.1-1б.

Табела бр. XI.1.1-1а: Референтен број на емисиона точка: А1 - Испуст од котел К1 на нафта

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Кислород (O_2)	Два пати во текот на годината	Пристапно во котлара	МКС EN 14789:2017	МКС EN 14789:2017
Јаглерод моноксид (CO)			МКС EN 15058:2017	МКС EN 15058:2017
Јаглерод диоксид (CO_2)			МКС ISO 12039:2022	МКС ISO 12039:2022
Азотни оксиди (NOx)			МКС EN 14792:2017	МКС EN 14792:2017
Сулфур диоксид (SO_2)			МКС ISO 7935:2008	МКС ISO 7935:2008
Цврсти честички-прашина			МКС ISO 9096:2022	МКС ISO 9096:2022

Табела бр. XI.1.1-1б: Референтен број на емисиона точка: А2 - Испуст од котел К2 на нафта

Параметар	Фрекфен-ција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Кислород (O_2)	Еднаш во текот на годината	Пристапно во котлара	МКС EN 14789:2017	МКС EN 14789:2017
Јаглерод моноксид (CO)			МКС EN 15058:2017	МКС EN 15058:2017
Јаглерод диоксид (CO_2)			МКС ISO 12039:2022	МКС ISO 12039:2022
Азотни оксиди (NOx)			МКС EN 14792:2017	МКС EN 14792:2017
Сулфур диоксид (SO_2)			МКС ISO 7935:2008	МКС ISO 7935:2008
Цврсти честички-прашина			МКС ISO 9096:2022	МКС ISO 9096:2022

XI.1.2. Мониторинг на емисии во канализација

Од инсталацијата евидентирани се две точки на емисија во градска канализација (точки на емисија С1 и С3).

Табелите бр. IX.1.2-1а и бр. IX.1.2-1б се пополнети и дадени во продолжение.

Табела бр. XI.1.2-1а: Референтен број на емисиона точка С1 (отпадна технолошка вода од погон за производство на сокови)

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Температура	Два пати во текот на годината	Лесно пристапно, на приземје	Со земање примерок на отпадна вода, од собирна шахта	Физичка метода APHA,AWWA,WEF (1998) 20 ed
pH				Потенциометрија МКС EN ISO 10523:2013
Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК				Спектрофотометрија Мод. ISO 15705:2002
Биохемиска потрошувачка на кислород, БПК5				Волуметрија, МКС EN 1899-1:2007
Суспендирани материи				Гравиметрија МКС ISO 11923:2007
Вкупен азот, N				Спектрофотометрија МКС EN ISO 11905-1:2007
Вкупен фосфор, P				Спектрофотометрија МКС ISO 6878:2013
Хлориди, Cl				Волуметрија МКС ISO 9297:2007
Амониум, $N\text{-}NH_4^+$				Спектрофотометрија МКС ISO 7150-1:2007; SM 4500-NH3-F:2017
Хлор слободен,Cl_2				Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009
Хлор вкупен,Cl_2				Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009
Бакар, Cu				ICP - OES , МКС EN ISO 11885:2013
Талог (таложни материи)*				Волуметрија SMEWW, 20 ed


**неакредитирани*

Табела бр. XI.1.2-1б: Референтен број на емисиона точка С3 (отпадна технолошка вода од погон за преработка на овошје)

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Пристап до мерните места	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/ техника
Температура	Еднаш во текот на годината	Лесно пристапно, на приземје	Со земање примерок на отпадна вода, од собирна шахта	Физичка метода APHA,AWWA,WEF (1998) 20 ed
pH				Потенциометрија МКС EN ISO 10523:2013
Хемиска потрошувачка на кислород, ХПК				Спектрофотометрија Мод. ISO 15705:2002
Биохемиска потрошувачка на кислород, БПК5				Волуметрија, МКС EN 1899-1:2007
Суспендирани материи				Гравиметрија МКС ISO 11923:2007
Вкупен азот, N				Спектрофотометрија МКС EN ISO 11905-1:2007
Вкупен фосфор, P				Спектрофотометрија МКС ISO 6878:2013
Хлориди, Cl				Волуметрија МКС ISO 9297:2007
Амониум, $N\text{-}NH_4^+$				Спектрофотометрија МКС ISO 7150-1:2007; SM 4500-NH3-F:2017
Хлор слободен,Cl_2				Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009
Хлор вкупен,Cl_2				Спектрофотометрија МКС EN ISO 7393-1:2009
Бакар, Cu				ICP - OES , МКС EN ISO 11885:2013
Талог (таложни материи)*				Волуметрија SMEWW, 20 ed

**неакредитирани*

На Слика бр. XI.1.1-4 прикажани се точките на емисија во канализација означени со C1 и C3.



Слика бр. XI.1.1-4: Точки на емисија во канализација означени со C1 и C3

XI.2. МЕРНИ МЕСТА И МОНИТОРИНГ НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Следење на влијанијата врз животната средина се прави преку мониторинг на нивото на бучава.

XI.2.1. Мониторинг на бучава во животната стредина

- ***Амбиентна бучава***

Четири (4) мерни места за амбиентална бучава:

- **AN1:** 3 m од агол на инсталација северо-западна страна;
- **AN2:** 3 m од агол на инсталација југо-западна страна;
- **AN3:** 3 m од агол на инсталација југо-источна страна;
- **AN4:** 3 m од агол на инсталација северо-источна страна;

Координатите на овие четири (4) мерни места се:

AN1	N: 41.9980728° E: 21.4782398°
AN2	N 41.9968496° E 21.4783714°
AN3	N 41.9970886° E 21.4827330°
AN4	N 41.9982958° E 21.4826013°

- ***Извори на бучава***

Две (2) мерни места кај изворите на бучава:


- **N1:** 50,36 m северно од влезна капија и 3 m јужно од административен објект;
- **N2:** 69,65 m источно од котлара и 6,07 m западно од нов објект.

Координатите на овие две (2) мерни места се:

N1	N: 41.9973199º E: 21.4808119º
N2	N: 41.9979234º E: 21.4818801º

Пристапот до овие мерни места е лесен. Истите се наоѓаат во кругот на инсталацијата и се на висина на тлото (на приземје).

На Слика бр. XI.2.1-1 прикажана е положбата на мерните места на мониторинг на бучава во животната средина.



Слика бр. XI.2.1-1: Мерни места каде се извршени мерења на ниво на бучава во животна средина


Се предлага следење на нивото на бучава два пати годишно, Табела XI.2.1-1.

Табела XI.2.1-1: Мониторинг на емисии на бучава и мерења на ниво на бучава

Параметар	Фрекфенција на мониторинг	Метод на земање на примероци	Метод на анализа/техника
Интензитет на бучава	Два пати годишно	МКС ISO 1996-2:2018	МКС ISO 1996-2:2018, инструмент од I класа

XI.3. МЕРНИ МЕСТА, ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

На Слика бр. XI.3.1-1 прикажани се сите точки на мониторинг на емисии и земање примероци во инсталацијата на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ.



Слика бр. XI.3.1-1: Вкупен број на точки на мониторинг на емисии и земање примероци во инсталацијата на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

Координатите на точките на мониторинг и земање примероци, прикажани се дадени во Табела бр. XI.3.1-1.

Табела бр. XI.3.1-1: Координати на точки на мониторинг и земање примероци во ВИВАКС ДОО Скопје

Точка со ознака	N	E
A1	41,997754°	21,481139°
A2	41,997754°	21,481194°
C1	41,997042°	21,481360°
C3	41,997046°	21,481426°
N1	41.9973199º	21.4808119º
N2	41.9979234º	21.4818801º
AN1	41.9980728°	21.4782398°
AN2	41.9968496°	21.4783714°
AN3	41.9970886°	21.4827330°
AN4	41.9982958°	21.4826013°

XII. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Операторите кои поднесуваат барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола приложуваат Програма за подобрување.

ОДГОВОР

XII.1. Вовед

Инсталацијата сите свои активности ги реализира во насока на постојано подобрување на технолошкиот процес преку усовршување на опремата со која што работи, како и со постојано водење на грижа за животната средина.

Определбата на раководсвото на инсталацијата за целосно и навремено исполнување на законските обврски од областа на заштита на животната средина и безбедноста и здравје при работа, меѓу другото, е насочена кон реализација на основните принципи на Политиката за управување со квалитет и Политиката за управување со животна средина.

Според Политиката на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ обврска на сите вработени е да го користат системот за управување со животна средина како оперативен инструмент за организирање на дневните активности со цел да се задоволат потребите на потрошувачите, преку нивно снабдување со производи и услуги кои секогаш ќе бидат во согласност со нивните барања и поставените рокови.

Согласно Политиката инсталацијата ќе продолжи да работи секогаш стремејќи се да го спречи секој вид на несреќи и повреди преку активно учество на секој вработен и периодична проверка на нивните познавања и спремност во делот на безбедноста и опкружувањето, со цел да се дефинираат планови чија имплементација ќе ги подобри споменатите перформанси.

Со цел потполно усовршување, поголемо искористување на постоечките капацитети, притоа одржувајќи го постојано квалитетот на своите услуги на највисоко ниво и водејќи грижа за животната средина, фирмата издвојува и дел од својот буџет за вложување во безбедност и здравје на вработените и заштита на животната средина.

Инсталацијата секогаш се стреми кон најновите достигнувања на полето на заштита на животната средина преку:

- намалување на потрошувачката на суровини и енергија;
- навремен мониторинг на емисиите во воздух;
- навремен мониторинг на емисиите во канализација;
- навремен мониторинг на нивото на бучава;
- намалување на емисиите на штетни материи во животната средина со правилно складирање, третман и обработка на отпадните материи.

XII.2. Програма за подобрување

Инсталацијата користи техники кои се блиски до најдобрите можни техники за производство на пареа и топла вода, но сепак постои можност тој систем да се подобри. Целта кон која што се стреми Операторот е преку соодветно производство да се постигне соодветен стандард и квалитет на услугата која ја дава, но притоа да не дојде до нарушување на состојбата со животната средина.

Имајќи во предвид дека работењето на инсталацијата се извршува со опрема која соодветствува со домашните и европските прописи и регулативи кои се однесуваат на заштитата на животната средина, создадената бучава е во рамките на дозволените нивоа на бучава, преземањето на целокупниот создаден отпад се врши од страна на овластени фирми - преземачи на отпад, ефикасно искористување на енергијата и низа други активности кои се преземени со цел заштита на животната средина. Програмата за подобрување која ја предлага Операторот претставува програма на дефинирани организациони активности кои ги опфаќаат аспектите прикажани во следната табела.

Табела XII.2-1: Предвидени активности согласно Програмата за подобрување

Ред. бр.	Опис на мерката	Предвидена дата за почеток на реализација / год.	Датум на завршување / год.
1. .	Прецизно планирање на производството од аспект на ефикасно искористување на суровините и репроматеријалите. Вредност на инвестиција: 12000 EUR Активноста е со континуиран временски рок и е во рамките на буџетот на компанијата	2025	2026
2.	Поставување на цели за заштита на животната средина и редовно преиспитување на истите. Вредност на инвестиција: 7000 EUR Активноста е со континуиран временски рок и е во рамките на буџетот на компанијата	2025	2026
3.	Информирање и едукација на сите вработени Целта на оваа активност е подигање на свеста и степенот на информираност за правилно и прописно постапување со отпадот. Вредност на инвестиција: 30000 EUR Активноста е со континуирано траење и со буџет во рамките на планираниот буџет на компанијата	2025	2026
4.	Обуки на стручниот кадар Целта на оваа активност е спроведување на мерките и активностите во управувањето со отпад за 2025 година. Вредност на инвестиција: 30000 EUR Активноста е со континуирано траење и	2025	2026

Ред. бр.	Опис на мерката	Предвидена дата за почеток на реализација / год.	Датум на завршување / год.
	со буџет во рамките на планираниот буџет на компанијата		

Со реализација на Програмата за подобрување и спроведување на соодветен мониторинг ќе се добијат податоци кои можат да послужат за документирање на статусот на медиумите и областите на животната средина и доколку е потребно да се преземат сооветни мерки.

Исто така, Прогрмата овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

Основните цели на Програмате се:
- Да се потврди дека договорените услови се соодветно спроведени;
- Да се потврди дека емисиите се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Да се овозможи управување со непредвидените влијанија или промени;
- Да се потврди дека со примена на соодветни мерки се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина.

Операторот главно ги има остварено потребните техничките подобрувања за работа на инсталацијата и заштита на животната средина и нема значително влијание врз загадувањето на животната средина.

Дополнително, во делот на дополнување на активностите во Програмата за подобрување содржана во Барањето за добивање на Б-интегрираната еколошка дозвола, би сакале да истакнеме неколку околности и факти кои се во насока на потврда на напорите на операторот Вивакс ДОО за подобрување на животната средина, нејзина заштита и превенција од штетни влијанија и уништување.

Имено,

1065	1	п.нак0в	5		Г2-б	1	К 1	1	ДП	25			СОПСТВЕНОСТ			1113-20528/2014	01.12.2014
1065	1	п.нак0в	5		Г2-б	1	ПР	1	ДП	25			СОПСТВЕНОСТ			1113-20528/2014	01.12.2014
1065	1	п.нак0в	5		Г2-б	1	ПР	1	ХС	8			СОПСТВЕНОСТ			1113-20528/2014	01.12.2014
1065	1	п.нак0в	8		Г2-б	1	ПР	1	ДП	280			СОПСТВЕНОСТ			1113-20528/2014	01.12.2014
1065	11	п.нак0в	1		Б4-б	01	ПР	01	ДП	294			СОПСТВЕНОСТ			1113-11381/2021	10.11.2021 10:30:49

Г.9. Промени во прибележувања

VIVA DPPU VIVAKS www.vivaks.com.mk
ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-69075/2025 од 26.03.2025 14:24:41

1105-69075/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 66399 ПРЕПИС
Катастарска општина: МАЦАРИ

Г9.з.Други факти чие прибележување е предвидено со закон:

Вид на прибележување:

ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ

Носител на правото на службеност (плодоуживање, употреба и домување):	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште

Број на катастарска парцела		Внесено место/улица	Катастарска			Површина во м2	Број на зграда/дел од објект	Влез/Кат/Број на посебен дел			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Краток опис на прибележувањето	Правен основ на запишување	Број на предметот по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		Култура		Класа			Влез	Кат	Број								
1065	1						1	01	1	01	ХС	37			ОБЈЕКТОТ ДОБИЛ ПРАВЕН СТАТУС НА ЛЕГАЛЕН ОБЈЕКТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ (СЛ. В. НА РМ БР. 23/11 И 54/11 И 155/12 И 72/2015)	ПРАВОСИЛНО РЕШЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ УП.1 БР. 28-10/19 ОД 06.08.2013 ГОД., . НА РМ-ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ЦИТИРАН ВО РЕШЕНИЕТО	1113-19219/2013	29.10.2013 10:51:08
1065	1						1	01	1	2	ДП	533						
1065	1						1	01	2	3	ДП	537						
1065	1						2	01	2	01	ХС	37						
1065	1						2	01	2	2	ДП	236						
1065	1						21	01	ПР	01	ДП	625						

VIVA DPPU VIVAKS www.vivaks.com.mk
ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-69075/2025 од 26.03.2025 14:24:41

1105-69075/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 66399 ПРЕПИС
Катастарска општина: МАЦАРИ

Г9.з.Други факти чие прибележување е предвидено со закон:

Вид на прибележување:

ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Носител на правото на службеност (плодоуживање, употреба и домување):	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска		Површина во м2	Број на зграда/друг објект	Влез/КатБрој на посебен дел			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Краток опис на прибележувањето	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		Култура	Класа			Влез	Кат	Број								
1065	1					3	1	ПР	1	ДП	133			ОБЈЕКТОТ ДОБИЛ ПРАВЕН СТАТУС СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНИ ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ	Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект УП1.бр.28-10719/1 од 08.10.2014 г	1113-20528/2014	01.12.2014 11:04:23
1065	1					5	1	К 1	1	ДП	25						
1065	1					5	1	К 1	1	ХС	8						
1065	1					5	1	ПР	1	ДП	25						
1065	1					5	1	ПР	1	ХС	8						
1065	1					8	1	ПР	1	ДП	280						

Г9.з.Други факти чие прибележување е предвидено со закон:

Вид на прибележување:

ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Носител на правото на службеност (плодоуживање, употреба и домување):	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска		Површина во м2	Број на зграда/друг објект	Влез/КатБрој на посебен дел			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Краток опис на прибележувањето	Правен основ на запишување	Број на предмет по кој е извршено прибележувањето	Датум и час на запишување
основен	дел		Култура	Класа			Влез	Кат	Број								

VIVA DPPU VIVAKS www.vivaks.com.mk
ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-69075/2025 од 26.03.2025 14:24:41

1105-69075/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 66399 ПРЕПИС
Катастарска општина: МАЦЈАРИ

1065	1						24	1	ПР	/	ДП	376			ОБЈЕКТОТ ДОБИЛ ПРАВЕН СТАТУС СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ	Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект УП1 бр.28- 1951/2016 од 31.07.2019 година од Општина Гази Баба	1113-9637/2019	04.09.2019 11:15:19

Легенда на внесени шифри и кратенки:	
Шифра	Опис
Г4-1	стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор
Б4-6	други деловни простори
Г4	стоваришта
О	останати објекти
Г2	лесна и незагадувачка индустрија
Б4	деловни простории
Г2-1	помали производни капацитети
О	останато
ХС	ходници со скали
зпз	Земјиште под зграда
пиз	градежно изградено земјиште
пз	Вештачки неплодни земјишта
пно	Градежно неизградено земјиште
О	оранжерии
Г2-6	други објекти од лесна и незагадувачка индустрија
ДП	деловна просторија

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

М.П.

Овластено лице:
Моника Палиќ
име и презиме, потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-69086/2025 од 26.03.2025 14:28:26

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski Sektor
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 5F2B51 02
Валиден до: 17.06.2025
Датум и час на потпишување: 26.03.2025 во 14:28:45
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1105-69086/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 70366 ПРЕПИС
Катастарска општина: МАЏАРИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	4803973	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ПРОМЕТ И УСЛУГИ ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ	ПЕРО НАКОВ 21, СКОПЈЕ	1/1	Одобрение за градење Уп.Бр.28-100/2020 од 03.06.2020 год. Општина Гази Баба.основен проект со технички број 121-2019П изработен од ТАГОРА ДОО Скопје и геодетски елаборат за нумерички податоци за градежно земјиште број 0801/3 од 16.01.2020 година изработен од ТОПОКАТ ДОО Скопје.Завршен извештај бр.3-011/2022од 12.09.2022 год од Жито инженеринг-Дрое-Скопје.	1113-9541/2022	22.09.2022 11:07:20

ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Адреса (улица и куќен број на зграда)	Бр. на зграда/друг објект	Ознака на зграда/друг објект	Намена на згр. при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Влез/Кат/Број на посебен дел од зграда			Намена на посебен дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел					Влез	Кат	Број									
1065	1	п.наков	26		Г2-6	1	ПР	/	ДП	3078			СОПСТВЕНОСТ			1113-9541/2022	22.09.2022 11:07:20

Легенда на внесени шифри и кратенки:	
Шифра	Опис
Г2-6	други објекти од лесна и незагадувачка индустрија
ДП	деловна просторија

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од изворниот лист

VIVA DPPU VIVAKS www.vivaks.com.mk
ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-69086/2025 од 26.03.2025 14:28:26

1105-69086/2025

ИМОТЕН ЛИСТ број: 70366 ПРЕПИС


Катастарска општина: МАЦАРИ

М.П.

Овластено лице:
Моника Палиќ
име и презиме, потпис

Технолаб доо Скопје 72 2025 година
DPPU VIVAKS
www.vivaks.com.mk
ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

I.3. МАПА НА ЛОКАЦИЈАТА СО ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ГРАНИЦИ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА



Слика I.3-1: Местоположа на Инсталацијата и координати (макролокација)
N: 41,997657˚ и E: 21,481651˚
(координати според Гаус-Кригерова проекција: Y: 912762,37˚ и X: 4662933,92˚)




Слика бр. I.3-2: Граници на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

Координатите на граничните точките се дадени во Табела бр. I.3-1:

Табела бр. I.3-1: Координати на граници на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

Точка број	N	E
1	41.9968142°	21.4783334°
2	41.9981245°	21.4782036°
3	41.9983350°	21.4826307°
4	41.9970585°	21.4827927°



Слика I.3-3: Локација на инсталацијата ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ со непосредната околина

ПРИЛОГ II

ОПИС НА ТЕХНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

II.1. ДИСПОЗИЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ

II.2. ОПИС НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ ПОГОНИ

II.3. ПРОЦЕСНИ ДИЈАГРАМИ

II.4. МАГАЦИНСКО РАБОТЕЊЕ

II.5 СКИЦА НА КОЈА СЕ ОПФАТЕНИ ЛОКАЦИИТЕ КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ВРШИ ОДЛАГАЊЕТО НА СИТЕ ТИПОВИ ОТПАД НА ПРЕДМЕТНАТА ИНСТАЛАЦИЈА


II.6 ДОГОВОРИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНА МЕХАНИЗАЦИЈА СО ОВЛАСТЕН СЕРВИС / ДОГОВОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА РАЗЛАДНИ УРЕДИ

II.1. ДИСПОЗИЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ

1. Диспозиција на погоните кај инсталацијата на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

Друштво за производство, промет и услуги ВИВАКС ДОО увоз-извоз Скопје е инсталација која се занимава со производство, дистрибуција и продажба на природни овошни сокови, нектари овошни пијалоци и сирупи, преработка на овошје и зеленчук, производство на смути, кечап и доматни сосови, сите заедно до 281 t/ден.

Во рамките на инсталацијата постојат следните објекти прикажани на Слика бр. II.1-1.



ЛЕГЕНДА:
1.ЧУВАРА
2.СТАРА УПРАВНА ЗГРАДА
3.СТАРА ЛАБОРАТОРИЈА
4.КОТЛАРА
5.ПОДСТАНИЦА
6.АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРОИЗВОДСТВО ЛИНИЈА ПЕТ И ДОЈПАК
7.ГЛАВЕН МАГАЦИН СО ПРОИЗВОДСТВО ПП 1 ЛИТАР
7А. ПРОИЗВОДСТВО НА ПП 2 ЛИТРА
8.МАГАЦИН БУРИЊА
8А. МАГАЦИН
9.ПРОИЗВОДЕН ПОГОН СМУТИ СО КОМОРИ ЗА ЗАМРЗНУВАЊЕ
10.ПРОИЗВОДСТВО НА ОВОШЈЕ
11.КОМОРИ СО МАГАЦИН
12.МАГАЦИН
13.МАГАЦИН ЕПРУВЕТИ
14.ДРВЕНА БАРАКА
15.РАБОТИЛНИЦА
16.МАГАЦИН КАРТОНИ
17.ЛОКАЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД

Слика бр. II.1-1: Ситуација на објектите кои се користат за потребите на инсталацијата

II.2. ОПИС НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ ПОГОНИ

2.1 Погон за производство на сокови ПЕТ и ДП амбалажа, лаборатории и администрација

Погонот за производство на сокови ПЕТ и ДП амбалажа е сместен во приземниот дел на објект од цврста градба (Слики бр. II.1-2 и II.1-3).



Слики бр. II.1-2 и II.1-3: Погон за производство на сокови ПЕТ и ДП амбалажа, магацини, лаборатории и администрација


Во овие објекти се наоѓаат следните простории:
- хемиска и микробиолошка лабораторија, гардероби со тоалети, ресторан, просторија за ЦИП, компресорска станица;
- административни простории прв спрат;
- магацин за репроматеријал прв спрат;
- административни простории втор спрат;
- магацин за репроматеријали втор спрат.

Во приземниот дел на овој објект е сместена линијата за ПЕТ производи и линија за Д/П производи.

На следната Слика бр. II.1-4 прикажана е ситуација на основата на овој погон во кој е инсталирана опрема наведена во следнава легенда:

ЛЕГЕНДА:


1. Дувалка;
2. Полначка за PET;
3. Етикетирка;
4. Пакерка;
5. Пастер (ладно полнење);
6. Пастер (топло полнење);
7. Цистерна 10t - 04;
8. Цистерна 10t - 03;
9. Цистерна 05t - 02;
10. Цистерна 05t - 01;
11. Дупликатор;
12. Полначка за Дој Пак;
13. Палетизер.
14. Пакерка
15. Транспортен систем
16. Робот за збирно пакување
17. Палетизер



Слика бр. II.1-4: Основа на приземје на Погон за производство на сокови ПЕТ и ДП амбалажа, лаборатории и администрација

2.2 Погон за производство на сокови во Пјур Пак амбалажа 1л

На Слика бр. II.1-5 е прикажана ситуација на основата на Погонот за производство на сокови во Пјур Пак 1л со инсталираната линија и роботот за редење на палети .



Слика бр.II.1-5: Ситуација на основата на погонот за производство на сокови во Пјур Пак амбалажа 1л

2.3 Погон за производство на сокови во Пјур Пак амбалажа 2л

На Слика бр. II.1-6 е прикажана ситуација на основата на Погонот за производство на сокови во Пјур Пак 2л со инсталираната линија



Слика бр.II.1-6: Ситуација на основата на погонот за производство на сокови во Пјур Пак амбалажа 2л

Во продолжение дадена е Табела бр.II-1 со Листа на опрема во погоните за производство на сокови.

Табела бр. II.1-1: Листа на опрема во производните погони за производство на сокови

Ред. Број	Име на опрема	Сериски број	Година на производство
1.	ЦИП - станица Protohel PROCIP-2001-1	PT-VIVAX	2012
2.	Станица за обработка на вода Pentair (дехлорирање, колони, стер. филтер, UV стерилизација)	AO171-18101, AO169-1810, 1170403006, A1251-180809,A1972-180810	2018
3.	Резервоар (дупликатор) за подготовка на шеќерен сируп од 5000 л 20T01	PT-VIVAX T1	2012
4.	Резервоар за подготовка на сок од 5000 л 10T01	PT-VIVAX T4	2012

Ред. Број	Име на опрема	Сериски број	Година на производство
5.	Резервоар за подготовка на сок од 5000 л 10T02	PT-VIVAX T5	2012
6.	Резервоар за подготовка на сок од 10000 л 10T03	PT-VIVAX T2	2012
7.	Резервоар за подготовка на сок од 10000 л 10T04	PT-VIVAX T3	2012
8.	Пастеризатор и цевна арматура Petek Pet -10000-CO	06508-P	2008
9.	Деаератор Petek Pet Dea-8000	08314	2015
10.	Пастеризатор со цевна арматура IPROS INZINERING		2003
11.	Машина за полнење VOLPAK SP-220L2F	23621A	2012
12.	Машина за полнење Kosme BARIFIL HRS RFC	F02412-K967918	2021
13.	Велкорин пумпа Lanxess 13S	90095212	2012
14.	Машина за дување претформи Sipa SFL4	1528	2006
15.	Озонер Sterozon 150K	12604	2004
16.	Пумпа за течен азот Chart Inc. Ultra doser FS150	W-00812	2012
17.	Топлински изменувач во цип-станица Protohel M6	M6101	2012
18.	Машина за палетизирање Tosa 021	01187	2001
19.	Топлински изменувач Alfa Laval MS6-SR	30107-34103	2012
20.	Машина за полнење 1л Elopak U-S80 P/P	437	2004
21.	Машина за дотур на капачиња 1л Elopak CSES	28064	2004
22.	Апликатор за капаче 1л Elopak PPA-P330	22215	2010
23.	Апликатор за капаче 1л Elopak PPA-P330	22216	2010
24.	Апликатор за капаче 1л Elopak PPA-P330	22217	2010
25.	Транспортни ленти Polyketting PL	040591	2004
26.	Машина за збирно пакување П/П 1л Involvo PTF28PPI(SP)	2000-0069	2004
27.	Машина за палетизирање Filma FPT10/2012CP260CP240	13330	2015
28.	Принтер VIDEOJET 1220	1502357C213H	2014
29.	Принтер VIDEOJET 1220	1502358C213H	2014
30.	Принтер VIDEOJET 1220	1503583C213H	2014

Ред. Број	Име на опрема	Сериски број	Година на производство
31.	Пумпа за концентрат (голема) Gumel GBP-60BRS	1122	2015
32.	Пумпа за концентрат(мала) Gumel GBP -25RRS	972	2012
33.	Компресор за висок притисок Boge W22PREMIUM	620.0873.00	2012
34.	Компресор за притисок до 10bar Boge	5055520	2012
35.	Тунел за ладење Compconsult	1285	2021
36.	Разладувач Rhoss CY 00100272	RH00113890	2016
37.	Нова машина за пакување и редење пакети Smypack	MH351396	2022
38.	Линија Робот палетизер -ICM		2023
39.	Машина за етикетирање Goldmaster GM 12000	GM0607117	2015
40.	Пастеризатор Петек	19209-2	2010
41.	Полначка Елопак P-H27	60011	1996
42.	Транспортер Deman	080822-3	2022
43.	Тунел за ладење Petek TKO -2-2500-04	22	2006
44.	Чилер MTA SPA	2200415697	2024
45.	Транспортер Elektromosale	21	2021
46.	Пакер Involvo PTF 28 W	2002-0050	2002
47.	Транспортер трака Elektromosale	022	2021
48.	Транспортер Polliketting	201822	2020

Опис на технолошкиот процес за производство на сокови, нектари и пијалаци

Технологијата претставува процес на топло полнење, со пастеризација без конзерванси за сокови во П/П 2л и Д/П амбалажа, ладно понење за сокови и ледени чаеви во ПЕТ амбалажа и асептично полнење на сокови, нектари, пијалоци и ледени чаеви во П/П 1л амбалажа.

Процесот на производство се состои од пет фази:

1. Подготовка на сок во согласност со утврдени процедури и рецептури;
2. Пастеризација;
3. Топло полнење на сокот;
4. Ладење на сокот (за сокови во Пјур-Пак П/П 2л и Дој-Пак Д/П амбалажа);
5. Пакување на сокот во збирна амбалажа.

Влезни сировини во производството се: шеќер, лимонска киселина, концентрирани овошни сокови и фрутамикс (боровница, ананас, јаболко, киви, портокал, црвен портокал, тропски овошја, лимон, грејпфрут, папаја, гуава, пире од праска, пире од кајсија, пире од домати и др.), витамини, чај екстракт, ароми, емулзии, конзерванси, згуснувачи и др.

Потеклото на концентратите овошни сокови и пиреа се од Бразил, Аргентина, Македонија, Италија. Амбалажата се набавува од: Германија, Данска, Шпанија, Србија.

Производството се одвива во следните фази:

I ФАЗА: ПОДГОТОВКА НА ПРОИЗВОДСТВО

Подготовката на сокот се врши по процедура за подготовка на сок и по одредена рецептура. Во точно определени садови се подготвува сирупот од шеќер, лимонска киселина и вода (и згуснувачи и конзерванси), каде со помош на мешалка се мешаат сировините. Откако ќе се добие сирупот се додава и витамин Ц.

Концентрираните овошни сокови и пиреа се спакувани во 200 литарски буриња. Тие се асептични или замрзнати, во зависност од видот на овошјето. Спакувани се во полиетиленска - алуминиумска фолија (асептични) или пак во двојно полиетиленски фолии (замрзнат).

Со помош на пумпа (полжеста) се префрла концентрираниот овошен сок или пире или другите компоненти во корекционен казан каде што веќе е префрлен сирупот и се додава вода до потребната количина на шаржата. На добро измешаниот сок се мери сувата материја и киселост. Вака подготвениот сок е спремен за пастеризација.

II ФАЗА: ПАСТЕРИЗАЦИЈА

Сокот преку филтер и пумпа се упатува кон плочасти изменувач (IPROS, PETEK) и преку балансно лонче и пумпа оди на пастеризација на температура од 90-96 ˚С во времетраење од 30 секунди. Плочестите изменувачи се автоматизирани така што преку рециркулација на сокот и одредени автоматски заштити не може да дојде до грешка во пастеризација.
Сокот од пастеризаторот излегува со температура од 82-85 ˚С (Пјур-Пак 2л и Дој-Пак амбалажа), со температура од 15 ˚С за ПЕТ амбалажа и со температура од 22 ˚С кај П/П 1л амбалажа.

III ФАЗА: ПОЛНЕЊЕ

Полнење на сокот се одвива на температура од 82-85 ˚С за Пјур-Пак 2л и Дој-Пак амбалажа, со температура од 15 ˚С за ПЕТ амбалажа, а со температура од 22 ˚С кај П/П 1л амбалажа. Целата постапка се одвива во затворен процес (од подготовка до полнење). Машини за полнење се: ELOPACK (1л Пјур-Пак), ELOPACK (2л Пјур-Пак), VOLPAK (Дој-Пак 200мл.), SYMPACK (1,5л и 0,5л ПЕТ амбалажа).

Пјур-Пак амбалажата од 1л и 2л доаѓа спакувана во картонски кутии при што дното и врвот на кесите се формираат во самите машини, додека фолијата за Дој-Пак кеси доаѓа во форма на ролни при што во самата машина автоматски се формираат кесите, се става цевката, се полни сокот и се затвара врвот на кесата.

Сите три машини се автоматизирани и имаат своја заштита при било која промена на зададена температура. ПЕТ амбалажата доаѓа во форма на епрувети и истите се дуваат со дувалка и одат на машината за полнење и затворање.

IV ФАЗА: ЛАДЕЊЕ НА СОКОТ (се однесува само на овошни сокови во Пјур-Пак П/П 2л и Дој-Пак амбалажа)

Ладење на сокот се одвива во тунелски ладилници со помош на студена вода со температура од 15 ˚C, за време од 35 минути.

Топло спакуваниот сок преку транспортни ленти за време од 3 минути оди во ладилник на ладење каде со помош на ладна вода која прска преку тушеви, го лади сокот и за време од 35 минути спакуваниот сок излегува со температура под 30 ˚C.

V ФАЗА: ПАКУВАЊЕ ВО ЗБИРНА АМБАЛАЖА И РЕДЕЊЕ НА ПАЛЕТА СО РОБОТ

Наполнетиот (и оладен сок во П/П 1л; ПЕТ 1,5л; ПЕТ 0,5л амбалажа) сок во примарната амбалажа се пакува во збирна секундарна амбалажа:

- П/П 1л - 12 парчиња/картонска кутија;
- ПЕТ 1,5л - 6 парчиња/термофолија;
- ПЕТ 0,5л - 12 парчиња/термофолија.

После спакуваните збирни пакети се редат на палети со помош на Робот палетизер Fanuc. Роботот ги реди по редослед и начин како е програмиран, така што после комплетирањето односно редењето на секоја палета се означуваат со SCC код, се палетизираат и се складираат во магацините за готов производ.

По завршувањето на производството на сок на било која машина се пристапува кон миење на целата технолошка линија. За подготовка на растворите за миење и за плакнење на линијата со чиста вода постои посебна ЦИП станица. Миењето се врши врз основа на точно утврдени процедури.


- НАПОМЕНА: кога работи линијата за производство на сокови во П/П 1л амбалажа (машина за полнење ELOPAK U-S80), не може да работи линијата за производство на сокови во пет амбалажа (машина за полнење SYMPAK MASTER 24/24/6-6) затоа што се поврзани на ист пастеризатор, а воедно и делот за подготовка не е димензиониран за работа на овие две линии во исто време.

На следните слики (Слики од бр. II.1-7 до бр. II.1-13) дадена е дел од опремата која се користи во погоните за производство на сокови.





Слики од бр. II.1-7 до бр. II.1-8: Дел од опремата која се користи во погоните за производство на сокови






Слики од бр. II.1-9 до бр. II.1-13: Дел од опремата која се користи во погоните за производство на сокови

2.4 Погон за преработка на овошје


Во погонот за преработка на овошје се врши преработка на овошјето до овошна каша.

На Слика бр. II.1-14 е прикажана ситуација на основата на овој погон со инсталираната линија за преработка на овошје.



Слика бр. II.1-14: Ситуација на основата на погонот за преработка на овошје

На Слика бр. II.1-15 дадена е скица на линијата за преработка на овошје со нејзините составни делови.



POS.	DENOMINATION	Q.ty
B2	ISPARIVAČ SA DUPLIM EFEKTOM SA DVE FAZE FORSIRANE CIRKULACIJE MOD. BEF 2-2/15	1
B1	REZERVOAR ZA SAKUPLJANJE PIREA	1
B	**GRUPA ZA KONCENTROVANJE PIREA OD VOĆA**	
A16	ELEKTRIČNA TABLA ZA KONTROLU I KOMANDE	1
A15	SET CEVI ZA PROIZVOD, VENTILI I PUMPE ZA PONOVNO KRUŽENJE TEČNOSTI ZA PRANJE C.I.P. (*)	1
A14.5	STUBNA DIZALICA	1
A14.4	ŠTAMPAČ SA TERMIČKIM PRENOSOM (*)	1
A14.3	UREĐAJ ZA AUTOMATSKO PODIZANJE BURADI (*)	1
A14.2	UREĐAJ ZA RUČNO PUNJENJE ASEPTIČNIH VREĆA DO 220 LIT ARA U BURADIMA	1
A14.1	ASEPTIČNI TANK ZA POLIMONIZACIJU	1
A14	ASEPTIČNI PUNJAČ SA JEDNOM FIKSNOM GLAVOM MOD. USA 154	1
A13.1	KIT ZA PRANJE CIP U KONTRASTRUJI ZA STERILIZATOR MOD. PE 1305/30 PN 80	1
A13	STERILIZATOR HLADNJAK SA KOAKSIJALNIM CEVIMA MOD. PE 1305/30 PN 80	1
A12	DEGASATOR MOD. TEC 1105	1
A11.3	GRUPA FILTERA SA SIGURNOSNIM BELEJOM ZA PRITISAK (*)	1
A11.2	KABINA SA [illegible] ZA GRUPU ZA EKSTRAKCIJU	1
A11.1	MONOVALČNA ELAKTRO PUMPA ZA PREMEŠTANJE PROIZVODA	1
A11	GRUPA ZA EKSTRAKCIJU PIREA MOD. PR40-2/22	1
A10	BRZI GREJAČ SA HORIZONTALNIM SNOPOM CEVI MOD. H54FO/30	1
A9	JEDINICA ZA KOREKCIJU pH	1
A8	NOSEĆI OKVIR I ZA INSPEKCIJU	1
A7	DROBILICA SA ČEKIĆIMA MOD. PR47T/4	1
A6.2	KABINA ZA UTI ŠAVANJE ZVUKA ZA NAGNUTU PASIRKU	1
A6.1	PUMPA SA MEMBRAN OM	1
A6	ČISTAČ KOŠTICA MOD. PR42/3	1
5.2	DODATNI VALJAK OD GUME (*)	1
5.1	DODATNA OPREMA ZA ŠLJIVE I TREŠNJE (*)	1
A5	MAŠINA ZA VAĐENJE KOŠTICA SA VALJCIMA MOD. PR46N/55	1
A4	ELEVATOR SA LABU BM VRATOM MOD. EL22C/5	1
A3	TRAKA ZA KONTROLU SA PLATNOM OD INTRALOX MOD. N17 I/6-3	1
A2.1	FILTER S A BUBNJEM MOD. F60/5	1
A2	MAŠINA ZA PRANJE BARBOTER ZA PRIJEM I DOZIRANJE U LINIJI MOD. L4/6-30	1
A1	TRAKA ZA NAPAJANJE ZA VOĆE IZ GAJBICA MOD. N11/3	1

(*) = Nije na značeno na crte ži u

Слика бр. II.1-15: Скица на линијата за преработка на овошје со нејзините составни делови

Во продолжение дадена е листа на опрема во погонот за преработка на овошје.

Табела бр. II.1-2: Листа на опрема во погонот за преработка на овошје

Ред. Број	Име на опрема	Сериски број	Година на производство
1.	Разладувач Rhoss WKE 1100317	RH00095422	2016
2.	Ладилна кула	AT-14-94	2016
3.	Компресор Boge C7LDR-500	5099010	2016
4.	Резервоар за кондензат 09-R-822	0675	2016
5.	Када за прием и миење L4/8-30	A066	2016
6.	Инспекциска лента N171/8-3	A068	2016
7.	Елеватор EL22C/5	A070	2016
8.	Ротатива PR46N/70	A071	2016
9.	Машина за фино чистење семки PR42/3	A073	2016
10.	Млин PR47T/4	A072	2016
11.	Бланшер H54FO/50	A074	2016
12.	Пасирки PR40-2/30	A075	2016
13.	Деаератор TEC110/5	A076	2016
14.	Резервоар со дозирна пумпа за витамин С 13810	AM43	2016
15.	Збирен резервоар од 3000л 14645	A078	2016
16.	Хомогенизатор FBF4015/P	16063804	2016
17.	Стерилизатор PE130S/35PN80	A077	2016
18.	Асептичен полнач со две глави USA155	A079	2016
19.	Кран за буриња	A079/D	2016
20.	Цип станица PROCIP 1000-I	16-600-000033	2016
21.	Концентратор (Евапоратор) 2D 3500/F	3295	2018
22.	Збирен резервоар од 12000л BI-04-P.N.M.	8927	2018
23	Дефростратор	1680	2024

❖ ***Опис на технолошкиот процес за преработка на овошје***

Технолошкиот процес за преработка на овошјето до овошна каша е процес на асептично полнење на претходно стерилизирана овошна каша без додаток на конзерванси.

Технолошкиот процес се одвива во тринаесет фази:

1. Квалитативен и квантитативен прием и складирање на овошјето;
2. Миење на овошјето;
3. Инспекција на овошјето;
4. Одвојување на семките од плодот на овошјето;
5. Мелење на овошјето;
6. Бланширање на овошната каша;
7. Пасирање на овошната каша;
8. Деаерација на овошната каша;
9. Концентрирање на овошната каша
10. Стерилизација на овошната каша;
11. Асептично полнење на овошната каша;
12. Етикетирање и означување;
13. Палетизирање и складирање.

Фазите од производниот процес кај делот за преработка на овошје со детален опис се следните:

I ФАЗА: Квалитативен и квантитативен прием и складирање на овошјето

По пристигање на овошјето истото се мери на вага и се зема примерок од две до три места од транспортното возило за да се провери неговиот квалитет. Потоа овошјето се растовара и во зависност од тоа дали е во вреќи или боксови се реди на палети (ако е во вреќи) или боксовите директно се растовараат со виљушкар. Палетите со вреќи или боксовите се принесуваат до кадата за миење на овошјето. Останата количина се складира на суво место или по потреба во комори на одржување (5-7 ˚C).

II ФАЗА: Миење на овошјето

Овошјето од вреќите или од боксовите се истура во када за миење каде што под дејство на силен млаз вода и барботирање со воздух се отстранува најголемиот дел од нечистотијата од површината на овошјето како и гранчиња, лисја и други примеси, а воедно и поголемиот дел од присутната микрофлора на површината на овошјето. По излез од кадата, овошјето уште еднаш се плакне со силен млаз вода со помош на тушеви. За миење на овошјето се користи микробиолошки и хемиски исправна вода.

III ФАЗА: Инспекција на овошјето

Инспекцијата на овошјето се одвива на инспекциона лента од страна на одреден број вработени кој зависи од квалитетот на овошјето. Тука се отстрануваат сите неквалитетни плодови (недобро измиени, гнили, презреани, недозреани, механички оштетни плодови како и други примеси, лисја, гранчиња и слично) за да се добие што е можно поквалитетна овошна каша.

IV ФАЗА: Одвојување на семките од плодот на овошјето

После инспекцијата, здравите и квалитетните плодови преку елеватор се уфрлуваат во машината за откостување - ротатива кога се работи за овошје со семки: праска, кајсија, слива, вишна, цреша, (а кога се работи за овошје со мали семки или без семки од типот јаболко, круша, малина, капина, јагода истото директно, по инспекција, оди на мелење), која што ги вади семките од овошјето, при што, на една страна се двои плодот без семки, а на друга страна се двојат семките, од кои потоа, дополнително се отстранува заостанатиот овошен плод и се соединува со претходно исчистениот плод, а семките се собираат во буриња или други садови и се вадат надвор од погонот.

V ФАЗА: Мелење на овошјето

Откостените плодови од овошјето (праска, кајсија, слива, вишна, цреша) како и плодовите од овошјето со мали семки или без семки (јаболко, круша, малина, капина, јагода) паѓаат во млинот каде што истите се мелат. По потреба, во млинот може да се пушти и малку пареа за да се олесни мелењето и да се спречи оксидацијата на овошјето. Сомелената овошје се собира во резервоар каде што му се вбризгува одредена количина аскорбинска киселина за да се спречи негова оксидација, односно да се зачува природната карактеристична боја на истото.

VI ФАЗА: Бланширање на сомелена овошна каша

Од собирниот резервоар, сомелената овошје се префрла во цевест топлински изменувач каде што термички се третира на температура од 65-75 ˚C (се бланшира) во зависност од овошјето, со цел инактивација на ензимите, за да се олесни пасирањето и да се зголеми приносот, уништување на дел од присутните микроорганизми и поефикасен процес на деаерација. Топлинскиот изменувач е целосно автоматизиран, така што, процесот се извршува само према зададените параметри.

VII ФАЗА: Пасирање на сомелена овошна каша

Пасирањето на бланшираната сомелена каша се одвива во две турбо пасирки кои имаат сита со различни димензии на отворите. Првото, грубо сито е со отвори од 1,2 mm и тука се отстрануваат лушпата, семките, дршките и другите примеси, а второто, фино сито е со отвори од 0,5 mm, кое служи за добивање на каша со многу фина структура и конзистенција, затоа што ги отстранува сите примеси од овошјето поголеми од 0,5 mm.

VIII ФАЗА: Деаерација на пасирана овошна каша

Испасираната овошна каша преку пумпа се префрла во деаератор каде што се врши деаерација на истата, за да се отстрани воздухот од истата што овозможува континуиран проток (заробен воздух што може негативно да влијае врз протокот), елиминација на појава на пенење (полнење без проблеми), како и значително намалување на оксидацијата на кашата и развој на аеробни микроорганизми. Деаерацијата се одвива при температура од 55-60 ˚C и вакуум од 0,7 bar.

IX ФАЗА: Концентрирање на пасирана овошна каша

Деаерираната овошна каша оди во збирен резервоар од 12000 литри, а потоа се префрла во двостепен концентратор каде што се врши концентрирање на истата под вакуум од 0.9 bar и температура во првиот степен од 40 – 45 °C, а 55 – 60 °C во вториот степен. При ваков режим на концентрирање се добива исклучително квалитетен производ. Концентрирањето се врши до 30 – 32 Bx. Целиот процес на концентрирање е автоматизиран.

X ФАЗА: Стерилизација на овошна каша

Деаерираната овошна каша оди во збирен резервоар, потоа на хомогенизација (за да се постигне колку што е можно похомогена смеса), а потоа на стерилизација. Стерилизацијата се одвива во цевест стерилизатор при што самиот процес има пет фази и тоа, предгревање на овошната каша, до температура од 115 ˚C, загревање на овошната каша, до температура од 125 ˚C (температура на стерилизација), задржување на температурата на стерилизација 82 секунди, примарно ладење, до темпееатура од 40-45 ˚C и секундарно ладење, до температура на полнење од 25-30 ˚C.

Целиот процес на стерилизација е затворен и се одвива во асептични услови, со комплетна автоматска регулација, така што, исклучена е секоја веројатност да се добие нестерилизиран, односно небезбеден производ.

XI ФАЗА: Полнење на овошна каша

Стерилизираната, па оладена овошна каша, се полни на асептичен полнач со две глави, во асептична амбалажа од 200 kg.

Асептичната амбалажа се става во метални буриња со капаци за да се заштити од физички оштетувања.

Полнењето се одвива во асептични услови при температура од 25-30 ˚C. Полначот е целосно автоматизиран така што, исклучена е секоја веројатност за добивање нестерилен, односно небезбеден производ.

XII ФАЗА: Етикетирање, означување

Етикетирањето се одвива со помош на термален принтер кој принта етикета на која се дадени сите потребни податоци за производот како што се: вид на производ, лот број, дата на производство, рок на употреба и др. Како што се полни секое буре со каша, така последователно излегува соодветната етикета, која се лепи на видливата страна од бурето.

XIII ФАЗА: Палетизирање и складирање на готов производ

Наполнетите буриња со овошна каша се редат по четири на палета, истата се обвиткува со стреч фолија и се складира во магацини на темно и суво место, на температура од 15-20 ˚C.


По завршување на секој циклус од производството, целокупната линија се пере и дезинфицира, при што некои делови од опремата се перат и дезинфицираат рачно, додека други делови од опремата, се перат и дезинфицираат со специјално наменет ЦИП-систем.

Во кругот на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ се изградени асфалтирани приодни патеки, паркинг простор и плато за маневар на возилата за истовар на суровини и утовар на готови производи. Преостаната површина во кругот на објектот е хортикултурно уредена и засадена со трева и украсни растенија.
Надвор од објектот се наоѓаат уредно складирани буриња - повратна амбалажа за овошната пулпа која служи како суровина за производство на одреден тип сокови.

2.5. Нов погон за подготовка, пастеризација, топло полнење, ладење и пакување (смути, кечап и доматни сосови), погон Смути

Во 2023 година, ВИВАКС ДОО Скопје почнува со инсталација на линија за производство на смути,доматно сосови и кечап во флексибилна амбалажа со капаче каде што првото пробно производство е направено декември 2023 година.

На Слика бр. II.1-16 прикажана е основата од погон за подготовка, пастеризација, топло полнење, ладење и пакување (смути, кечап и доматни сосови



Слика бр. II.1-16: Погон за подготовка, пастеризација, топло полнење, ладење и пакување (смути, кечап и доматни сосови)

Во Табела бр.II-1-3 е дадена Листата на опрема во погонот за подготовка, пастеризација, топло полнење, ладење и пакување (смути, кечап и доматни сосови)

Табела бр.II-1-3: Листа на опрема во погонот за подготовка, пастеризација, топло полнење, ладење и пакување (смути, кечап и доматни сосови)

Ред. Број	Име на опрема	Сериски број	Година на производство
1.	Резервоар Дупликатор 200о л Росфреи	17/2023	2023
2.	Резервоар 3500 л Росфреи	07/2000	2000
3.	Резервоар 3500 л Росфреи	08/200	2000
4.	Елеватор за шеќер Росфреи	18/2023	2023
5.	Сад за скроб		
6.	Цеваст пастеризатор Протехел	23-6 ПО-000197	2023
7.	Хомогенизатор FBF4015	20104841	2023
8.	Полнач Volpak SI280F2	02104E1007	2022
9.	Апликатор за сламки	232	2023
10.	Тунел за ладење Петек	0141297	1998
11.	Чилер Daikin со бафер танк и изменувач на топлина		
12.	Омекнувач	1221109886	2022
13.	Омекнувач	1221109892	2022
14.	Омекнувач	1121110062	2022
15.	Компресор Боге SF100-3	5186626	2024
16.	Сушач Боге	401130290001	2021
17.	Резервоар за воздух	2300221047	2023
18.	Компресор Реннер	3056	2000
19.	Сушач MTA	2200128901	2008
20	Резервоар 8000 л Ростфреи	40/2024	2024
21	Разладна комора 1 (-18 ˚C)	10229002768	2023
22	Разладна комора 2 (-18 ˚C)	10229002765	2023
23	Разладна комора 3 (-18 ˚C)	10229002766	2023
24	Разладна комора 4 (-18 ˚C)	10229002767	2023
25	Тунел за замрзнување (-20 ˚C)	102229004346	2023

А. Краток опис на технолошкиот процес за производство на смути

Процесот на производство се одвива во пет фази:
1. Подготовка на производот согласно утврдена рецептура
2. Пастеризација и хомогенизација
3. Полнење
4. Ладење во тунел (се однесува на производи во Д/П 0.18 л,
5. Пакување на производите во збирна амбалажа

Влезни суровини во производтството се: овошни концентрати од повеќе видови овошје и зеленчук, овошни пиреа од јаболко, праска, киви, , аскорбинска киселина, и др.

Потеклото на овошните концентрати е од Бразил, Грција, Германија, Македонија, од реномирани светски производители со проверен квалитет.

Амбалажата се набавува од Германија, Шпанија, Македонија.

Процесот на производство се одвива во следниве фази:

I ФАЗА – Подготовка на производство

Подготовката на производот се врши согласно процедурата за подготовка на производство. По утврдена рецептура, директно во корекциониот казан се става водата, овошните концентрати и аскорбинската киселина. По завршување на припремата напроизводот, се мери % на сува материја, % на киселина и се контролираат органолептичките својства. Ако е потребно се прави корекција. Вака подготвениот производ е спремен за пастеризација.

II ФАЗА – Пастеризација и хомогенизација

Провереният производ по однос на % сува материја, % киселина и органолептички својства од корекциониот казан, со помош на пумпа оди на пастеризација и хомогенизација (за да се постигне колку што е можно похомогена смеса) во цевест пастеризатор Протохел. Пастеризацијата се овива на температура од 96 ^{0}C за време од 40 – 50 секунди. Хомогенизацијата се одвива на 50-60 bar. Пастеризаторите имаат автоматска регулација на температурата на пастеризација и на температурата на излез од пастеризаторот со што е обезбедена рамномерна температура и заштита од несоодветна пастеризација или подладување.Сите производи во оваа амбалажа од пастеризаторот Протохел излегуваат со температура од 90 ^{o}C и се полнат топли.

III ФАЗА – Полнење

Во технолошкиот процес има топло полнење, каде што производите се полнат на температура од 85 ^{0}C. Целиот процес на полнење е автоматизиран и затворен процес, при што машината за полнење Волпак амбалажа сама си ја формира амбалажата полни и ја затвара кесата и става капаче. Машината за полнење е високо автоматизирана со што се обезбедува константна температура на полнење и константно дозирање, како и заштита во однос на несоодветна температура на полнење.

IV ФАЗА – Ладење во тунел

Ладењето на производите се одвива во тунел за ладење со помош на ладна вода од 15 ^{0}C за време од 35 минути. Топло наполнетиот производод машината за полнење преку транспортна лента за време од минимум три минути се пренесува во автоматизиран тунел за ладење, каде што со ладна вода која го се распрскува преку тушеви го лади сокот до температура од минимум 30 ^{0}C за време од максимум 35 минути. Тунелот за ладење е високо автоматизиран со што се обезбедува потребното ладење како и континуирано движење на сокот низ него.

V ФАЗА – Пакување во збирна амбалажа

Наполнетиот (и оладен производ во Д/П 0.18L, во примарната амбалажа се пакува во збирна секундарна амбалажа:
-

Збирните пакети се редат на палети при што секоја палета се означува со SSCC код, се палетизираат и се складираат во магацините за готов производ.

По завршување на секој циклус производство процесната опрема се пере екстерно со пеномат и средство како и со високо автоматризиран CIP систем, при што перењето одвива со алкално средство, кисело средство и средство за дезинфекција, согласно процедурата за хигиена и чистење.

Б. Краток опис на технолошкиот процес за производство на доматни сосови

Процесот на производство се одвива во пет фази:
1. Подготовка на производот согласно утврдена рецептура
2. Пастеризација и хомогенизација
3. Полнење
4. Ладење во тунел (се однесува на производи во ДП 0,32 Л)
5. Пакување на производите во збирна амбалажа

Влезни суровини во производството се: доматно пире, сол, ароми, и др.

Потеклото на доматното пире е од Македонија, а останатите суровини се од реномирани светски производители со проверен квалитет со потекло од Германија, Грција, Австрија.

Амбалажата се набавува од Германија, Шпанија, Македонија,

Процесот на производство се одвива во следниве фази:

I ФАЗА – Подготовка на производство

Подготовката на производот се врши согласно процедурата за подготовка на производство. По утврдена рецептура, директно во корекциониот казан се става водата, доматното пире и останатите суровини. По завршување на припремата на сосот, на истиот се мери % на сува материја, % на киселина и се контролираат органолептичките својства. Ако е потребно се прави корекција. Вака подготвениот производ е спремен за пастеризација.

II ФАЗА – Пастеризација и хомогенизација

Провереният производ по однос на % сува материја, % киселина и органолептички својства од корекциониот казан, со помош на пумпа оди на пастеризација и хомогенизација (за да се постигне колку што е можно похомогена смеса) во цевест пастеризатор Протохел. Пастеризацијата се овива на температура од 96 ^{0}C за време од 40 – 50 секунди. Хомогенизацијата се одвива на 20-30 bar. Пастеризаторите имаат автоматска регулација на температурата на пастеризација и на температурата на излез од пастеризаторот со што е обезбедена рамномерна температура и заштита од несоодветна пастеризација или подладување. Сите производи во оваа амбалажа од пастеризаторот Протохел излегуваат со температура од 90 ^{o}C и се полнат топли.

III ФАЗА – Полнење

Во технолошкиот процес има топло полнење, каде што производите се полнат на температура од 85 ^{0}C. Целиот процес на полнење е автоматизиран и затворен процес, при што машината за полнење Волпак амбалажа сама си ја формира амбалажата полни и ја затвара кесата и става капаче.Машината за полнење е високо автоматизирана со што се обезбедува константна температура на полнење и константно дозирање, како и заштита во однос на несоодветна температура на полнење.

IV ФАЗА – Ладење во тунел

Ладењето на производите се одвива во тунел за ладење со помош на ладна вода од 15 ^{0}C за време од 35 минути. Топло наполнетиот сок од машината за полнење преку транспортна лента за време од минимум три минути се пренесува во автоматизиран тунел за ладење, каде што со ладна вода која го се распрскува преку тушеви го лади сокот до температура од минимум 30 ^{0}C за време од максимум 35 минути. Тунелот за ладење е високо автоматизиран со што се обезбедува потребното ладење како и континуирано движење на сокот низ него.

V ФАЗА – Пакување во збирна амбалажа

Наполнетиот (и оладен производ во ДП 0,32L) во примарната амбалажа се пакува во збирна секундарна амбалажа:
- Д/П доматен сос 0.32L – 8 или 12 парчиња/картонска кутија

Збирните пакети се редат на палети при што секоја палета се означува со SSCC код, се палетизираат и се складираат во магацините за готов производ.

По завршување на секој циклус производство процесната опрема се пере екстерно со пеномат и средство како и со високо автоматризиран CIP систем, при што перењето одвива со алкално средство, кисело средство и средство за дезинфекција, согласно процедурата за хигииена и чистење.

В.Краток опис на технолошкиот процес за производство на кечап

Процесот на производство се одвива во пет фази:
1. Подготовка на производот согласно утврдена рецептура
2. Пастеризација
3. Полнење
4. Ладење во тунел (се однесува на производи во ДП 0,34 Л)
5. Пакување на производите во збирна амбалажа

Влезни суровини во производтството се: шеќер, сол, доматно пире, ароми, стабилизатори и др.

Потеклото на доматното пире е од Македонија, а останатите суровини се од реномирани светски производители со проверен квалитет со потекло од Германија, Грција, Австрија.

Амбалажата се набавува од Германија, Шпанија, Македонија,

Процесот на производство се одвива во следниве фази:

I ФАЗА – Подготовка на производство

Подготовката на прозиводот се врши согласно процедурата за подготовка на производство. По утврдена рецептура, во дупликатор се додава вода и се загрева на 40 °C. Потоа се додава шеќер и останатите суровини и (без стабилизатор) и се остава добро да измеша. Откако ќе се измешаат се загрева до 60 °C и се додава стабилизаторот. Се мери % на сува материја, % на киселина и се контролираат органолептичките својства. Ако е потребно се прави корекција. Потоа се загрева смесата до 90 °C и се префрла во корекционен резервоар. Вака подготвениот производ е спремен за пастеризација.

II ФАЗА – Пастеризација

Провереният производ по однос на % сува материја, % киселина и органолептички својства од корекциониот казан, со помош на пумпа оди на пастеризација во цевест пастеризатор Протохел. Пастеризацијата се овива на температура од 96 ^{0}C за време од 40 – 50 секунди. Пастеризаторите имаат автоматска регулација на температурата на пастеризација и на температурата на излез од пастеризаторот со што е обезбедена рамномерна температура и заштита од несоодветна пастеризација или подладување. Сите производи во оваа амбалажа од пастеризаторот Протохел излегува со температура од 90 °C и се полнат топли.

III ФАЗА – Полнење

Во технолошкиот процес има топло полнење, каде што производите се полнат на температура од 85 ^{0}C. Целиот процес на полнење е автоматизиран и затворен процес, при што машината за полнење Волпак амбалажа сама си ја формира амбалажата полни и ја затвара кесата и става капаче. Машината за полнење е високо автоматизирана со што се обезбедува константна температура на полнење и константно дозирање, како и заштита во однос на несоодветна температура на полнење.

IV ФАЗА – Ладење во тунел

Ладењето на производите се одвива во тунел за ладење со помош на ладна вода од 15 ^{0}C за време од 35 минути. Топло наполнетиот сок од машината за полнење преку транспортна лента за време од минимум три минути се пренесува во автоматизиран тунел за ладење, каде што со ладна вода која го се распрскува преку тушеви го лади сокот до температура од минимум 30 ^{0}C за време од максимум 35 минути. Тунелот за ладење е високо автоматизиран со што се обезбедува потребното ладење како и континуирано движење на сокот низ него.

V ФАЗА – Пакување во збирна амбалажа

Наполнетиот (и оладен производ во ДП 0,34L) во примарната амбалажа се пакува во збирна секундарна амбалажа: Д/П кечап 0.34L – 8 или 12 парчиња/картонска кутија

Збирните пакети се редат на палети при што секоја палета се означува со SSCC код, се палетизираат и се складираат во магацините за готов производ.

По завршување на секој циклус производство процесната опрема се пере екстерно со пеномат и средство како и со високо автоматризиран CIP систем, при што перењето одвива со алкално средство, кисело средство и средство за дезинфекција, согласно процедурата за хигииена и чистење.

На следните слики (Слики од бр. II.1-17 до бр. II.1-20) дадена е дел од опремата која се користи во новиот објект за производство на смути, кечапи и сосови.



Слики од бр. II.1-17 до бр. II.1-20: Дел од опремата која се користи во новиот објект за производство на смути , кечапи и сосови

Новиот објект е поделен на следните простории:

- Комори за ладење на овошје и зеленчук што се користат како суровини;
- Простории со машини (производен погон);

- Гардеробери и тоалети за вработените;
- Магацин за готови производи.


Производите кои се генерираат во новиот објект се следни:

- Смути;
- Доматни сосови;
- Кечап.

II.3. ПРОЦЕСНИ ДИЈАГРАМИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕ ОД СИТЕ ПРОИЗВОДНИ ПОГОНИ

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА СОКОВИ ДОЈ ПАК 100 %


ВИ-ПД-СБХ-02
ДАТА 08.05.2025
РЕВИЗИЈА 2



Забелешка :Суровините се користат според описот на производи.Процесниот дијаграм е во согласност со процедурата ВИ-ПР-ПРДПК-01.Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ-ПР-ХЧ-01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА НЕКТАРИ, ПИЈАЛОЦИ И ЛЕДЕН ЧАЈ ДОЈ ПАК


ВИ-ПД-СБХ-02
ДАТА 08.05.2025
РЕВИЗИЈА 2



Забелешка :Суровините се користат според описот на производи.Процесниот дијаграм е во согласност со процедурата ВИ-ПР-ПРДПК-01.Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ-ПР-ХЧ-01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА ДОМАТЕН СОС


ВИ-ПД-СБХ-02
ДАТА 08.05.2025
РЕВИЗИЈА 2



Забелешка :Суровините се користат според описот на производи.Процесниот дијаграм е во согласност со процедурата ВИ-ПР-ПРДПК-01.Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ-ПР-ХЧ-01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА КЕЧАП


ВИ-ПД-СБХ-02
ДАТА 08.05.2025
РЕВИЗИЈА 1



Забелешка :Суровините се користат според описот на производи.Процесниот дијаграм е во согласност со процедурата ВИ-ПР-ПРДПК-01.Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ-ПР-ХЧ-01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА СМУТИ


ВИ-ПД-СБХ-02
ДАТА 08.05.2025
РЕВИЗИЈА 2



Забелешка :Суровините се користат според описот на производи.Процесниот дијаграм е во согласност со процедурата ВИ-ПР-ПРДПК-01.Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ-ПР-ХЧ-01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ НА ПИЈАЛОЦИ ВО *PET* АМБАЛАЖА


ВИ-ПД-СБХ-01
Страна: 1 од 1
Дата: 05.05.2025
Ревизија: 2



Забелешка: Суровините се користат според Описот на производи.
Процесниот дијаграм за производство е во согласност со процедурата ВИ ПР ПР 01.
Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ ПР ХЧ 01.

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА НЕКТАРИ


ВИ - ПД - СБХ - 03
Страна: 1 од 1
Дата: 15.04.2021
Бр. на ревизија: 05



Забелешка: Суровините се користат според Описот на производи.
Процесниот дијаграм за производство е во согласност со процедурата ВИ ПР ПР 01
Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ ПР ХЧ 01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА 100% СОКОВИ


ВИ - ПД - СБХ - 01
Дата: 15.04.2021
Бр. на ревизија: 05



Забелешка: Суровините се користат според Описот на производи.
Процесниот дијаграм за производство е во согласност со процедурата ВИ ПР ПР 01
Дијаграмот за ЦИП чистење е во согласност со процедурата за чистење ВИ ПР ХЧ 01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЕДИНЕЧНА КАША


ВИ - ПД - СБХ - 05
Страна: 1 од 1
Дата: 06.05.2025
Бр. на ревизија: 3



Забелешка: Процесниот дијаграм за производство е во согласност со процедурата ВК - ПР - ПР -01, а дијаграмот за ЦИП чистење во согласност со процедурата за чистење ВК - ПР - Х4 -01

ПРОЦЕС ДИЈАГРАМ ЗА ПРЕРАБОТКА НА КОНЦЕНТРИРАНО ПИРЕ

ВИ - ПД - СБХ - 05
Страна: 1 од 1
Дата: 06.05.2025
Бр. на ревизија: 3



Забелешка: Процесниот дијаграм за производство е во согласност со процедурата ВК - ПР - ПР -01, а дијаграмот за ЦИП чистење во согласност со процедурата за чистење ВК - ПР - Х4 -01

II.4. МАГАЦИНСКО РАБОТЕЊЕ

Приемот, складирањето на суровините и репроматеријалите, складирањето на меѓупроизводите, како и готовиот производ се врши во следните простори:

- камионска вага;
- отворено плато;
- магацин за репроматеријал - прв спрат;
- магацин за репроматеријали - втор спрат;
- помошен магацин за меѓупросторно складирање;
- разладни комори за суровини;
- магацин за готов производ 1;
- магацин за готов производ 2.

Камионска вага

Камионската вага (Слика бр. II.4-1) се наоѓа веднаш до магацинот за готов производ 2. Истата е опремена со контролна кабина (Слика бр. II.4-2).



Слика бр. II.4-1: Камионска вага



Слика бр. II.4-2: Контролна кабина за камионската вага

Отворено плато

Отвореното плато (Слика бр. II.4-3) претставува отворен простор поплочен со бехатон плочки. На него времено се одложуваат суровините и репроматеријалите, од каде потоа се распоредуваат во погоните или во магацините. На него не се врши долгорочно складирање.



Слика бр. II.4-3: Отворено плато

Магацини за репроматеријали - прв и втор спрат

Овие магацини се наоѓаат во погонот за производство на сокови ПЕТ и ДП амбалажа, лаборатории и администрација, на првиот и на вториот спрат (Слики бр. II.4-4 и II.4-5).





Слики бр. II.4-4 и II.4-5: Дел од магацините за репроматеријали

Репроматеријалите се носат во производниот погон со помош на товарен лифт (Слика бр. II.4-6).




Слика бр. II.4-6: Товарен лифт

Помошен магацин за меѓупросторно складирање

Магацинот за меѓувремено и меѓупросторно складирање се наоѓа помеѓу двата производни погона (бр. **2** и бр. **4**).

Ситуација на основата на овој магацин е прикажана на Слика бр. II.4-7, а на Слика бр. II.4-8 даден е неговиот внатрешен изглед.




Слика бр. II.4-7: Ситуација на основата на магацинот за меѓувремено и меѓупросторно складирање



Слика бр. II.4-8: Изглед во внатрешноста на помошниот магацин

Разладни комори за суровини

На Слика бр. II.4-9 прикажана е ситуација на основата на разладните комори за складирање на суровини, а на Сликите бр. II.4-10 и бр. II.4-11 прикажано е нивниот надворешен и внатрешен изглед.



Слика бр. II.4-9: Ситуација на основата на разладните комори за складирање на суровини.





Слики бр. II.4-10 и бр. II.4-11: Надворешен и внатрешен изглед на разладните комори

На следната табела прикажана е опремата која е инсталирана во овие разладни комори.


Табела бр. II.4-1: Листа на опрема во коморите за ладење

Ред. Бр.	Име на опрема	Сериски број	Година на производство
1.	Разладна комора (-18 ˚C) Frigo system	FS14B0318	2014
2.	Разладна комора (-18 ˚C) Frigo system	FS14B0320	2014
3.	Разладна комора (3-7 ˚C) Frigo system	FS14B0321	2014
4.	Разладна комора (3-7 ˚C) Frigo system	FS14B0319	2014
5.	Разладна комора 1 (-18 ˚C)	10229002768	2023
6.	Разладна комора 2 (-18 ˚C)	10229002765	2023
7.	Разладна комора 3 (-18 ˚C)	10229002766	2023
8.	Разладна комора 4 (-18 ˚C)	10229002767	2023
9.	Тунел за замрзнување (-20 ˚C)	102229004346	2023

Магацин за готов производ 1

Магацинот за готов производ 1 е сместен во продолжение на Погонот за производство на сокови во Пјур Пак амбалажа (бр. **5**). Освен од овој погон, во магационот може да се влезе и од помошниот магацин за меѓупросторно складирање. На крајот на магацинот има товарна рампа преку која се товараат возилата за испорака на готовиот производ.

На Слика бр. II.4-12 прикажана е ситуација на основата на магацинот за готов производ 1.



Слика бр. II.4-12: Ситуација на основата на магацинот за готов производ 1

Во овој магацин има поставено регали на кои готовиот производ се реди според однапред воспоставена шема.




Слики бр. II.4-13 и бр. II.4-14: Регали во магацинот за готов производ 1



Слика бр. II.4-15: Товарна рампа од магацинот за готов производ 1

Магацин за готов производ 2

Магацинот за готов производ 2 е сместен во продолжение на разладните комори за складирање на суровини. Исто како кај магацинот за готов производ 1 и во овој магацин има поставено регали на кои готовиот производ се реди според однапред воспоставена шема и е подготвен за испорака.



Слика бр. II.4-16: Магацин за готов производ 2

2.5 СКИЦА НА КОЈА СЕ ОПФАТЕНИ ЛОКАЦИИТЕ КАДЕ ШТО ЌЕ СЕ ВРШИ ОДЛАГАЊЕТО НА СИТЕ ТИПОВИ ОТПАД НА ПРЕДМЕТНАТА ИНСТАЛАЦИЈА

Правното лице има воспоставен внатрешен систем на управување со отпадот. Во објектот се врши селективно собирање на определени фракции на отпад и истите се складираат на позиција 17 каде е поставена локацијата за собирање на отпад.

Собраните количини на отпад се предаваат на правни лица за постапување со наведените видови на отпад, за кои правното лице има потпишано договори.

За собраните количини на отпад правното лице води комплетно евидентирање на истите согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и содржината на обрасците за годишните извештаи за постапување со отпад и за истите доствува транспортни и идентификациони формулари и годишни извештаи за евидентирани количини до надлежни институции.

ВИВАКС ДОО увоз-извоз Скопје ги почитува законските обврски наведени во Законот за управување со отпад кои се однесуваат на избегнување и намалување на количините на создаден отад, како и намалување на штетноста на отадот и тоа со почитување на приоритетите за управување со отпадот и начелото на блискост, односно избегнување на создавање на големи количини на отпад, преработка на отпадот по можност на местото каде се создава по пат на рециклирање или повторна употреба, користење како извор на енергија и сл.

Правното лице врши управување со посебните видови на отпад (комунален отпад, отпад од пакување, композитен отпад, отпад од органско потекло. Правното лице има воспоставено организациона шема за постапување со наведените видови на отпад.


Планираните мерки кои се однесуваат на постапувањо со отпадот се во насока на создавање на што помали количини на отпад, негова селекција на самот извор, правилен третман на истиот и безбедно предавање на истиот на правни лица кои имаат дозволи за постапување со наведените видови на отпад.

Мерките се однесуваат посебно на правилниот третман на отпадот кој опфаќа:

- Забрана на мешање на отпадот;
- Собирањето на отпадот се врши исклучиво во специјалирани садовии тоа одделно според Листата на видови на отпад;
- Складирањето на отпадот до негово предавање се врши на безбеден начин на одделни локации заштитени од надворешни влијанија што би можеле да предизвикаат несакани последици по животната средина и човековото здравје;
- Правните лица кои ги собираат наведните видови на отпад ги поседуваат потребните дозволи издадени од надлежните министерства и истите се со важечки рокови;
- Локациите каде привремено се складира отпадот се соодветно обележани согласно законската регулатива на РСМ;
- Водење на евиденција за создадените количини на отпад, како и евиденција на предадените количини на отпад;

- Изготвување на годишни извештаи за спроведување на Програмата за управување со отпад до надежни локални и државни органи;

На Слика II.5-1 прикжани се локациите каде што ќе се врши одлагањето на сите типови отпад



ЛЕГЕНДА:
1.ЧУВАРА
2.СТАРА УПРАВНА ЗГРАДА
3.СТАРА ЛАБОРАТОРИЈА
4.КОТЛАРА
5.ПОДСТАНИЦА
6.АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРОИЗВОДСТВО ЛИНИЈА ПЕТ И ДОЈПАК
7.ГЛАВЕН МАГАЦИН СО ПРОИЗВОДСТВО ПП 1 ЛИТАР
7А. ПРОИЗВОДСТВО НА ПП 2 ЛИТРА
8.МАГАЦИН БУРИЊА
8А. МАГАЦИН
9.ПРОИЗВОДЕН ПОГОН СМУТИ СО КОМОРИ ЗА ЗАМРЗНУВАЊЕ
10.ПРОИЗВОДСТВО НА ОВОШЈЕ
11.КОМОРИ СО МАГАЦИН
12.МАГАЦИН
13.МАГАЦИН ЕПРУВЕТИ
14.ДРВЕНА БАРАКА
15.РАБОТИЛНИЦА
16.МАГАЦИН КАРТОНИ
17.ЛОКАЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД

Слика бр.II.5-1: Локација каде што се врши одлагањето на сите типови отпад во ВИВАКС ДОО увоз-извоз Скопје

2.6 ДОГОВОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ И СЕРВИСИРАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНА МЕХАНИЗАЦИЈА СО ОВЛАСТЕН СЕРВИС / ДОГОВОР ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА РАЗЛАДНИ УРЕДИ

Во однос на одржувањето и сервисирање на целокупната опрема, механизација и разладни уреди ВИВАКС ДОО Скопје работи на принцип на доставена понуда од страна на соодветни овластени фирми и одобрение на истата, по што следи реализација на договорената активност.

Во продолжение прикажани се договорите со фирмите:

- Девит Скопје за сервисирање на компресор,
- Кончар – лифтови и угостителска опрема за одржување на лифтови,
- ЛТХ сервис за одржување и сервисирање на ладилни комори,
- Договор за сервисирање на службени моторни возила со овластени сервисери и тоа: „Велковски транспорт“ ДООЕЛ Скопје, „Каргомакс“ ДООЕЛ Скопје и „КОП Компани“ ДООЕЛ Скопје;

Во делот на одржување на машинскиот парк инсталиран во производствените објекти на операторот Вивакс како и целокупната опрема и уреди, укажуваме дека во рамките на организациската структура на операторот ДППУ Вивакс функционира Секторот за одржување на машини, опрема и уреди, кој брои пет вработени и тоа машински инженер, електроинженер, електротехничари и машински техничари. Овие стручни лица се сервибилни и работно ангажирани 24 часа со покриеност на секоја смена на дневно ниво, што укажува на околноста дека сите активности поврзани со редовното одржување, проверка, сервисирање и сл. на целокупниот машински парк, вклучително и инсталациите, опремата, уредите и сл. во целост се реализираат интерно.

Договор со Девит Скопје

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
бр. 03-1840/1
10.12 2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за соработка и услуги
склучен на ден 10.12.2024 година

Друштво за производство, трговија и услуги
ДЕВИТ ТЕЦХ ДООЕЛ
бр. 0304-54
9.12 2024 год.
СКОПЈЕ

Помеѓу:
БАРАТЕЛ НА УСЛУГА: ВИВАКС доо – Скопје, ул. Перо Наков бр. 21, претставувано од Ристо Јосифовски - управител, како Барател и

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГА: ДЕВИТ ТЕЦХ дооел – Скопје, ул. МАНАПО бр. 2/118, претставувано од Стефан Прелоговски, како Вршител

чл.1
Предмет на овој договор е соработка помеѓу договорните страни која се состои во извршување на услуги во врска со тековно сервисирање на компресорска станица BOGE (завојни и клипни компресори BOGE) од страна на Вршителот, а согласно барањата и потребите на Барателот.

чл. 2
Вршителот се обврзува да врши сервисирање на компресороката станица БОГЕ во текот на 2025 година.

чл. 3
Вршителот ќе постапува согласно потребите и барањата за сервисирање доставени писмено или усно од страна на Барателот.

чл. 4
Вршителот се обврзува и гарантира дела сервисирањето ќе го врши стручно, професионално и со квалитет во согласност со прописите што ја регулираат оваа дејност. Висината на надоместокот за извршените услуги ќе биде утврден согласно навремено доставена и прифатена писмена понуда пред отпонување со извршување на секоја конкретна услуга.

чл. 5
Вршителот се обврзува да ја изврши услугата во рок од 2 (два) работни дена сметано од денот на доставување на барањето од страна на Барателот по предходно прифатена писмена понуда.

чл. 6
Договорните страни можат да го дополнат и ги изменат одредбите на овој Договор само со спогодбено склучување на анекс договор.

чл. 7
Договорните страни се согласни за се што не е предвидено во овој договор да важат позитивните законски и технички прописи и стандарди што ја регулираат оваа овласт, а евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено.
Доколку тоа не е можно, спорот ќе го решава надлежниот суд.

чл. 8
Овој Договор е составен од 4 (четири) еднакви примероци, по 2 за секоја договорна страна.

ВИВАКС ДОО Скопје

ДЕВИТ ТЕЦХ ДООЕЛ Скопје

Договор со фирма Кончар – лифтови и угостителска опрема

ВИВАКС ДОО увоз-извоз
Бр. 03-2441
20.04.2022 год.
СКОПЈЕ

KONCAR ЛИФТОВИ
УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА

Друштво за инженеринг производство сервисирање реконструкција на лифтови и угостителска опрема
КОНЧАР-ЛИФТОВИ И УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ДОО увоз-извоз
Бр. 0801-77/22
01.03. 2022 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР Бр. 53040 - 11512

1. ВИВАКС ДОО Скопје, со седиште на ул.Перо Наков бр.21 Скопје со ЕМБС 4803973 и ЕДБС 4030994113969 застапувано од управителот _____ , во понатамошниот текст НАРАЧАТЕЛ на услугите

И

2. КОНЧАР - ЛИФТОВИ И УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ДОО Скопје со седиште на ул. „Георги Димитров“ бр. 2/4 Скопје, со ЕМБС 4336968 и ЕДБС 4030995107130 застапувано од управителот Виктор Серафимовски во понатамошниот текст ИЗВРШИТЕЛ на услугите

I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1.

Предмет на договорот е :

а) **Редовна месечна сервисна контрола на три лифта, во објектите на ВИВАКС ДОО Скопје**

Одржувањето ќе биде во склад со Правилникот за техничките нормативи за лифтовите на електричен и хидрауличен погон за вертикален превоз на лица и терет (Сл.лист РМ бр.26 / 2009) ги опфаќа следните работи :

- Проверка на исправноста на сите сигурносни уреди,особено работата на сигурносните уреди на кочниците на погонскиот мотор,зафатните уреди,граничникот за брзина,крајните склопки,одбојник, вратите на возното окно;
- Проверка на носивоста на јажињата или ланците и нивната врска со кабината и противтег;
- Проверка на површината кај која се остварува сила на триење;
- Проверка на изолацијата на сите струјни каблови и нивната врска со уземјувањето;
- Проверка на приклучокот со громобранската инсталација;
- Чистење и подмачкување на деловите на лифтот;
- Проверка на исправноста на работата на лифтот при возење од станица до станица преку возното окно во двата смера,и при застанувањето;
- Проверка на исправноста на погонските и управувачките уреди на лифтот.

Обемот на работата и на неопходниот потрошен материјал за работа по овие точки дефиниран е во Упатството за одржување на лифтот кој е составен дел на овој договор.

ТИП НА ЛИФТОТ	ЦЕНА НА РЕДОВЕН МЕСЕЧЕН ПРЕГЛЕД НА ЛИФТОТ
ХИДРАУЛИЧЕН ТОВАРЕН (во погонот за производство) x 1	1.900,00 денари
ХИДРАУЛИЧЕН ТОВАРЕН x 2	2 x 1.750,00 денари
ВКУПНО	5.400,00 + ДДВ 18%

б) За итни интервенци ,на повик на корисникот ќе се фактурира :
Потрошено работно време 1 час x 600,00 ден. , вграден дел по пазарна цена

Член 10.

НАРАЧАТЕЛОТ е должен да им оневозможи пристап во машинската куќичка на лифтот на сите неовластени лица. Доколку НАРАЧАТЕЛОТ дозволи обавување на било какви работи на неовластените лица, ИЗВРШИТЕЛОТ се ослободува од секоја одговорност за евентуална штета која од тоа може да настане.

Член 11.

НАРАЧАТЕЛОТ се обврзува во најкраток рок писмено или усно да го извести ИЗВРШИТЕЛОТ за сите настанати дефекти и недостатоци.

VI ГАРАНЦИИ И РЕКЛАМАЦИИ

Член 12.

ИЗВРШИТЕЛОТ гарантира дека сите работи од овој договор ќе ги изврши квалитетно.
За новоградените лифтови важи обврската од „Гарантниот лист„ и „Упатството за одржување на истите„.

Член 13.

Рекламација на квалитетот на извршената работа НАРАЧАТЕЛОТ ќе ја изврши по писмен пат, а ИЗВРШИТЕЛОТ се обврзува рекламациите веднаш да ги разгледа и писмено да го извести НАРАЧАТЕЛОТ.

VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14.

Овој договор важи до отповикување .
Отказен рок за секоја договорна странка е 60 дена. Договорот се откажува по писмен пат.
ИЗВРШИТЕЛОТ го задржува правото на отказ на договорот во случај НАРАЧАТЕЛОТ да не ја плати надокнадата на извршената работа во рокот предвиден со член 4 од овој договор.

Член 15.

Доколку настанат спорови од овој договор , ќе се решаваат договорно, доколку не се постигне договор настанатиот спор ќе се даде во надлежност на судот во Скопје.

Член 16.

Овој договор е составен во 2 (два) истоветни примероци кои странките во знак на согласност ги потпишуваат при што ИЗВРШИТЕЛОТ задржува еден примерок и НАРАЧАТЕЛОТ задржува еден примерок.

Договорот важи од 01.03.2022 год.

ИЗВРШИТЕЛ :

Кончар - Лифтови
и угостителска опрема
ДОО Скопје

(Виктор Серафимовски)

НАРАЧАТЕЛ :

ВИВАКС ДОО
Скопје

( )

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
Бр. 03-6221/1
21 10 2022 год.
СКОПЈЕ

АНЕКС 1

КОН

ДОГОВОР бр. 53040-11512

КОНЧАР-ЛИФТОВИ И УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА
Бр. 0801-111/22
01.11.2022 год.
СКОПЈЕ

Заверен кај нарачателот на услугите под Бр. 03-244/1 од ден 06.04.2022 година и

кај извршителот на услугите под бр. 0301-77/22 од ден 01.03.2022 година

Склучен на ден 01.09.2022 помеѓу:

1. ДППУ ВИВАКС ДОО, со седиште на ул. Перо Наков бр. 21, Скопје, со ЕДБ 4030994113969, застапувано од Ристо Јосифовски и Тања Атанасова , Управители (во натамошниот текст како НАРАЧАТЕЛ НА УСЛУГИТЕ)

2. КОНЧАР-ЛИФТОВИ И УГОСТИТЕЛСКА ОПРЕМА ДОО СКОПЈЕ, со седиште на ул. Георги Димитров бр. 2/4 Скопје, со ЕДБ 4030995107130, застапуваво од управителот Виктор Серафимовски (во натамошниот текст: ИЗВРШИТЕЛ НА УСЛУГИТЕ)

Член 1

Предмет на овој Анекс 1 кон Договор бр. 53040-11512 заведен кај нарачателот на услугите под Бр. 03-244/1 од ден 06.04.2022 година и кај извршителот на услугите под бр. 0301-77/22 од ден 01.03.2022 година (во натамошниот текст: Договорот) е измена на чл. 1 ст. 1 точка а) на начин што по изменатa како предмет на Договорот ќе биде редовна месечна сервисна контрола на еден лифт наместо досега предвидените три лифта.

Воедно со овој Анекс бр. 1 се менува и чл. 2 од Договорот во однос на висината на месечниот надоместок кој наместо 5.400 денари, во иднина ќе изнесува 1.900 денари.

Со оглед на тоа:
По измената на Член 1 ст. 1 т.а) од Договорот бр. 53040-11512, истиот ќе гласи:

Член 1

Предмет на Договорот е:
А) Редовна месечна сервисна контрола на еден лифт во објектот на Вивакс ДОО Скопје на ул. Перо Наков бр. 21 Скопје;
Одржувањето ќе биде во склад со Правилникот за техничките нормативи за лифтовите на електричен и хидрауличен погон за вертикален превоз на лица и терет (Сл. весник бр. 26/09) и ги опфаќа следните работи:

- Проверка на исправноста на сите сигурносни уреди, особено работата на сигурносните уреди на кочниците на погонскиот мотор, зафатните уреди, граничникот за брзи, крајните склопки, одбојник, вратите на возното окно;
- Проверка на носивоста на јажињата или ланците и нивната врска со кабината и противтег;
- Проверка на површината кај која се остварува сила на триење;
- Проверка на изолацијата на сите струјни кабли и нивната врска со уземјувањето;
- Проверка на приклучокот со громобранската инсталација;
- Чистење и подмачкување на деловите на лифтот;
- Проверка на исправноста на работата на лифтот при возење од станица до станица преку возното окно во двата смера и при застанувањето;
- Проверка на исправноста на погонските и управувачките уреди на лифтот;

Обемот на работата и на неопходниот потрошен материјал за работа по овие точки дефиниран е во Упатството за одржување на лифтот кој е составен дел на овој договор.

ТИП НА ЛИФТОТ	ЦЕНА НА РЕДОВЕН МЕСЕЧЕН ПРЕГЛЕД НА ЛИФТОТ
ХИДРАУЛИЧЕН ТОВАРЕН (во погонот за производство) x 1	1.900,оо денари

По измената на Член 2 од Договорот бр. 53040-11512, истиот ќе гласи:

Член 2

За наведените услуги од чл. 1 точка а) од овој Договор НАРАЧАТЕЛОТ се обврзува да му плати на ИЗВРШИТЕЛОТ надоместок во износ од 1.900,00 денари (илиjада и деветстотини денари) без ДДВ 18%. Износот на надоместокот е утврден врз база на ценовникот за нормативно утврдување на материјалот и работното време. Работите од чл. 1 точка б) од овој Договор ИЗВРШИТЕЛОТ ќе ги изврши врз база на посебна нарачка од страна на НАРАЧАТЕЛОТ, а спрема цените на елементите кои се заменуваат и потрошеното потребно работно време. Цената се утврдува во времето кога се изведуваат работите.

Член 2

Во останатиот дел Договорот бр. 53040-11512 заведен кај нарачателот на услугите под Бр. 03-244/1 од ден 06.04.2022 година и кај извршителот на услугите под бр. 0301-77/22 од ден 01.03.2022 година останува непроменет.

Член 3

Овој Анекс 1 кон Договорот бр. 53040-11512 е составен во 3 (три) примероци, од кои 2 (два) за НАРАЧАТЕЛОТ НА УСЛУГИТЕ и 1 (еден) за ИЗВРШИТЕЛОТ НА УСЛУГИТЕ.

НАРАЧАТЕЛ НА УСЛУГИТЕ
ДППУ ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

ИЗВРШИТЕЛ НА УСЛУГИТЕ
КОНЧАР – ЛИФТОВИ И
ТРАНСПОРТНА ОПРЕМА ДОО СКОПЈЕ

Договор со ЛТХ сервис

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
бр. 03-18491/1
13.12 2024 год.
СКОПЈЕ

ЛТХ СЕРВИС ДОО увоз-извоз
бр. 1132
13.12.2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
ЗА НАБАВКА НА СТОКИ И УСЛУГИ

Склучен во Скопје на ден 12.12.2024 година помеѓу следните договорни страни:

1. **Друштво за производство, промет и услуги ВИВАКС ДОО увоз-извоз Скопје**, со седиште на ул. Перо Наков бр. 21 Скопје, ЕДБС: МК4030994113969, ЕМБС: 4803973, жиро сметка 210048039730127 НЛБ Тутунска банка АД Скопје, застапувано од управителот Тања Атанасова (во понатамошниот текст „Купувач„) од една страна и
2. **Друштво за сервисирање, производство и трговија ЛТХ СЕРВИС ДОО извоз-увоз Скопје**, со седиште на ул. Ѓеорѓи Димитров бр.10- локал 2/А Скопје, Кисела Вода, ЕДБС:МК4058016524975, ЕМБС:7140134, жиро сметка 300000003992944 Комерцијална банка Скопје, застапувано од управителот Кирил Науновски (во понатамошниот текст „Добавувач„) од друга страна

I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е сервисирање на ладилни комори во сопственост на Купувачот кои се наоѓаат во фабриката на ВИВАКС ДОО Скопје на ул. Перо Наков бр.21 во Скопје.

Спецификација на ладилните комори:

1. Ладилна комора бр. 1 Фригосистем
2. Ладилна комора бр. 2 Фригосистем
3. Ладилна комора бр. 3 Фригосистем
4. Ладилна комора бр. 4 ЛТХ

II.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Цените по кои ќе се врши сервисот договорните страни ќе ги договараат согласно моменталната состојба на пазарот и истите ќе се договараат поединечно за секоја пријава на дефект од страна на КУПУВАЧОТ по пат на издадена писмена понуда од страна на ДОБАВУВАЧОТ, а во случај на итност и по пат на усен договор помегу КУПУВАЧОТ и ДОБАВУВАЧОТ.

III.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Овој договор се склучува на ден 12.12.2024 г. и истиот стапува во сила на денот на неговото потпишување од договорените страни и истиот се склучува на неопределено време.

Доколку било која од страните сака да го раскине договорот, тоа може да го направи со едностарна изјава на волја на било која од договорените страни, со отказен рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на известувањето за откажувањето на договорот.

IV.ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА И УСЛУГАТА

Член 4

Сервисот ќе се врши врз основа на писмена пријава за дефект од КУПУВАЧОТ испратена на е-маил на ДОБАВУВАЧОТ, во која ќе биде специфициран бројот на ладилната комора за која се бара сервисирање.

ДОБАВУВАЧОТ е должен сервисот да го изврши за секоја пријава на дефект од КУПУВАЧОТ поединечно, согласно со претходно доставена понуда до КУПУВАЧОТ од страна на ДОБАВУВАЧОТ, а која понуда ќе биде прифатена од КУПУВАЧОТ. Сервисот ќе се смета за извршен по потпишување на документ (работен налог) од овластено лице на ДОБАВУВАЧОТ и КУПУВАЧОТ.

Сервисот ќе се врши во седиштето на купувачот, а во одредени случаи кога за тоа ќе се договорат договорните страни, може да биде извршена и на друго место.

V.НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

КУПУВАЧОТ се обврзува навремено и во целост да ги врши сите доспеани уплати за извршениот сервис, најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на фактурата.

VI.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 6

ДОБАВУВАЧОТ е должен да го изврши сервисот кој го бара КУПУВАЧОТ во времето и на местото предвидено со овој договор, во рок наведен во понудата која е прифатена од КУПУВАЧОТ.

Член 7

КУПУВАЧОТ е должен да ја плати цената за извршениот сервис во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на доставувањето на фактура од страна на ДОБАВУВАЧОТ, согласно со работен налог потпишан од двете договорни страни дека сервисот е навремено, квалитетно и целосно реализиран.

Член 8

КУПУВАЧОТ е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде овозможено вршење на сервисот.

VII.ВИША СИЛА

Член 9

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

VIII.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 10

Во случај на спор произлезен од овој Договор, странките се согласни да се обидат да ги решаваат спогодбено со меѓусебно разбирање како деловни партнери, а доколку не успеат во тоа, надлежен ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

IX.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од договорните страни.

Член 12

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 13

Овој договор е составен во 2(два) примероци, од кои секоја страна задржува по 1 (еден) примерок.

ДОБАВУВАЧ

ЛТХ СЕРВИС ДОО увоз-извоз

КУПУВАЧ

ВИВАКС ДОО увоз-извоз

Договори за сервисирање на моторни возила:

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
Бр. 03-1869/4
19.12 2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за соработка и услуги
склучен на ден 16.12.2024 година

ВЕЛКОВСКИ ТРАНСПОРТ ДООЕЛ
Бр. 0402/005
18.12.24

Помеѓу:
БАРАТЕЛ НА УСЛУГА: ВИВАКС доо – Скопје, ул. Перо Наков бр. 21, претставувано од Ристо Јосифовски - управител, како Барател и

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГА: ВЕЛКОВСКИ ТРАНСПОРТ с. Стајковци – Скопје, ул. 6 бр. 56, ЕДБ МК4043011508273 претставувано од Ацо Велковски, како Вршител

чл.1
Предмет на овој договор е соработка помеѓу договорните страни која се состои во извршување на услуги во врска со тековно сервисирање на моторни возила во сопственост на Барателот на услугата, а од страна на Вршителот, согласно барањата и потребите на Барателот.

чл. 2
Вршителот се обврзува да врши сервисирање на возилата во текот на 2025 година.

чл. 3
Вршителот ќе постапува согласно потребите и барањата за сервисирање на возилата доставени писмено или усно од страна на Барателот.

чл. 4
Вршителот се обврзува и гарантира дела сервисирањето ќе го врши стручно, професионално и со квалитет во согласност со прописите што ја регулираат оваа дејност.
Висината на надоместокот за извршените услуги ќе биде утврден согласно навремено доставена и прифатена писмена понуда пред отпонување со извршување на секоја конкретна услуга.

чл. 5
Вршителот се обврзува да ја изврши услугата во договорен рок сметано од денот на доставување на барањето од страна на Барателот по предходно прифатена писмена понуда.

чл. 6
Договорните страни можат да го дополнат и ги изменат одредбите на овој Договор само со спогодбено склучување на анекс договор.

чл. 7
Договорните страни се согласни за се што не е предвидено во овој договор да важат позитивните законски и технички прописи и стандарди што ја регулираат оваа овласт, а евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено.
Доколку тоа не е можно, спорот ќе го решава надлежниот суд.

чл. 8
Овој Договор е составен од 4 (четири) еднакви примероци, по 2 за секоја договорна страна.

ВИВАКС ДОО Скопје

ВЕЛКОВСКИ ТРАНСПОРТ Скопје

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
Бр. 03-1268/1
19.12.2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за соработка и услуги

склучен на ден 16.12.2024 година

Друштво за трговија и посредување
КАРГОМАКС ДООЕЛ
Бр. 0309/01-237
17.12.2024 год.
Миладиновци Илинден

Помеѓу:
БАРАТЕЛ НА УСЛУГА: ВИВАКС доо – Скопје, ул. Перо Наков бр. 21, претставувано од Ристо Јосифовски - управител, како Барател и

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГА: КАРГОМАКС ДООЕЛ – Скопје, ул. 10 бр. 152Б Миладиновци, ЕДБ МК4030007622520 претставувано од Борче Ацовски, како Вршител

чл.1

Предмет на овој договор е соработка помеѓу договорните страни која се состои во извршување на услуги во врска со тековно сервисирање на моторни возила во сопственост на Барателот на услугата, а од страна на Вршителот, согласно барањата и потребите на Барателот.

чл. 2

Вршителот се обврзува да врши сервисирање на возилата за целовремеетраење на соработката и овој Договор.

чл. 3

Вршителот ќе постапува согласно потребите и барањата за сервисирање доставени писмено или усно од страна на Барателот.

чл. 4

Вршителот се обврзува и гарантира дела сервисирањето ќе го врши стручно, професионално и со квалитет во согласност со прописите што ја регулираат оваа дејност.
Висината на надоместокот за извршените услуги ќе биде утврден согласно навремено доставена и прифатена писмена понуда пред отпонување со извршување на секоја конкретна услуга.

чл. 5

Вршителот се обврзува да ја изврши услугата во договорен рок сметано од денот на доставување на барањето од страна на Барателот по предходно прифатена писмена понуда.

чл. 6

Договорните страни можат да го дополнат и ги изменат одредбите на овој Договор само со спогодбено склучување на анекс договор.
Овој Договор важи неопределено време со можност за едностарно раскинување со отказен рок од 30 дена.

чл. 7

Договорните страни се согласни за се што не е предвидено во овој договор да важат позитивните законски и технички прописи и стандарди што ја регулираат оваа овласт, а евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено.
Доколку тоа не е можно, спорот ќе го решава надлежниот суд.

чл. 8

Овој Договор е составен од 4 (четири) еднакви примероци, по 2 за секоја договорна страна.

ВИВАКС ДОО Скопје

КАРГОМАКС ДООЕЛ Скопје

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
Бр. 03-1867/1
19.12.2024 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за соработка и услуги

склучен на ден 16.12.2024 година

Друштво за внатрешен и надворешен промет и услуги
КОП КОМПАНИ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 399/2024
16.12.2024 год.

Помеѓу:

БАРАТЕЛ НА УСЛУГА: ВИВАКС доо – Скопје, ул. Перо Наков бр. 21, претставувано од Ристо Јосифовски - управител, како Барател и

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГА: КОП КОМПАНИ - СЕРВИСЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ – Скопје, ул. Јужноморавски бригади бр. 112, ЕДБ МК4030993215792 претставувано од Катерина Коп, како Вршител

чл.1

Предмет на овој договор е соработка помеѓу договорните страни која се состои во извршување на услуги во врска со тековно сервисирање на моторни возила во сопственост на Барателот на услугата, а од страна на Вршителот, согласно барањата и потребите на Барателот.

чл. 2

Вршителот се обврзува да врши сервисирање на возилата за целовреметраење на соработката и овој Договор.

чл. 3

Вршителот ќе постапува согласно потребите и барањата за сервисирање доставени писмено или усно од страна на Барателот.

чл. 4

Вршителот се обврзува и гарантира дела сервисирањето ќе го врши стручно, професионално и со квалитет во согласност со прописите што ја регулираат оваа дејност.
Висината на надоместокот за извршените услуги ќе биде утврден согласно навремено доставена и прифатена писмена понуда пред отпонување со извршување на секоја конкретна услуга.

чл. 5

Вршителот се обврзува да ја изврши услугата во договорен рок сметано од денот на доставување на барањето од страна на Барателот по предходно прифатена писмена понуда.

чл. 6

Договорните страни можат да го дополнат и ги изменат одредбите на овој Договор само со спогодбено склучување на анекс договор.
Овој Договор важи неопределено време со можност за едностарно раскинување со отказен рок од 30 дена.

чл. 7

Договорните страни се согласни за се што не е предвидено во овој договор да важат позитивните законски и технички прописи и стандарди што ја регулираат оваа овласт, а евентуалните спорови да ги решаваат спогодбено.
Доколку тоа не е можно, спорот ќе го решава надлежниот суд.

чл. 8

Овој Договор е составен од 4 (четири) еднакви примероци, по 2 за секоја договорна страна.

ВИВАКС ДОО Скопје

КОП КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје

ТЦК	Технички Центар за Квалитет Скопје	

Друштво за технички преглед и испитување
ТЕХНИЧКИ ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ ДООЕЛ Скопје

ул. Багдатска 15-21 Скопје
тел/фах. ++389 02 6154 299; 075 420 830
жиро-сметка: 200002691720892
депонент банка Стопанска Банка
един. Даночен бр. МК 4057014524262
email: tck.centar@yahoo.com

"ВИВАКС" Доо
ул. Перо Наков бр.21
1000 Скопје
Р. Македонија

ПОНУДА БРОЈ: 14-09/23-1 Скопје 14.09.2023 год.

Во врска со вашето барање за ваши потреби Ви нудиме:

1. Технички преглед и испитување на надворешноста на парни котли, производител **LOOS Bosch Group** со фабрички број **112057** и производител **Bosch Industriekessel GmbH** со фабрички број **124521,** согласно Правилникот за користење на опрема под притисок (Службен весник на Р.М бр. 32/2009) со издавање на технички извештај

   По цена од . . . . 8.500,00 ден/котел

2. Технички преглед и испитување на интегритет на резервоар за компримиран воздух, **SICC Spa Rovigo Italy** со фабрички број **1105030009 (42 bar.)** и производител **SICC Spa Rovigo Italy** со фабрички број **1200449011 (11,5 bar.)** согласно Правилникот за користење на опрема под притисок (Службен весник на Р.М бр. 32/2009) со издавање на технички извештај

   По цена од . . . . 29.700,00 ден/резервоар

Обврски на нарачателот:
- Да овозможи услови за изведување на прегледот,
- Да достави на увид техничка документација или претходен извештај,
- Дата на инспекција по ваш повик 2-3 дена пред контролата.

Обврски на Инспекциското Тело:
- Во рок од 7 работни дена да изработи технички извештај.

Во горе наведените цени не е пресметаю ДДВ.
Рок на плаќање: Врз основа на Законот за финансиска дисциплина ("Службен весник на РМ", бр.187/13) износот на фактурата задолжително се плаќа во рок од 30 дена од датумот на прием на фактурата.
За ненавремено плаќање пресметуваме законска казнена камата и **еднократен надомест согласно со Законот за финансиска дисциплина (3.000,00 ден.).**

Прифатената понуда важи договор за работа.

Со почит!

НАРАЧАТЕЛ

ТЕХНИЧКИ ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ
Чедомир Миркоски

DEVIT
COMPRESSORS • PNEUMATICS TECH

ЕДБ: MK4057023564498 ЕМБС: 7663552

Друштво за производство, трговија и услуги ДЕВИТ ТЕЦХ доел Скопје
ул. МАНАПО бр. 2/118, 1000 Скопје * тел: 02 3091 661 * info@devit.com.mk

Жиро сметка: 250-0101024627-14
Депонент: ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД

ПОНУДА бр. **1009**
датум: 09.10.2024

(3071) **ВИВАКС ДОО**
ул. Перо Наков бр. 21
МК-1000 Скопје

1009 ЕДБ: 4030994113969

Ред. број		Опис на производот/услугата	Ознака	ЕМ	Кол.	Единична цена	Даночна основа
1.	0043	ФИЛТЕР ЗА МАСЛО	BOGE 03 01 S60-S100	бр.	1,00	1674,00	1.674,00
2.	1439	ФИЛТЕР ЗА ВОЗДУХ	BOGE 38 01 S100-2	бр.	1,00	7998,00	7.998,00
3.	0072	ФИН СЕПАРАТОР	575 0001 01	бр.	2,00	18662,00	37.324,00
4.	8746	МАСЛО	BOGE 3000 PLUS 20/1	бр.	2,00	10602,00	21.204,00
5.	0084	СЕРВ.КОМПЛЕТ ТЕРМОСТАТ	S100, 302.671 55/C	бр.	1,00	10480,00	10.480,00
6.	7714	КАСЕТЕН ФИЛТЕР	6901 / 3721	бр.	2,00	1849,00	3.698,00
7.	8904	МАСЛО	BOGE SYPREM P 05/1	бр.	2,00	16000,00	32.000,00
8.		СЕРВИСИРАЊЕ			1,00	6300,00	6.300,00

Вкупно даночна основа: 120.678,00
Вкупно ДДВ 18%: 21.722,00
СЕ ВКУПНО: **142.400,00**

Со букви : сточетириесетидвеилјадиечетиристо денари

РЕДОВЕН СЕРВИС НА КОМПРЕСОРИ БОГЕ
НА НАВЕДЕНИТЕ ЦЕНИ, ОДОБРУВАМЕ ДОГОВОРЕН РАБАТ ОД 10%


ПРИЛОГ III

УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

III.1. ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

III.2. СЕРТИФИКАТИ НА ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

III.1. ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ



III.2. СЕРТИФИКАТИ НА ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ



G-CERTI *certificate*

hereby certifies that

ВИВАКС ДОО Скопје
VIVAKS DOO Skopje

ул. Перо Наков бр. 21 - Скопје, Р. Северна Македонија
st. Pero Nakov no. 21 - Skopje, R. North Macedonia

meets the Standard Requirements & Scope as following

ISO 9001:2015 *Quality Management Systems*

Производство и пакување на природни овошни сокови, нектари и овошни пијалоци и газирани пијалоци и преработка на овошје и зеленчук

The manufacture and packaging of natural fruit juices, nectars and fruit drinks and carbonated drinks and processing of fruit and vegetables

Certificate No : GKMA-0162-QC
Initial Date : 2022. 11. 29 Issue Date : 2022. 11. 29
Expiry Date : 2025. 11. 28 Valid period : 2022. 11. 29 ~ 2025. 11. 28

Signed for and on behalf of GCERTI
President I.K.Cho

Certificate of Registration Certificate of Registration

G-CERTI SYSTEM SERVICE MSCB-113

IAS ACCREDITED IAF

Certificate of Registration Certificate of Registration

G-CERTI *certificate*

hereby certifies that

ВИВАКС ДОО Скопје
VIVAKS DOO Skopje

ул. Перо Наков бр. 21 - Скопје, Р. Северна Македонија
st. Pero Nakov no. 21 - Skopje, R. North Macedonia

meets the Standard Requirements & Scope as following

ISO 14001:2015 *Environmental Management Systems*

Производство и пакување на природни овошни сокови, нектари и овошни пијалоци и газирани пијалоци и преработка на овошје и зеленчук

The manufacture and packaging of natural fruit juices, nectars and fruit drinks and carbonated drinks and processing of fruit and vegetables

Certificate No : GKMA-0162-EC
Initial Date : 2022. 11. 29 Issue Date : 2022. 11. 29
Expiry Date : 2025. 11. 28 Valid period : 2022. 11. 29 ~ 2025. 11. 28

Signed for and on behalf of GCERTI
President I.K.Choi

G-CERTI SYSTEM SERVICE MSCB-113

To verify the validity of this certificate please visit : www.gcerti.com
Korea, Seoul, Eunpyeong-gu, Eunpyeong-ro, 68, 15F. Surveillance audits shall be conducted at least once a calendar year, except in recertification years. This is to certify that the Management Systems of this company has been found to confirm to the above. If the certified client does not allow surveillance, recertification audits, certificate should be returned to GCERTI. This certificate remains the property of GCERTI and this certificate is recognized by GCERTI.

IAS ACCREDITED Management Systems Certification Body MSCB-113

IAF MEMBER OF MULTILATERAL RECOGNITION ARRANGEMENT

bsi.

By Royal Charter

Certificate of Registration

FOOD SAFETY MANAGEMENT SYSTEM - ISO 22000:2018

This is to certify that:

DPPU VIVAKS DOO
Pero Nakov 21
Skopje / North Macedonia
1000
Republic of North Macedonia

Holds Certificate No: **FSMS 538686**

and operates a Food Safety Management System which complies with the requirements of ISO 22000:2018 for the following scope:

The manufacture and packaging of natural fruit juices, nectars, fruit drinks, carbonated non-alcoholic drinks and aseptic processing of fruit and vegetable purre and purre concentrates.

Category CIV - Processing of ambient stable products

For and on behalf of BSI:

Theuns Kotze, Managing Director Assurance - IMETA

Original Registration Date: 2008-07-15
Effective Date: 2023-07-27
Latest Revision Date: 2023-07-27
Expiry Date: 2026-07-02

Page: 1 of 1

...making excellence a habit.™

This certificate was issued electronically and remains the property of BSI and is bound by the conditions of contract.
An electronic certificate can be authenticated online.
Printed copies can be validated at www.bsigroup.com/ClientDirectory

Information and Contact: BSI, Kitemark Court, Davy Avenue, Knowlhill, Milton Keynes MK5 8PP. Tel: + 44 345 080 9000
BSI Assurance UK Limited, registered in England under number 7805321 at 389 Chiswick High Road, London W4 4AL, UK.
A Member of the BSI Group of Companies.

Друштво за производство, промет и услуги
ВИВАКС ДОО увоз-извоз
бр. 03-77/1
31.01 2024
СКОПЈЕ

ПОЛИТИКА ЗА ЕКОЛОГИЈА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Политиката за екологија и заштита на животната средина што ја спроведува ДППУ „ВИВАКС" – ДОО во рамките на нејзиното работење е насочена кон заштита и унапредување на животната средина при што, за остварување на оваа цел максимално се придржува кон основните принципи:

- Да обезбеди целокупното работење да биде во рамките на остварување на барањата кои произлегуваат од законската регулатива за заштита на животната средина;
- Идентификација на сите аспекти што се однесуваат на животната средина и превземање соодветни мерки за нејзина заштита;
- Постојано подобрување и превенција за спречување на загадувањето;
- Постојано превземање мерки и активности за намалување на негативните влијанија врз животната средина;
- Следење и преиспитување на превземените активности за заштита на животната средина;
- Едукација и поттикнување на вработените да дејствуваат превентивно и постојано да ја подобруваат грижата за заштита на животната средина;
- Примена на оваа политика за заштита на животната средина во сите фази од процесот на производство;

Сите вработени во ДППУ „ВИВАКС" – ДОО се свесни за своите одговорности кон заштитата на животната средина при извршување на поединечните и колективните работни обврски, тие ја разбираат и спроведуваат оваа Политика за заштита на животната средина.

Политиката за заштита на животната средина е достапна до сите вработени и јавноста.

Скопје, јануари 2024

ДППУ „ВИВАКС" – ДОО

Директор

Тања Атанасова

ВИВАКС ДОО
Перо Наков бр. 21, 1000 Скопје, Македонија, тел. (02) 2440 303, (02) 2442 500
www.vivaks.com.mk

ПРИЛОГ IV

СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

IV.1 ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА НАЧИНОТ И ЛОКАЦИЈАТА НА СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВИНИТЕ И ПОМОШНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ


IV.2. ИЗВОРИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ВОДА, ПРИРОДЕН ГАС, НАФТА, ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

IV.3. ПРЕПАРАТИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ЧИСТЕЊЕ И ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ПРОИЗВОДНАТА ОПРЕМА (MSDS ЛИСТИ НА СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА)

IV.4. ДОГОВОРИ И ФАКТУРИ ОД КОМПАНИИ ДОБАВУВАЧИ НА СУРОВИНИ И ФАКТУРИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ВОДА ПОТРОШЕНИ ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПРОЦЕС

IV.1 ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА НАЧИНОТ И ЛОКАЦИЈАТА НА СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВИНИТЕ И ПОМОШНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ

На Слика бр.IV.1-1 прикажани се магацините за складирање на суровини и помошни материјали



ЛЕГЕНДА:
1.ЧУВАРА
2.СТАРА УПРАВНА ЗГРАДА
3.СТАРА ЛАБОРАТОРИЈА
4.КОТЛАРА
5.ПОДСТАНИЦА
6.АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА СО ПРОИЗВОДСТВО ЛИНИЈА ПЕТ И ДОЈПАК
7.ГЛАВЕН МАГАЦИН СО ПРОИЗВОДСТВО ПП 1 ЛИТАР
7А. ПРОИЗВОДСТВО НА ПП 2 ЛИТРА
8.МАГАЦИН БУРИЊА
8А. МАГАЦИН
9.ПРОИЗВОДЕН ПОГОН СМУТИ СО КОМОРИ ЗА ЗАМРЗНУВАЊЕ
10.ПРОИЗВОДСТВО НА ОВОШЈЕ
11.КОМОРИ СО МАГАЦИН
12.МАГАЦИН
13.МАГАЦИН ЕПРУВЕТИ
14.ДРВЕНА БАРАКА
15.РАБОТИЛНИЦА
16.МАГАЦИН КАРТОНИ
17.ЛОКАЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД

Слика бр. IV.1-1: Ситуација на магацини за складирање на суровини и помошни материјали кои се користат за потребите на инсталацијата

На постојната локација на инсталацијата има:

- Главен магацин (позиција 7),
- Магацин за буриња (позиција 8)
- Магацин (позиција 8А)
- Магацин со комори (позиција 11)
- Магацин (позиција 12)
- Магацин епрувети (позиција 13)
- Магацин картони (позиција16)


За транспорт на суровини и репро материјали од магацини до производни погони се користат електрични и рачни палетни вулушкари.

На Слика бр. IV.1-2 прикажан е шематски приказ за движење на персонал, репроматеријали и суровини на производна линија 2 литра



Слика бр. IV.1-2: Шематски приказ за движење на персонал, репроматеријали и суровини на производна линија 2 литра

На Слика бр. IV.1-3 прикажан е шематски приказ за движење на персонал, репроматеријали и суровини во Смути хала



Слика бр. IV.1-3: Шематски приказ за движење на персонал, репроматеријали и суровини во Смути хала

IV.2. ИЗВОРИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ВОДА ПРИРОДЕН ГАС, НАФТА, ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Инсталацијата се снабдува со електрична енергија преку трафостаница која се наоѓа во нејзиниот круг (Слика бр. IV.1-1) и со енергија од инсталираната фотоволтаична централа. Со трафостаницата управува ЕВН Македонија, АД Скопје.



Слика бр. IV.1-1: Трафостаница од која инсталацијата се снабдува со електрична енергија

Годишната потрошувачка на електрична енергија за 2024 година изнесува 1.647.587 kWh.

Во рамките на овој прилог дадена е копија од фактури од ЕВН за потрошувачка на електрична енергија за 2024 год.

Во продолжение е даден Договор со ЕВН Македонија Електроснабдување дооел Скопје со седиште на ул.Перо Наков бр.21 Гази Баба.

ВОДА

Во инсталацијата се користи вода од ЈП Водовод и Канализација Скопје.

Годишната потрошувачка изнесува 80.022 m^3 за 2024 година, од која:

- Вода како суровина за производство изнесува 16.000 m^3;
- За санитарни потреби се користи 240 m^3, а 63.782 m^3 се користат за перење, дезинфекција, подмачкување, ладење на процесна опрема и чистење на погоните;
- Вкупната отпадна вода изнесува 64.022 m^3.

Во рамките на овој прилог дадена е копија од договор склучен со ЈП Водовод и Канализација за уредување на меѓусебни права и обврски согласно одредбите од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, како и фактури за 2024 год.

ПРИРОДЕН ГАС И НАФТА


Котларата во ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ има можност да работи и на природен гас и на нафта во зависност од тоа каков реагенс има на располагање или од моменталната цена на реагенсите.

Котларата на ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ веќе две години работи само на нафта.

Нафтата се складира во резервоари и инсталиран е посебен цевен систем за пренос од резервоари до котлара (Слика бр. IV.1-3).



Слика бр. IV.1-2: Подстаница за природен гас



Слика бр. IV.1-3: Резервоари за нафта

КОТЛАРА

За потребите за греење, производство на топла вода и пареа за технолошкиот процес, во исталацијата се користат два парни котли сместени во котларата (Слика бр. IV.1-4).

Пареата во котлите се добива со загревање на напојна вода која претходно се омекнува со помош на јонски изменувач (Слика бр. IV.1-5). Регенерацијата на јонскиот изменувач се врши со помош на таблетирана готварска сол.

Пареата од котларата до погоните се разнесува со надземни цевководи опремени со топлотна изолација.



Слика бр. IV.1-4: Надворешен изглед на котларата



Слика бр. IV.1-5: Колона за омекнување на напојната вода за котлите

ПОДСТАНИЦА ЗА РАЗЛАДНИ УРЕДИ

Во инсталацијата постои подстаница за разладни уреди (Слика бр. IV.1-6) во која е сместен разладувач тип Carrier 30HXC105-0002-EE и систем од пумпи за циркулирање на водата за ладење (Слики бр. IV.1-7 и IV.1-8) до ладилни кули кои се поставени на кров од потстаница(летен режим) и Drycooler (Драјкулер) за зимски режим и вод за ладна вода до Пастеризатор и Дувалка.

.



Слика бр. IV.1-6: Подстаница за разладни уреди - надворешен изглед





Слики бр. IV.1-7 и IV.1-8: Разладувач (Чилер) и систем од пумпи за циркулација на водата за ладење

Ладењето во производните погони се врши со ладна вода која се подготвува во подстаницата, а со помош на пумпи истата циркулира во затворен систем преку надземни цевководи опремени со топлотна изолација. Системот за циркулација на ладна вода повремено се надополнува со нова вода која претходно се омекнува со

помош на јонски изменувач. Регенерацијата на јонскиот изменувач се врши со помош на таблетирана готварска сол.

ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

Во рамките на инсталацијата не се врши преточување на горива. Имено, внатрешниот транспорт во инсталацијата се врши со помош на електрични виљушкари (освен еден кој работи на бензин и/или гас и кој се полни на блиската бензинска пумпа) и со рачни палетни вулушкари. Возилата за надворешен транспорт се снабдуваат со гориво на бензинските пумпи во градот.

Во следната табела прикажани се превозните средства за внатрешен и надворешен транспорт.

Табела бр. IV-3: Видови и број на превозни средства за внатрешен и внадворешен транспорт

Тип на средство	Марка	Носивост	Парчиња
Вилушкар -електричен	Toyota	1500 kg	2
Вилушкар -MBS-TNG	Nissan	1500 kg	2
Вилушкар -MBS-TNG	Mitsubishi	1450 kg	2
Вилушкар -електричен	Toyota	1200 kg	2
Вилушкар -електричен	Still	1200 kg	2
Вилушкар -електричен	Still	1400 kg	2
Вилушкар -електричен	Still	1600 kg	1
Товарно возило	Iveco Daily	3921 kg	1
Товарно возило	Iveco Daily	3946 kg	1
Товарно возило	Mercedes	15910	1
Товарно возило	Man	11000 kg	1
Товарно возило	Mercedes	16150 kg	1
Товарно возило	Mercedes	5333 kg	1
Товарно возило	Mercedes	9105 kg	1
Товарно возило	Iveco	3875 kg	1
Товарно возило	Iveco	3874 kg	1
Товарно возило	Iveco	3500 kg	1
Товарно возило	Iveco	3929 kg	1

Одржувањето на исправноста на трансортните сретства наведени погоре, се извршува од страна на надворешни фирми кои на интервенција доаѓаат по повик или возилата се носат во овластени сервиси.

IV.3. ПРЕПАРАТИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ЧИСТЕЊЕ И ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ПРОИЗВОДНАТА ОПРЕМА (MSDS ЛИСТИ НА СРЕДСТВА ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА)

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Здравјето пред се ...

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА

Адреса на купувачот
ВИВАКС ДОО
Перо Наков бр.21

1000 СКОПЈЕ
Република Северна Македонија

Адреса на примачот
ВИВАКС ДОО
Перо Наков бр.21

1000 СКОПЈЕ
Република Северна Македонија

Фактура **92140071/ 21.08.2024** 1/1

Информации за плаќање
Испратница / Датум: 82146472/ 21.08.2024
Налог / Датум: 12137127/ 20.08.2024
Бр.на нарачка: ЕЕ-Милка/ 21.08.2024
Шифра на купувач: 100807
Валута:: МКД
Вкупен износ: 271.400,00
Место на издавање: Скопје

11/240083

Услови на плаќање
Плаќање во рок од 30 дена

Бр.	Шифра	Име на производот	ДДВ	Акциски Дисконт	Количина / ЕМ	Цена / ЕМ	Бруто износ
10	2000056	АСКОРБИНСКА К-НА/ВИТАМИН Ц	18,00%	0 %	175 KG	230,00	40.250,00
20	2000056	АСКОРБИНСКА К-НА/ВИТАМИН Ц	18,00%	0 %	500 KG	230,00	115.000,00
30	2000056	АСКОРБИНСКА К-НА/ВИТАМИН Ц	18,00%	0 %	325 KG	230,00	74.750,00

Бруто вредност		230.000,00
Даночна основица 1	18,00 %	230.000,00
Износ на ДДВ 18%		41.400,00
Вкупен износ за плаќање		271.400,00

Фактурирал

1504
10
26.08.24

Овластено лице за потпишување
Горан Минов

Алкалоид АД Скопје

СКОПЈЕ
26.08.2024
05 1/3025

При плаќање да се назначи бројот на фактурата.За ненавремено плаќање засметуваме законска затезна камата.

адреса:
АЛКАЛОИД АД Скопје,
Бул. Александар Македонски 12,
1000 Скопје, П.Фах 572
Република Северна Македонија

контакт:
www.alkaloid.com.mk
aristov@alkaloid.com.mk
ljdanilovski@alkaloid.com.mk
тел: +389 2 3104 000
факс: +389 2 3175 531

банки:
Комерцијална Банка АД Скопје
жиро с-ка: 300000000314704

ЦЛБ Тутунска Банка Скопје
жиро с-ка: 210040535750181

Шпаркасе Банка Македонија АД
жиро с-ка: 250010100277789

ХАЛКБАНК АД Скопје
жиро с-ка: 270040535750188

ЕДБ:
МК 4030946257762

ЕМБС:
4053575

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

Здравјето пред се ...

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА

Адреса на купувачот
ВИВАКС ДОО
Перо Наков бр.21

1000 СКОПЈЕ
Република Северна Македонија

Адреса на примачот
ВИВАКС ДОО
Перо Наков бр.21

1000 СКОПЈЕ
Република Северна Македонија

Фактура **92141309/ 29.10.2024** 1/1

Информации за плаќање
Испратница / Датум: 82147701/ 29.10.2024
Напог / Датум: 12138303/ 28.10.2024
Бр.на нарачка: ВВ
Шифра на купувач: 100807
Валута:: МКД
Вкупен износ: 112.100,00
Место на издавање: Скопје

10-2/240270

Услови на плаќање
Плаќање во рок од 30 дена

Бр.	Шифра	Име на производот	ДДВ	Акциски Дисконт	Количина / ЕМ	Цена / ЕМ	Бруто износ
10	2001048	НАТРИУМ ХЛОРИД ВО ТАБЛЕТИ /ЗА РЕГЕН./	18,00%	0 %	5.000 KG	19,00	95.000,00

Бруто вредност			95.000,00
Даночна основица 1	18,00	%	95.000,00
Износ на ДДВ 18%			17.100,00
Вкупен износ за плаќање			112.100,00

Фактурирал

Овластено лице за потпишување
Горан Минов

ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА АЛКАЛОИД АД АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

При плаќање да се назначи бројот на фактурата.За ненавремено плаќање засметуваме законска затезна камата.

адреса:
АЛКАЛОИД АД Скопје,
Бул. Александар Македонски 12,
1000 Скопје, П.Фах 572
Република Северна Македонија

контакт:
www.alkaloid.com.mk
nristov@alkaloid.com.mk
ljdanilovski@alkaloid.com.mk
тел: +389 2 3104 000
факс: +389 2 3175 531

банки:
Комерцијална Банка АД Скопје
жиро с-ка: 300000000314704

Шпаркасе Банка Македонија АД
жиро с-ка: 250010100277789

НЛБ Тутунска Банка Скопје
жиро с-ка: 210040535750181

ХАЛКБАНК АД Скопје
жиро с-ка: 270040535750188

ЕДБ:
МК 4030946257762

ЕМБС:
4053575

- ***СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ: MIP C***

БЕЗБЕДНОСЕН ЛИСТ

ECOLAB

Прилагодено според (EC) бр. 1907/2006 (REACH), Анекс II (453/2010) - Европа

Mip C

Верзија : 1

Глава 1: Идентификација на супстанцата/препаратот и компанијата/предузимачот

1.1 Идентификација на производот

Име на производ : Mip C

Код на производ : 114720E

Намена на производот : Средство за перење

Само за професионална употреба

1.2 Релевантна идентификована употреба на супстанцата или смешата и употреба која не е препорачана

Препорачана употреба
Производ за чистење во прехранбената индустрија. ЦИП процес (чистење на лице место)

Се препорачува да не се употребува против:
Не е познато

1.3 Податоци за лицето кое е задолжено за изработка на безбедносниот лист

Дистрибутер/Увозник **МАРВИМЕКС дооел**
Ул.Атинска 4, 1000 Скопје
Тел:++389 2 3095559
Факс: ++389 2 3095559
marvimex@marvimex.com.mk

1.4 Број на телефон за итни случаи

Национално советодавно тело / Центар против труење

Број на телефон : Центар за контрола против труење: Скопје ++389 2 3147635

Дистрибутер/Увозник

Телефон : ++389 2 3095559 (Работни денови од 08 до 16 часот)

Глава 2: Идентификација на опасности

2.1 Класификација на супстанцата или смешата

Дефиниција на производ :Смеша

Класификација во согласност со Регулативата (EC) 1272/2008 [CLP/GHS]

Кор. кожа 1A, H314

Класификација на основа на директива 1999/45/EC [DPD]

Производот е класифициран како опасен на основа на директивата 1999/45/EC и нејзините амандмани.

Класификација : C; R35

Опасности по човечкото здравје : Предизвикува тешки изгореници.

За целосен текст на горе наведените R реченици или H ставови погледнете во Поглавје 16.

За детални информации за влијанието на здравјето и симптомите погледнете Поглавје 11.

2.2 Елементи на етикетата

Пиктограми за опасност :



Дата на издавање : 18 April 2012 ***1/13***

Mip C

Глава 2: Идентификација на опасности

Сигнален збор : Опасност

Содржи (хемиски назив насупстанцата која предизвикува сензибилизација) : натриум хидроксид

Соопштение за опасности : H314 Предизвикува сериозни изгореници на кожата и оштетување на очите.

Соопштение за мерките на претпазливост

Превенција : P280 – Носете заштитни ракавици. Носете заштита за очи или лице

Одговор: : P301 + P330 + P331 – Ако се проголта: Исплакнете ја устата. Не предизвикувајте повраќање.
P303 + P361 + P353 – Ако допре на кожа (или коса): Итно отстранете/ соблечете ја контаминираната облека.Исплакнете ја кожата со вода/истуширајте се.
P305 + P351 + P338 – Ако допре на очи: Внимателно испирајте со вода неколку минути.Отстранете ги контакните леќи, доколку постојат и доколку е тоа можно да се направи. Продолжете со испирање.
P310 – Итно повикајте ЦЕНТАР ЗА КОНТРОЛА ПРИ ТРУЕЊЕ или побарајте лекар.

2.3 Други опасности

Други ризици кои не резултираат во класификацијата : Не е применливо

Глава 3: Состав/информации за состојките

3.2 Смеша

Име на производот	Податоци за идентификација на супстанцата	%	Класификација 67/548/EEC	Класификација Пропис (ЕС) Бр. 1272/2008 [CLP]	Тип
Натриум хидроксид	REACH #: 01-2119457892-27 EC: 215-185-5 CAS: 1310-73-2 Индекс: 011-002-00-6	35-50	C; R35 **За целосен текст на R- реченициte видете поглавје 16.**	Кор.кожа. 1A, H314 **За целосен текст на горе наведените H ставови видете Поглавје 16.**	[1]

Нема дополнителни состојки кои се класифицирани како опасни по здравјето или околината.

Тип:

[1] Супстанца класифицирана како опасна по здравјето и околината.
[2] Супстанца со граници на изложеност во работната средина
[3] Супстанцата го исполнува критериумот PBT на основа на Пропис (ЕС) Бр. 1907/2006, Анекс XIII
[4] Супстанцата го исполнува критериумот vPvT на основа на Пропис (ЕС) Бр. 1907/2006, Анекс XIII

Mip C

Глава 4: Мерки за прва помош

4.1 Опис на мерките за прва помош

Допир со очи : Веднаш побарајте прва помош. Повикајте го центарот за контрола при труење или лекар. Веднаш исплакнете ги очите со многу вода, дигајте ги повремено горните и долните капаци. Проверете дали има контакни леќи и одстранете ги. Продолжете со испирање уште 10 минути. Хемиските изгореници мора итно лекарски да се третираат.

Вдишување : Веднаш побарајте медицинска помош. Повикајте го Центарот за контрола при труење или лекар.Изнесете ја повредената особа на свеж воздух и обезбедете да се одмара во положба која не смета на дишењето. Доколку се примети дека сеуште има присутни пареи, спасувачот треба да носи заштитна маска или самостален апарат за дишење.Доколку дишењето е отежнато,неправилно или спречено, пружете вештачко дишење или кислород од страна на стручно лице. Може да биде опасно по особата која пружа вештачко дишење по пат уста на уста. Доколу е без свест, ставете ја особата во положба за освестување и итно повикајте медицинска помош. Одржувајте отворена циркулација на воздухот. Олабавете ги тесните делови на облеката како што се крагна, кравата, каиш.

Допир со кожа : Веднаш побарајте медицинска помош. Повикајте го Центарот за контрола при труење или лекар. Исперете ја контаминираната кожа со доста вода. Отстранете ја контаминираната облека и обувки. Исперете ја контаминираната облека пред повторна употреба. Продолжете со испирање уште 10 минути. Хемиските изгореници мора итно да се третираат лекарски. Темелно исчистете ги обувките пред повторна употреба.

Голтање : Веднаш побарајте медицинска помош. Повикајте го Центарот за контрола при труење или лекар.Исперете ја устата со вода. Отстранете ги забните протези. Ако материјалот е проголтан а особата е свесна, дајте и да пие мала количина вода. Престанете ако особата почуствува тегоби, бидејќи повраќањето може да делува штетно. Не предизвикувајте повраќање ако медицинското лице не го бара тоа. Доколку дојде до повраќање држете ја главата ниско, за да не дојде до слевање на плуќата. Хемиските изгореници мора да бидат лекарски третирани. Никогаш ништо не давајте на уста ако особаа не е при свест. Ако е без свест ставете ја во положба за опоравување и итно повикајте медицинска помош. Одржувајте отворена циркулација на воздухот. Олабавете ги тесните делови од облеката како што се крагна, кравата и каиш.Изнесете ја повредената особа на свеж воздух и обезбедете да се одмара во положба во која не и пречи на дишењето.

Заштита на личноста која пружа прва помош : Не превземајте ништо што може да ја загрози личноста. Доколку има сомнеж дека сеуште има присутни пареи, спасувачот треба да носи соодветна маска или самостален апарат за дишење. Може да биде опасно по особата која пружа вештачко дишење по пат уста на уста. Контаминираната облека мора да се испере темелно со вода пред остранување .

4.2 Најзначајни симптоми и ефекти, акутни и продолжени

Можни акутни дејства врз здравјето

Допир со очи : Доведува до тешко оштетување на очите

Вдишување : Може да се ослободи гас, испарување или прашина која е надразнувачка или корозивна за респираторниот систем.

Допир со кожа :Предизвикува тешки изгореници.

Голтање :Може да предизвика изгореници на устата, грлото и желудникот.

Знаци/симптоми на прекумерна изложеност

Допир со очи : Непожелните симптоми може да го вклучат следното:
болка
солзење на очи
црвенило

Вдишување : Непожелните симптоми може да го вклучат следното::
иритација на респираторните органи
кашлање

Mip C

Глава 4: Мерки за прва помош

Допир со кожа : Непожелните симптоми може да го вклучат следното::
болка и иритација
црвенило
може да дојде до појава на пликови

Голтање : Непожелните симптоми може да го вклучат следното::
болки во стомак

4.3. Индикација дека е потребна било каква непосредна медицинска помош и посебен третман

Напомена за лекарите : Третирајте кога ќе се појават симптоми. Ако се проголтани поголеми количини од материјалот, веднаш контактирајте специјалист за случаи со труење.

Специфични третмани : Нема специфични третмани.

Глава 5 : Мерки за заштита од пожар

5.1 Средство за гасење на пожар

Соодветен материјал за гасење пожар : Во случај на гасење на пожар користете воден спреј, пена, прав или CO2.

Несоодветен материјал за гасење пожар : Не е познато.

5.2 Посебни опасности кои настануваат од смеша или супстанц

Опасност од супстанца или смеша : Ако садот е изложен на пламен или загревање, ќе дојде до зголемување на притисокот и садот може да пукне.

Опасни запаливи производи : Производите при распаѓање може да содржат: оксиди/ оксиди од метали.

5.3 Совет за пожарникарите

Специфични мерки на претпазливост за пожарникарите : Во случај на пожар веднаш изолрајте го местото на несреќа, одалечувајќи ги луѓето од околината.Не превземајте ништо што би довело до загрозување на личноста

Специјална заштитна опрема пожарникарите : Пожарникарите мора да носат соодветна заштитна опрема и заштитни респирираторни маски (SCBA) кои може да функционираат под позитивен притисок и да го покриваат целото лице.

Глава 6 : Мерки во случај на хемиска несреќа

6.1 Лични мерки на претпазливост, заштитна опрема и процедури во итни случаи

За личности кои не реагираат во итни случаи : Не превземајте ништо што доведува до загрозување на личноста. Одалечете ги неовластените и незаштитени особи.Избегнувајте допир и одење по истурениот материјал. Не вдишувајте пареи или магли.Обезбедете соодветна вентилација. Во услови на несоодветна вентилација користете соодветен прибор за дишење. Носете соодвтена лична заштитна опрема.

За личности кои реагираат во итни случаи : Доколку е потребна специјализирана облека при ракување со истурениот материјал, земете во предвид било која информација од одделот за соодветни и несоодветни материјали во Оддел 8. Исто така видете ги информациите „За личностите кои не учествуваат во вонредни ситуации.

6.2 Претпазливост за заштита на средината : Избегнувајте ширење на истурениот материјал, негово влијание и контакт со Земја, водени токови, одводни канали или канализација.Известете ја власта доколку производот предизвикува загадување на околината.

6.3 Методи и материјали за ограничување и чистење

Mip C

Глава 6 : Мерки во случај на хемиска несреќа

Мало пролевање : Спречете излевање, ако може тоа да се направи без опасности. Преместете ги садовите од просториите во кои дошло до пролевање. Ако се раствара во вода, разблажете со вода и избришете. Алтернативно, ако не е растворливо во вода апсорбирајте со инретни суви материи и сместете во соодветни садови за отстранување на отпадот.

Големо пролевање : Спречете излевање, ако може тоа да се направи без опасности. Преместете ги садовите од просториите во кои дошло до пролевање. Спречете излевање во канализации, водени токови, подруми или затворени простории. Оградете и соберете го истуреният материјал со незапалив впивачки материјал, како што е песок, земја или дијатомејска земја и ставете во контејнер за отстранување во согласност со локалните прописи. Контаминираниот материјал за апсорпција може да претставува подеднаква опасност како и истуреният материјал.

6.4 Препораки за други поглавја : За информации за контакт во итни случаи, видете Дел 1
За информации за соодветната опрема за лична заштита, видете Дел 8.
За информации за дополнителниот третман на отпадот, видете Дел 13.

Глава 7: Ракување и складирање

Информациите во овој оддел содржат генерални совети и насоки. Списокот на идентификација на употребата во Поглавје 1 треба да се консултира за било која достапна информација во сценариото на изложеност специфично за одредена употреба.

7.1 Мерки на претпазливост за безбедно ракување

Мерки за заштита : Користете адекватна опрема за лична заштита (videti glavu 8). Спречете контакт со очи,кожа или облека. Не вдишувајте пареи или магла. Не голтајте. Ако при нормална употреба на материјалот се појави опасност по дишење, користете исклучиво соодветна вентилација или носете соодветни апарати за дишење. Чувајте во оригинални контејнери или алтернативно, одобрено направено од компатабилни материјали и чувајте цврсто затворено кога не е во употреба. Чувајте подалеку од киселина. Празните контејнери може да бидат опасни,бидејќи може да содржат остатоци од производот.

Совет за општа професионална хигиена : Работниците треба да ги измијат рацете и лицето пред јадење,пиење и пушење. За дополнителни информации за хигиенските мерки, видете Оддел 8.

7.2 Услови за безбедно складирање, вклучувајќи некомпатабилности : Складирајте на температура помеѓу: -5 do 40°C (23 do 104°F). Складирајте во согласност со локалните прописи. Складирајте во оригинална амбалажа заштитено од светлина на суво и ладно и добро проветрено место далеку од некомаптабилни материјали (види поглавје 10) и храна и пиење. Чувајте подалеку од киселина. Пред употреба чувајте го контејнерот цврсто затворен. Садовите кои се веќе отворени треба внимателно да се затворат и држат во исправена положба за да се спречи излевање. Не складирајте во необележани контејнери. Користете соодветни садов за да се избегне загадување на околината.

7.3 Специфична конечна употреба

Препораки : Не е применливо
Решенија специфични за индустрискиот сектор : Не е применливо .

Глава 8: Контрола на изложеност/лична заштита

8.1 Контролни параметри

Гранични вредности на изложеност за професионални корисници

Mip C

Глава 8: Контрола на изложеност/лична заштита

Име на производ/состојка	Гранични вредности на изложеност
Не е позната вредноста на гранична изложеност	

Ниво на изведен ефект

Нема достапни DELa.

Концентрација на предвиден ефект

Нема достапни PECa.

8.2 Контрола на изложеност

Соодветни мерки на претпазливост : Доколку во одредени прилики се создаде прашина, дим, испарување или магла користете затворени простори со локална издувна вентилација или други мерки на претпазливост, така што изложеноста на работникот би била испод препорачаните или дозволени граници.

Мерки за лична заштита

Хигиенски мерки : Измијте ги темелно рацете, подлактиците и лицето после секое ракување со хемикалија, а пред јадење, пушење, употреба на тоалет и на крај на работниот ден. За отстранување на потенцијално контаминираната облека користете соодветни техники. Исперете ја контаминираната облека пред повторна употреба. Обезбедете туш за испирање на очи и безбедносните тушеви да бидат во близина на работното место.

Заштита на очи/лице (EN 166) : Препорачано : Наочари, штитник за лице или заштита на цело лице.

Заштита на кожа

Заштита на раце (EN 374) : Препорачано:Ракавици -бутил гума, нитрил гума (време на заштита: 1- 4 часа) .

Заштита на тело (EN 14605) : Личната заштитна облека за тело треба да биде избрана на база на задачата која треба да се извршува и ризиците кои се вклучени и треба да биде одобрена од страна на стручно лице пред ракување со производот.

Заштита на други делови на кожата : Соодветната облека и сите дополнителни мерки за заштита на кожата треба да се изберат на основа на задачата која се изведува и каде е присутен ризик. Ракувањето со овој производ треба да биде одобрено од специјалист.

Респираторна заштита (EN 143, 14387) : Ако проценатa на опасност налага, треба да се користи соодветен прибор за дишење кој го пречистува воздухот или има довод на воздух и кој е во согласност со одобрените стандарди. Изборот на приборот за дишење мора да биде заснован на познати или предвидени нивоа на изложеност, опасности од производот и внатрешни граници при кои приборот може безбедно да функционира.Доколку работниците се изложени на концентрација поголема од дозволената, мора да носат соодветни одобрени респиратори (P2).

Термичка опасност : Не е применливо.

Контрола на изложеност во околината : Треба да се провери емисијата од вентилацијата или работната опрема, поради утврдување дали се во согласност со законските прописи за заштита на околината. Во некои случаи уредите за перење на гасови, филтери или технички модификации на опремата за обработка се неопходни поради смалување на емисиите до прифатливи нивоа.

Mip C

Глава 9: Физички и хемиски својства

9.1 Информации за основните физички и хемиски својства

Изглед

Физичка состојба	: Течност
Боја	: Жолта
Мирис	: Слаб мирис.
Праг на мирис	: Не се применува или не е одредено за смеша
pH	: 13 do 14 [Konc. (%w/w): 100%]
Точка на топење/точка на мрзнење	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Иницијална точка на вриење и опсег на вриење	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Точка на палење	: > 100°C
Брзина на испарување	: Не се применува или не е одредено за смеша
Запаливост (цврста материја, гас)	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Време на согорување	: Не се применува или не е одредено за смеша
Степен на согорување	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Горна/долна граница на запаливост или експлозивност	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Притисок на пареи	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Густина на пареи	: Не се применува или не е одредено за смеша
Релативна густина	: 1.38 do 1.46
Растворливост	: Лесно се раствора во: топла и ладна вода.
Коеф.на распределба Октанол/вода	: Не се применува или не е одредено за смеша
Темп.на спонатано палење	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Темп. на распаѓање	: Не се применува или не е одредено за смеша.
Вискозитет	: Не се применува или не е одредено за смеша
Експлозивни својства	: Не е применливо
Оксидациони својства	: Ниедно

9.2 Дополнителни информации

Нема дополнителни информации

Глава 10: Стабилност и реактивност

10.1 Реактивност	: За овој производ или неговите состојки не се достапни специфични резултати од тестовите кои се однесуваат на реактивноста.
10.2 Хемиска стабилност	: Овој производ е стабилен.
10.3 Можност од опасни реакции	: Под нормални услови на складирање и употреба, нема да дојде до опасни реакции..
10.4 Услови кои треба да се избегнуваат	: Нема специфични податоци

Mip C

Глава 10: Стабилност и реактивност

10.5 Некомпатабилни материјали : Екстремно реактивни со следните материјали: метали и киселини

10.6 Опасни производи при разложување : Под нормални услови на складирање и употреба не би требало да дојде до создавање на опасни производи од разложувањето.

Глава 11: Токсиколошки информации

11.1 Информации за токсиколошките ефекти

Акутна токсичност

Име на производ	Резултат	Тип	Доза	Изложеност
Натриум хидроксид	LD50 кожно LD50 кожно LD50 орално LD50 орално	зајак зајак зајак глушец	1350 mg/kg >2000 mg/kg 500 mg/kg 300 do 500 mg/kg	- - - -

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Процена на акутна токсичност Не е одредено за смеша.

Иритација/Корозија

Име на производ	Резултат	Тип	Оцена	Изложеност	Набљудува
Натриум хидроксид	Очи-благо иритирачко средство	Зајак	-	400 микрограми	-
	Очи – јак иритант	Зајак	-	24 sati 50 микрограми	-
	Очи – јак иритант	Зајак	-	1 %	-
	Очи – јак иритант	Зајак	-	0.5 минути 1 милиграм	-
	Кожа - -благо иритирачко средство	Човек	-	24 часа 2 %	-
	Кожа – Јак иритант	Зајак	-	24 часа 500 милиграми	-

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Средство кои ја зголемува осетливоста

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Мутагеност

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Канцерогеност

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности..

Репродуктивна токсичност

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Тератогеност

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Токсичност на специфичните целни органи (поединечно изложување)

Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Токсичност на специфичните целни органи (повторено изложување)

Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Дата на издавање : 18 April 2012 *8/13*

Mip C

GLAVA 11: Toksikološke informacije

Опасност од вдишување

Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Инормација за можните изложувања : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Можни акутни дејства врз здравјето

Вдишување : Може да се ослободи гас, испарување или прашина која е многу надразнувачка или корозивна за респираторниот систем.

Голтање : Може да предизвика изгореници во устата ,грлото и желудникот.

Допир со кожа : Предизвикува тешки изгореници.

Допир со очи : Доведува до тешко оштетување на очите.

Симптоми кои се однесуваат на физички, хемиски и токсиколошки карактеристики

Вдишување : Нема специфични податоци.

Голтање : Непожелни симптоми може да го вклучат следното:
болки во стомак

Допир со кожа : Непожелни симптоми може да го вклучат следното:
болка и иритација
црвенило
може да дојде до појава на пликови

Допир со очи : Непожелни симптоми може да вклучат:
болка
солзење на очи
црвенило

Одложени непосредни ефекти и хронични ефекти краткотраини и долготраини изложувања

Краткотраино изложување

Потенцијални непосредни ефекти : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Потенцијални закаснети ефекти : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Долготраино изложување

Потенцијални непосредни ефекти : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Потенцијални закаснети ефекти : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Можни хронични дејства врз здравјето

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Општо : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Канцерогеност : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Мутагеност : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Тератогеност : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Ефекти на развој : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Ефекти на плодност : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Други податоци : Нема значајни влијанија ниту критични опасности

Mip C

Глава 12: Еколошки информации

12.1 Токсичност

Име на производ	Резултат	Тип	Изложеност
Натриум хидроксид	Акутни EC50 40 mg/L Акутни LC50 72 mg/L	Дафнија Риба	48 часа 96 часа

Заклучок/Преглед : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

12.2 Постојаност и разградливост

Заклучок/Преглед : При испуштање кисели или базни производи во канализација, pH вредноста мора да биде во опсег помеѓу 6 – 10 зашто ако е поголема или помала pH вредноста може да се оштети канализациониот состав илипостројките за биолошки третман на отпадни води. Потребно е придржување до локалните прописи за испуштање на материите во отпадните води.

12.3 Потенцијална биолошка акумулација

Заклучок/Преглед : Не е одредено за смеша.

12.4 Пренос по пат на земја

Коефициент на земјено/водена Распределба (Koc) : Не еодредено за смеша.

Мобилност : Не еодредено за смеша.

12.5 Резултати од PBT i vPvB процени

PBT : Не е применливо.

vPvB : Не епременливо.

12.6 Други непожелни ефекти : Нема значајни влијанија ниту критични опасности.

Глава 13: Складирање на отпадот отпадот

Информациите во овој оддел содржат генерални совети и насоки. Списокот на идентификација на употребата во Поглавје 1 треба да се консултира за било која достапна информација во сценариото на изложеност специфично за одредена употреба.

13.1 Методи на обработка на отпадот

Производ

Методи на отстранување : Создавањето на отпад треба да се избегнува или свеста да се намали на најмало можно ниво колку што е тоа можно. Празните контејнери може да содржат остатоци од производот. Супстанците и садовите мора да бидат отстранети на безбеден начин. Поголемата количина од остатоците на отпадниот производ не треба да се отстранува по пат на канализација туку да се обработи во соодветна фабрика за обработка на отпадни води.Отстранете ги вишокот производи и производи кои не можат да се рециклираат преку овластениот предузимач за отстранување на отпадот. Отстранувањето на овој производ, неговите раствори и било кои споредни производи мора да бидат секогаш во согласност со Законите за заштита на животната средина, законите за отсранување на отпдот како и сите услови од локалните власти. Избегнувајте ширење на истурениот материјал, негово влијание и контакт со Земја, водени токовви, одводни канали или канализации.

Опасен отпад : Да.

Катлог на Европски отпад (EWC)

Код на отпад	Означување на отпадот
20 01 15*	алкално

Пакување

Мір С

Глава 13: Отстранување на отпадот

Методи на отстранување

: Создавањето на отпад треба да се избегнува или свеста да се намали на најмало можно ниво колку што е тоа можно. Отпадот од пакувањето треба да се рециклира.

Посебни мерки на претпазливост

: Супстанците и садовите мора да се отстранат на безбеден начин. Траба да се внимава при ракување со празните контејнери кои сеуште не се исчистени или исперени. Празните контејнери може да содржат остатоци од производот. Избегнувајте ширење на истуреният материјал, негово влијание и контакт со Земја, водени текови, одводни канали или канализации.

Глава 14: Транспортни информации

	ADR/RID	ADN/ADNR	IMDG	IATA
14.1 УН број	UN1824	UN1824	UN1824	UN1824
14.2 Соодветни UN име на испорака	НАТРИУМ ХИДРОКСИД РАСТВОР	НАТРИУМ ХИДРОКСИД, РАСТВОР	SODIUM HYDROXIDE SOLUTION	Sodium hydroxide solution
14.3 Класа на опасности при транспорт	8 	8 	8 	8 
14.4 Амбалажна група	II	II	II	II
14.5 Опасности по околина	Не.	Не.	No.	No.
14.6 Посебни мерки на претпазливост за корисникот	Нема.	Нема.	None.	None.

14.7 Транспорт на големо во согласност со Анекс II MARPOL-а 73/78 и IBC Код : Не е применливо

Глава 15: Регулативни информации

15.1 Регулативи/закони за безбедност, здравје и околина, специфични за супстанцата или смешата

ЕУ Пропис (ЕС) Бр. 1907/2006 (REACH)

Анекс XIV – Листа на супстанци кои подлежат на авторизација

Материи со висока опасност

Ниедна од состојките не е на листа.

Анекс XVII – Ограничување на прозиводство,пласирање на пазарот и употреба на одредени опасни супстанци, смеши и предмети : **Не е применливо**

Други ЕУ прописи

Состав на производот во согласност со регулативата за детергенти 648/2004/ЕС:

<5% Фосфонати, поликарбоксилати

Дата на издавање : 18 April 2012 ***11/13***

Mip C

Глава 15: Регулативни информации

Национални прописи

Македонија

Безбедносниот лист е формиран во согласност со важечките закони:

- Закон за хемикалии
- Само за биоцидни производи: Закон за биоцидни производи
- Закон за превоз на опасни материи
- Правилник за класификација, пакување, обележување и рекламирање на хемикалии и одредени производи
- Правилник за класификација, пакување, обележување и рекламирање на хемикалии и одредени производи во согласност со Глобално хармонизираниот систем за класификација и обележување
- Список на класифицирани супстанци

15.2 Процена на хемиска безбедност : Овој производ содржи супстанци за кои се и понатаму потребни процени за хемиската безбедност.

Глава 16: Дополнителни информации

Означува информации кои се менуваат во однос на претходно издадената верзија.

Скратеници и акроними : ADN/ADNR=Европски договор за меѓународен превоз на опасни материи по воден пат.
ADR = Европски договор за меѓународен превоз на опасни материјали по копнен пат.
ATE = Процена на акутна токсичност
BCF = Фактор на биоконцентрација
CLP = Одредба за класификација, обележување и пакување [Регулатива (ЕС) Бр. 1272/2008]
DNEL = Изведено ниво без влијание
DPD = Директива за опасни препарати [1999/45/EC]
ЕК = Европска Комисија
EUH изјава = CLP-изјава за специфична опасност
IATA = Меѓународна асоцијација за воздушен сообраќај
IBC = Контејнер од среден опсег
IMDG = Меѓународен контејнерски транспорт на опасна стока
LogPow = Логаритамски коефициент на распределба октанол/вода
MARPOL 73/78 = Меѓународна конвенција за спречување на загадување со бродови, 1973 модифицирана со Протокол од 1978. ("Marpol" = marine pollution)
OEL = Професионален лимит на изложеност
PBT = Перзистентно, биоакумулативно и токсично
PNEC = Препорачана концентрација без влијание
REACH = Одредба за регистрација, евалуација, авторизација и ограничување на хемикалии[Regulation (EC) No. 1907/2006]
RID = Одредба за меѓународен железнички транспорт REACH # = REACH регистарски број
vPvB = Многу перзистентни и многу биоактивни

Процедури користени за изведба на класификацијата на основа на Прописот (ЕС) Бр. 1272/2008 [CLP/GHS]

Класификација	Докажување
Кор.кожа. 1A, H314	На основа на резултат од тестови

Целосен текст за скратени H изјави : H314 Предизвикува тешки изгореници на кожата и оштетување на очите

Целосен текст за класификација [CLP/GHS] : Кор.кожа. 1A, H314 Корозивно оштетување/Иритација на кожа - Категорија 1A

Целосен текст за скратени R реченици : R35 Предизвикува тешки изгореници.

Mip C

GLAVA 16: Дополнителни информации

Целосен текст за класификација [DSD/DPD]	: Корозивно-Корозивно
Дата на печатење	: 18 Април 2012
Дата на издавање/ Дата на ревизија	: 18 Април 2012
Дата на претходно издание	: Нема претходно издание
Верзија	: 1

Известување за корисникот

Наведените информации се точни во согласност со составот на производот кој е наведен од страна на произведувачот. Како што се податоците, стандардите и регулативите подложни на промени,така условите и начинот на употреба на производот не се во наша надлежност, НЕ ПОСТОИ ГАРАНЦИЈА ЗА КОМПЛЕТНОСТ ИЛИ ТОЧНОСТ ЗА ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ.

Datum izdavanja/Datum revizije	: 18 April 2012	***13/13***

- ***СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ: P3-HOROLITH FL***

БЕЗБЕДНОСЕН ЛИСТ ECOLAB

Приспособено кон одредбата (ЕС) бр. 1907/2006 (REACH), Анекс II (453/2010) – Европа

P3-Horolith FL

Код 105522E Верзија: 1 Датум на ревизија: 21 септември 2011 г.

ПОГЛАВЈЕ 1. Идентификација на супстанцијата/смесата и податоци за правното лице кое ја става супстанцијата/смесата во промет.

1.1 Идентификација на производот

Име на производот	П3-Хоролит ФЛ (P3-Horolith FL)
Код на производот	105522E
Намена на производот	Средство за перење. Само за професионална употреба.

1.2 Начина на употреба на производот и употреба која не се препорачува

Препорачана употреба
Производ за чистење во прехранбена индустрија , CIP постапка (чистење на лице место)

Се препорачува да не се употребува против
Не е познато

Назив на производителот: Дистрибутер/Увозник	Дистрибутер: MARVIMEX DOOEL Ул. Атинска 4, 1000 Скопје Тел. + 389 2 3067 337 e-mail marvimex@marvimex.com.mk
Телефон во сулучај на незгода:	Националниот Центар за контрола и информирање за труење од хемикалии Телефон: + 02 31 47 635 Работно време: 24 часа 7 дена во неделата

ПОГЛАВЈЕ 2. Идентификација на опасностите

2.1. Класификација на супстанцата или смесата

Квалификација бр.1272/2008 [CLP/GHS]

Корозивно . Категорија 1A H314

Класификација на основа на директива 1999/45/EC [DPD]

Производот е класифициран како опасен на основа на директивата 1999/45/EC и нејзините амандмани.

Класификација: C; R35

Опасности по човечкото здравје: Предизвикува тешки изгореници.

За подетални информации за влијанието врз здравјето и за симптомите – да се види поглавје 11.
За полн текст на R кратенката да се види во поглавје 16.

2.2. Елементи на етикетата

Пиктограми за опасност:



Сигнален збор: Опасност
Содржи: азотна киселина
Реченици за ризик: H314 Предизвикува тешки изгореници на кожата и оштетување на очи

Реченици за безбедност: **Спречување:**
P280 Носете заштитни ракавици/ заштитна облека/ заштитни наочари/заштита за лице
Интервенција:
P303 + P361 + P353 Ако допре на кожа (или коса): Итно отстранете ја конатминираната облека.Исперете ја кожата со вода.
P305 + P351 + P338 Ако допре на очи: Внимателно измијте со вода неколку минути.Отстранете ги контакните леќи ако ги има.Продолжете со миење со вода.
P310 Итно повикајте го Центарот за контрола при труење со хеикалии или повикајте лекар.

2.3. Други опасности: Не се познати

ПОГЛАВЈЕ 3. Податоци за состојките во смесата

3.1 Смеса

Назив на состојката	Идентификатори	%	Класификација		тип
			67/548/EEC	Директива(ЕС)бр. 1272/2008[CLP]	
Азотна киселина	REACH #: 01-2119487297-23 EC: 231-714-2 CAS: 7697-37-2 Индекс: 007-004-00-1	20-70	O, R8 C; R34	Опт. на кожа 1A, H314 Опт. на очи 1, H318 Оксидирачка течност 3, H272	[1] [2]
Фосфорна киселина	REAC: 01-2119485924-24 EC: 231-633-2 CAS: 7664-38-2 Индекс: 015-011-00-6	< 1 0	C; R34	Опт. на кожа 1B, H314 Опт. на очи 1, H318 Акутно токс. 4, H302	[1] [2]
За целосниот текст на R и H ознаките да се види поглавје 16					

Нема додатоци кои, во рамките на сегашните сознанија на добавувачите и во применливи концентрации, се класификувани како опасни за здравјето и околината и кои, поради тоа, би морале да бидат пријавени во оваа глава.

[1] Супстанцијата класификувана како опасна за здравјето и околината.
[2] Супстанција со граница на изложеноста во работната околина
[3] PBT – супстанции врз основ на Директива(ЕС)бр. 1207/2006 Анекс XIII
[4] vPvB- супстанции врз основ на Директива(ЕС)бр. 1207/2006 Анекс XIII
Граничните вредности на изложување, ако постојат, наведени се во поглавјето 8.

ПОГЛАВЈЕ 4. Мерки на прва помош

4.1 Опис на мерките за прва помош

Вдишување : Побарајте веднаш лекарска помош. Преместете ја жртвата на свеж воздух и овозможете ѝ да мирува во позиција во која може удобно да дише. Доколку се сомневате дека пареите сè уште се присутни, како спасител треба да носите соодветна маска или самостоен апарат за дишење. Ако не дише, ако е дишењето неправилно или ако дојде до застој во дишењето, на жртвата да и се даде вештачко дишење или кислород од страна на стручно лице. Може да биде опасно за лицето што дава вештачко дишење по пат на уста-на-уста. Ако е лицето без свест, ставете го во положба за закрепнување. Одржувајте отворена циркулација на воздухот. Разлабавете ги тесните делови од алиштата, како што се јака, вратоврска, ремен или лента околу појасот.

Допир со кожата : Веднаш побарајте медицинска помош. Измијте ја контаминираната кожа со доста вода. Симнете ги контаминираните алишта и обувки. Пред симнување контаминираните алишта исперете ги темелно со вода пред симнување или симнете ги со употреба на заштитни ракавици. Продолжете со испирање најмалку 10 минути. Хемиските изгореници мораат да бидат итно лекарски третирани. Исперете ги алиштата и чевлите пред повторната употреба.

ПОГЛАВЈЕ 4. Мерки на прва помош

Голтање	:	Побарајте веднаш медицинска помош. Измијте ја устата со вода. Отстранете ги забните протези, доколку ги има. Преместете ја жртвата на свеж воздух и овозможете ѝ да мирува во позиција во која може удобно да дише. Не предизвикувајте повраќање доколку медицинскиот персонал тоа не го бара. Доколку дојде до повраќање, главата треба да се држи ниско – исповраќаната содржина да не навлезе во белите дробови. Хемиските изгореници мораат итно да бидат лекарски третирани. Никогаш ништо да не му давате преку уста на лицето кое е без свест. Доколку е без свест, ставете го во положба за закрепнување. Одржувајте отворена циркулација на воздухот. Разлабавете ги тесните делови од облеката, како што се јака, вратоврска, ремен или лента околу појасот.
Допир со очите	:	Побарајте веднаш медицинска помош. Измијте ги веднаш очите со доста вода, подигајќи ги повремено горните и долните клепки. Проверете дали има контактни леќи, и ако има, отстранете ги. Продолжете со измивање најмалку 10 минути. Хемиските изгореници мораат итно лекарски да се третираат.
Заштита на лица кои укажуваат прва помош	:	Не преземајте ништо што може да го загрози персоналот или лица без соодветна обука. Доколку се сомневате дека пареите се уште се присутни, како спасител треба да носите соодветна маска или самостоен апарат за дишење. Може да биде опасно за лицето кое применува вештачко дишење по пат уста-на- уста. Контаминираните алишта темелно да се исперат со. вода пред симнувањето или да се симнат со употреба на заштитни ракавици.
Спечифични третмани	:	Не е достапно.

За подетални информации за влијанието врз здравјето и за симптомите – да се види поглавјето 11

4.2 Најзначајни симптоми и ефекти, акутни и продолжени

Можни акутни ефекти врз здравјето

Допир со очите	:	Исклучително корозивно за очите. Ризик од сериозни повреди на очите. Предизвикува тешки опекотини на очите.
Вдишување	:	Изложеност на производите на распаѓање може да предизвика опасност по здравјето. Делува надразливо на респираторниот систем. После изложеноста последиците можат да бидат одложени.
Допир со кожата	:	Исклучиво опасно за кожата, предизвикува тешки опекотини.
Голтање	:	Предизвикува опекотини во устата, грлото и стомакот.

ПОГЛАВЈЕ 4. Мерки на прва помош

Знаци/симптоми на прекумерна изложеност

Контакт со очите	:	**Несаканите симптоми може да го вклучуваат следново:** болка или иритација на очите солзење на очите црвенило
Вдишување	:	**Несаканите симптоми може да го вклучуваат следново:** Иритација на респираторните органи, кашлање.
Допир со кожата	:	**Несаканите симптоми може да го вклучуваат следново:** болка или иритација црвенило можна е појава на пликови
Голтање	:	**Несаканите симптоми може да го вклучуваат следново:** болка во стомакот

4.3 Индикација дека е потребна каква и да било непосредна медицинска помош и посебен третман

Забелешка за лекарот	:	Симптомите да се третираат кога ќе се појават. Доколку се проголта или се вдише голема количина од материјата, да се контактира специјалист за случаеви на труење. Во случај на вдишување продукти настанати со согорување симптомите можат да бидат одложени.
Специфичен третман	:	Нема специфичен третман

ПОГЛАВЈЕ 5. Противпожарни мерки

5.1 Средство за гаснење на пожар

Соодветни матријали за гснење на пожар	:	Користете средство за гаснење на пожар кое одговара за околниот оган. Употребете Воден спреј (магла),пена, прав или CO2.
Несоодветен материјал	:	Непознато

5.2 Посебни опастности што настануваат од супстанцијата или смесата:

Опасност од супстанција или смеса	:	Опасно е ако садот е изложен на пламен или затоплувања, ќе го зголеми притисокот и садот може да пукне.
Опасни запаливи производи	:	Производите од распаѓање може да ги содржат следните материи: Јаглероден диоксид, јаглероден-моноксид, оксиди на фосфор, оксиди на азот.

ПОГЛАВЈЕ 5. Противпожарни мерки

5.3 Совет за пожарникари

Специфични мерки : Во случај на пожар, изолирајте го веднаш местото на несреќата отстранувајќи ги сите луѓе од околината. Не преземајте ништо што може да го загрози персоналот или лица без соодветна обука.

Специјална заштитна опрема за пожарникари : Пожарникарите треба да носат соодветна заштитна опрема и респираторни маски (SCBA) кои можат да функционираат под позитивен притисок и го покриваат целото лице.

ПОГЛАВЈЕ 6. Мерки во случај на хемиска несреќа

6.1 Лични превентивни мерки, заштитна опрема и процедури во итни случаи

За персоналот што не реагира во итни ситуации Да не се презема ништо што може да го загрози персоналот и лица без соодветна обука. Да се испразни околниот простор. Да се отстранат неовластени и незаштитени лица. Да не се пипка и да не се гази истуреният материјал. Исклучете ги сите извори на палење. Во зоната на опасноста не смее да дојде до појава на искри, чад и пламен. Да не се вдишува пареа или магла. Да се обезбеди соодветна вентилација. Во услови на несоодветна вентилација користете соодветен прибор за дишење. Ставете соодветна лична заштитна опрема.

За персоналот што реагира во итни ситуации Ако се бара специјализирана облека при ракувањето со истеченият материјал, да се земе предвид која и да било информација за соодветни и несоодветни материјали во Одделот 8. За дополнителни информации за хигиенските мерки, исто така да се види Одделот 8.

6.2 Превентивни мерки за заштита на животната средина Избегнувајте ширење на истуреният материјал, негово истекување и контакт со земја, со водени текови, со одводни канали или канализација. Известете ги соодветните власти доколку производот предизвикал загадување на околината (на канализација, водени текови, земјиште или воздух).

6.3 Методи и материјали за ограничување и чистење

Мало истекување Разблажете со вода и соберете со четка ако е растворливо во вода, или апсорбирајте со инертен сув материјал, и ставете во соодветна амбалажа за депонирање на отпад

Големо истекување Спречете изливање во канализација, во водни текови, во визби или затворени простори. Оградете го и соберете го истуреният материјал со незапалив впивачки материјал како што се: песок, земја, вермикулит или дијатомејска земја, и ставете го во сад за депонирање на отпад, во согласност со локалните прописи (види го поглавјето 13).

6.4 Препораки за други поглавја За информации за контакт во итни случаи, види го Одделот 1.
За информации за соодветна опрема за лична заштита види го Одделот 8.
За информации за дополнителен третман на отпадот, види го Одделот 13.

ПОГЛАВЈЕ 7. Употреба и складирање

7.1 Мерки на претпазливост за безбедно ракување

Заштитни мерки: Користете правилно лична заштитна опрема (види Поглавје 8). Да се спречи да дојде во допир со очи, облека или кожа. Не голтајте. Избегнувајте дишење пареа или магла.Да се спречи отпад во околината. Однесувјте се согласно на посебните инструкции / Упатства за безбедно ракување (safety data sheet). Чувајте го во оригиналните садови или алтернативни, одобрени, направени од компатибилни материјали, садот чувајте го цврсто затворен кога не е во употреба. Празните садови можат да бидат опасни, тие можат да содржат остатоци на производ. Не го користете повторно садот.

Чувајте го подалеку од бази.

Совет за општа професионална хигиена: Забрането е да се јаде, пие и пуши во просториите каде што се ракува со овој материјал, каде што материјалот се складира и обработува. Работниците треба да ги измијат рацете и лицето пред јадење, пиење и пушење.Симнете ги контаминираните алишта и заштитната опрема пред влегувањето во просториите во кои се јаде. За дополнителни информации за Хигиенските мерки да се види Поглавје 8

7.2 Услови за безбедно складирање, вклучувајќи секаква некомпатибилност: Складирајте помеѓу следните температури: - 20 °C до 40°C (-4 до 104°F). Складирајте во согласност со локалните прописи. Складирајте во одделен и одобрен простор. Складирајте во оригинална амбалажа, заштитено од директна сончева светлина – на суво, студено и добро проветрено место, далеку од некомапатибилни материјали (види го поглавјето 10) и храна и пијалоци. Отстранете ги сите извори на палење. Да се чува одделено од бази. Пред употребата, држете го контејнерот цврсто затворен и залечатен. Садовите што биле отворени треба внимателно да се затворат и да се држат во исправена положба – за да се спречи истечување. Немојте да складирате во необележени контејнери. Користете соодветен сад за да се избегне загадување на околината.

7.3 Специфични конечни употреби

Препорака: Не е применливо.

Конкретни решенија за индустрискиот сектор: Не е применливо.

ПОГЛАВЈЕ 8. Контрола на изложеност и лична заштита

8.1 Контролни параметри

Граничните вредности за изложеност на професионални корисници

Име на производот/состојка	Гранични вредности на изложување
Азотна киселина	**EU OEL (Европа, 12/2009).** STEL: 2 MG/M3 15 минути. STEL: 1 ppm 15 минути
Фосфорна киселина	**EU OEL (Европа, 12/2009).** STEL: 2 MG/M3 15 минути. TWA: 1 MG/M3 8 часа.

ПОГЛАВЈЕ 8. Контрола на изложеност и лична заштита

Препорачани процедури за надгледување Ако овој производ содржи состојки за кои постои граница на изложеност, може да се бара личен, работен, атмосферски и биолошки надзор заради утврдување на ефикасноста на ветнилацијата или на други контролни мерки и/или неопходност од употреба на опрема за заштита на дишните органи. Треба да се повикате на Европскиот стандард EN 689 – за методите за процена на изложеноста на хемиските супстанции по пат на вдишување, и на националните насоки за методите за утврдување на опасноста од супстанцијата.

Нивоа на изведениот ефект

Нема достапни DELa.

Концентрации на предвидениот ефект

Нема достапни PECa.

8.2 Контрола на изложеност

Соодветни мерки на претпазливост Доколку при употреба на овој производ се создаваат прашина, чад, магла испарување или гас, користете затворени простории каде општата вентилација треба да се одржува под контрола, и работникот не треба да е изложен на воздухот со загадувачки супстанции. Може да се побараат мерки на претпазливост поради контрола на примарните и секундарните ризици поврзани со овој производ.

8.3 Мерки за лична заштита

Хигиенска мерки Измијте ги темелно рацете, подлактиците и лицето по ракувањето со хемикалии, а пред јадењето, пушењето, употребата на тоалетот и на крајот од работниот ден. За отстранување на потенцијално контаминираните алишта користете соодветни техники. Исперете ги контаминираните алишта пред повторната употреба. Обезбедете тушот за измивање на очите и безбедносните тушеви да бидат во близината на работната зона.

Заштита на очите и лицето (EN 166) Очила, штитник за лице или заштита на целото лице.

Заштита за рацете (EN 374) 1-4 часа: бутил гума, нитрил гума.

Заштита на телото (EN 14605) : Лични заштитни алишта за телото треба да бидат избрани врз база на задачите што ќе се извршуваат и ризиците што се вклучени, и треба да биде одобрена од страна на стручњак пред ракувањето со производот.

Заштита на другите делови на кожата Соодветните обувки и сите додатни заштитни мерки за заштита на кожата треба да се изберат врз основа на задачите што се изведуваат и присутните ризици. Ракувањето со овие производи претходно треба да го одобри специјалист.

Респираторна заштита (EN 143, 14387) Респиратор не е потребен при нормални и предвидени услови за примена на производот.

Контроли на изложеноста на околината Треба да се провери емисијата од вентилацијата или од работната опрема за обработка, заради утврдување дали се во согласност со барањата на законските прописи за заштита на околината. Во некои случаи уреди за перење на гасот, филтери или технички модификации на опремата за обработка ќе бидат неопходни, заради намалување на емисијата до прифатливо ниво.

ПОГЛАВЈЕ 9. Физички и хемиски својства

9.1 Информации за основните физички и хемиски својства

Физичка состојба:	Течност
Боја:	Бистра
Мирис :	Остар
Праг на мирис	Не е применливо за смеса
pH:	0,9 до 1,1 [конц. (%w/w): 100%]
Точка на топење/мрзнење	Не е применливо за смеса
Точка на вриење	Не е применливо за смеса
Точка на палење:	> 100°C
Брзина на испарување	Не е применливо за смеса
Запаливост (цврста материја, гас):	Не е применливо за смеса
Експлозивни својства:	Не е применливо за смеса
Граници на експлозивноста:	Не е применливо за смеса
Оксидирачки својства:	ДА
Притисок на пареа:	Не е применливо за смеса
Релативна густина:	1,25 до 1,35 kg/dm³
Растворливост:	Не е применливо за смеса
Коефициент на распределба октанол/вода	Не е применливо за смеса
Температура на спонтано палење	Не е применливо за смеса
Вискозност:	Не е применливо за смеса
Густина на пареа:	
Брзина на испарување бутил ацетат = 1):	Не е применливо за смеса

ПОГЛАВЈЕ 10. Стабилност и реактивност

10.1 Реактивност	:	За овој призвод или за неговите состојки не се достапни специфични резултати од тестовите што се однесуваат на реактивност.
10.2 Хемиска стабилност	:	Овој производ е стабилен.
7540436.8500	4650585.1800
7540436.5724	4650591.0389
Лак 1: Испупченост 0,0022 Центар X=7540492,5571 Y=4649396,8914 Радиус 1195,4591 Почетен агол 93 Завршен агол 93	
7540426.29	4650590.51
Лак 2: Испупченост 0,0061 Центар X=7540492,5571 Y=4649396,8914 Радиус 1195,4591 Почетен агол 93 Завршен агол 95	
7540397,3335	4650588,5520
7540310,3818	4650581,6042
7540189,4226	4650571.9390
7540142.7870	4650568.2224
7540147.6525	4650513.9598
7540066.1413	4650506.6304
7540071.4500	4650435.7300
7540071.4909	4650435.2091
Лак 3: Испупченост 0,4138 Центар X=7540078,4675 Y=4650435,7808 Радиус 7,0000 Почетен агол 185 Завршен агол 275	
7540079.0286	4650428,8033
7540195.3177	4650438.1547
7540219.0140	4650440.0603
7540223.1200	4650440.1219
7540232.3391	4650441.1318
7540246.5100	4650442.2900
7540253.7200	4650442.4800
7540255.8300	4650443.0208
7540311.6070	4650447.5061
7540427.8963	4650456.8575
7540434.3799	4650457.3789
7540433.2700	4650471.1200

5.2. Регулациона линија

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
Регулационата линија се поклопува со границата на градежната парцела од јужната, северната и дел од источната страна на проектниот опфат, на начин прикажан во графичките прилози.

5.3. Граница на градежна парцела

Граница на градежна парцела како планска одредба во Архитектонско – урбанистичкиот проект е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

5.4. Градежна парцела

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои ја обележуваат промената на носителот на правото на градење.
Во случајот се врши формирање на две нови градежни парцели ГП 03.03.4.1 и ГП 03.03.4.2 со основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија од градежната парцела ГП 03.03.1 од ДУП за Градска четврт СИ 03, општина Гази Баба - Скопје. На тој начин се формираат новите градежните парцели и тоа:

- ГП 03.03.4.1 која зафаќа површина од 22023,53м^2 (2,20ха) и
- ГП 03.03.4.2 која зафаќа површина од 22279,26м^2 (2,23ха).

5.5. Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

Во Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје (Изводот од ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 3, општина Гази Баба – Скопје бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година) намената на градежната парцела е дефинирана како:

Група на класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси;

- **Основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија.**

Додека како компатибилни класи на намена на основната класа на намена се утврдуваат:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимално 30%,
- **Б4 – Деловни простории** до максимално 10%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 5%,
- **Г3 – Сервиси** до максимално 30%,
- **Г4 – Стоваришта** до максимално 30%,
- **Д2 – Заштитно зеленило** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%,
- **Д4 – Меморијални простори** до максимално 30%.

или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Во предметниот Архитектонско-урбанистички проект, за ГП 03.03.4.1 се предвидуваат градби со следните компатибилни намени:

- **Б4 – Деловни простории –** 2,98%,
- **Г4 – Стоваришта –** 21,26%,
- **Е2 – Комунална супраструктура –** 0,02%,

односно максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена за ГП 03.03.4.1 изнесува 24,25%, односно не го надминува максимално дозволениот процент (%) на учество на збирот на

компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во проектот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Во предметниот Архитектонско-урбанистички проект, за ГП 03.03.4.2 се предвидуваат градби со следните компатибилни намени:

- **Б2 – Големи трговски единици** – 29,24%,
- **Е2 – Комунална супраструктура –** 0,09%,

односно максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена за ГП 03.03.2 изнесува 29,33%, односно не го надминува максимално дозволениот процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во проектот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Останатиот простор се предвидува да се уреди со ниско и средно зеленило (да се затревнат слободните површини), земено предвид дека согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18), предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило, како и да се додадат и други архитектонски елементи. Пристапот до содржините ќе биде со завршна обработка од асфалт, додека пешачките површини предвидено е да се поплочат со павер елементи.

5.6. Градежна линија и подземна градежна линија

Градежна линија е граница на површината за градење внатре во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.

Во графичките прилози градежната линија е означена со полна црна линија со дебелина од 0,5мм и ознака ГЛ во истата боја.

Со подземна градежна линија се уредува границата за градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната изградба.

Во графичките прилози подземната градежна линија е означена со испрекината црна линија со дебелина од 0,5мм и ознака ПГЛ во истата боја. Со предметниот АУП, минималното растојание од границата на градежната парцела на градбите под земја не смее да биде помало од 1,5м кон соседната парцела ГП 03.03.1, кон север подземната градежна линија се поклопува со крајната линија на заштитниот појас на железничката пруга, кон улица С1 подземната градежна линија е повлечена на 5м, додека кон улицата Перо Наков, подземната градежна линија се преклопува со границата на градежна парцела.

5.7. Површини за градење

Со Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, Одлука бр.09-5005/3 од 08.11.2018 година (Извод бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година), на предметната градежна парцела е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост. Дополнително, во нумеричките показатели покрај утврдената површина за градење, дадена е и максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор, чијашто понатамошна разработка ќе биде со нов Архитектонско-урбанистички проект за разработка на поединечна градежна парцела.

За ГП 03.03.4 со Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, предвидената максимална површина за изградба на повеќе градби во утврдениот простор за градење е ограничена на 26581,68м^2 и бруто развиена површина

од 100000,00м². Со предметниот АУП, извршена е репарцелација на градежната парцела 03.03.4 на две нови парцели 03.03.4.1 и 03.03.4.2 со што утврдена површина за градба за двете парцели изнесува 21429,42м², додека развиената површина за градба е 53029.93м². Со разработката на новоформираната градежна парцела ГП 03.03.4.1 дефинирани се поединечни површини за градење, во рамките на кои се дозволува максимална површина за изградба од 10305,17м² и бруто развиена површина за градење од 22252,06м². За новоформираната градежна парцела ГП 03.03.4.1 дефинирана е утврдена површина за градба од 11124,25м² и бруто развиена површина за градење од 30777,87м².

Вака дефинираните површини за градење се целосно во согласност со параметрите зададени во Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје (Одлука бр.09-5005/3 од 08.11.2018 година).

Со предметниот Архитектонско - урбанистички проект, во рамки на градежната парцела ГП 03.03.4.1 утврдени се 18 (осумнаесет) површини за градба, од кои 10 се постојни градби за кои не се предвидува понатамошен развој, и истите се утврдени како:

5. 12 површини за градба со основна класа на намена: Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија со вкупна утврдена површина за градба од 8047,21м², односно развиена површина за градење од 19646.10м² (означени како градби 1, 2, 4, 5, 7, 8, 11, 13, 14, 15, 17 и 18 на графички прилози).
6. 3 површини за градба со компатибилна класа на намена: Б4 – Деловни простори со вкупна утврдена површина за градба од 423,75м², односно развиена површина за градење од 771,75м² (означени како градби 3, 6 и 9 на графички прилози).
7. 2 површина за градба со компатибилна класа на намена: Г4 – Стоваришта со утврдена површина за градба од 1830,22м², односно развиена површина за градење од 5514,93м² (означена како градба 10 и 12 на графички прилози).
8. 1 површина за градба со компатибилна класа на намена: Е2 – Комунална супраструктура – мерна регулаторна станица со утврдена површина за градба од 3,99м², односно развиена површина за градење од 3,99м² (означена како градба 16 на графички прилози).

Со предметниот Архитектонско - урбанистички проект, во рамки на градежната парцела ГП 03.03.4.2 утврдени се 18 (осумнаесет) површини за градба, од кои 10 се постојни градби за кои не се предвидува понатамошен развој, и истите се утврдени како:

1. 5 површини за градба со основна класа на намена: Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија со вкупна утврдена површина за градба од 7495,82м², односно развиена површина за градење од 21749,44м² (означени како градби 2, 3, 4, 5 и 7 на графички прилози).
2. 1 површина за градба со компатибилна класа на намена: Б2 – Големи трговски единици со вкупна утврдена површина за градба од 3600,00м², односно развиена површина за градење од 9000,00м² (означена како градби 1 на графички прилози).
3. 1 површина за градба со компатибилна класа на намена: Е2 – Комунална супраструктура – трафостаница, со утврдена површина за градба од 28,43м², односно развиена површина за градење од 28,43м² (означена како градба 6 на графички прилози).

5.8. Височина на градење

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на

градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.
Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети услови утврдени со планот за достигнување на максимална височина на градбата, која често се однесува на обезбедување на потребен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Согласно член 44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). При одредување на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови.
Согласно точка 6 од Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, дадени преку Изводот од ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 3, општина Гази Баба – Скопје бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година, земено предвид дека височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената, а со оглед на тоа дека се работи за објекти од областа на индустрија и инфраструктурата со различни технолошки барања од аспект на висина на поедините нивои максимална височина на градбите не е дефинирана, меѓутоа направено е ограничување со дефинирање на катност и истата изнесува од П+10.
Со овие параметри не се надминати максималните зададени во важечкиот Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, додека пак за ГП 03.03.4.1, за градбите преземени од постојна состојба не се предвидува промена на висина на венец / катност и се задржуваат постојните параметри за истите, а за новопланираните градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија предвидена е максимална висина на венец од 5.0м и катност од П, 9.0м и катност од П+1, 15.0м и катност од П+2, додека за новопланираната градба со компатибилна намена Б4 – Стоваришта предвидена е максимална висина на венец од 15.0м и катност од П+2. Со овие параметри не се надминати максималните зададени во важечкиот Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје.
Со предметниот Архитектонско урбанистички проект, а согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), за ГП 03.03.4.2, за градбите преземени од постојна состојба не се предвидува промена на висина на венец / катност и се задржуваат постојните параметри за истите. Земено предвид дека височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената, а со оглед на тоа дека се работи доминантно за објекти од областа на индустријата и комерцијална намена со различни висини од аспект на висина на поедините нивои, максималната височина на градбите не е дефинирана, меѓутоа направено е дефинирање на катноста и истата изнесува П+2 за новопланираните градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија и П+3 за новопланираната градба со компатибилна намена Б2 – Големи трговски единици.

5.9. Процент на изграденост

Процент на изграденост на земјиштето (%) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент.

Согласно точка 6 од Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје , дадени преку Изводот од ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 3, општина Гази Баба – Скопје бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година, земено предвид дека во рамки на градежната парцела е утврден делот од истата во кој се предвидува градење на повеќе градби, како комплекс на градби, направено е ограничување со оваа планска одредба, и истиот изнесува максимум 60.0%.

Со предметниот Архитектонско-урбанистички проект процентот на изграденост е ограничен на 46,79% за ГП 03.03.4.1, односно 49,93% за ГП 03.03.4.2, соодветно, односно истиот изнесува 48,37% на ниво на целиот проектен опфат.

5.10. Коефициент на искористеност

Коефициент на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

Согласно точка 6 од Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, дадени преку Изводот од ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 3, општина Гази Баба – Скопје бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година, коефициентот на искористеност е дефиниран на 2.26.

Со предметниот Архитектонско-урбанистичкиот проект коефициентот на искористеност на земјиштето изнесува 1.01 за ГП 03.03.4.1, односно 1.381 за ГП 03.03.4.2, соодветно, односно пресметано на ниво на целиот предметен плански опфат коефициентот на искористеност изнесува 1.2, и на тој начин целосно се вклопува во максимално дозволениот во важечкиот ДУП.

5.11. Паркирање

Согласно точка 6 од Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, дадени преку Изводот од ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 3, општина Гази Баба – Скопје бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година, паркирањето на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на сопствената градежна парцела во согласност со член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), важечки кога е донесен планот и обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изграденост, коефициент на искористеност, висина на венец и катност).

Во предметниот Архитектонско – урбанистички проект, за ГП 03.03.4.1 со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нивните намени, за компатибилната намена Б4 – Деловни простори, потребно е да се обезбеди по 1 паркинг место на секои 60м² од вкупно изградената површина (соодветно потребно е да се обезбедат 13пм), и за компатибилната намена Г4

– Стоваришта, потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нивните намени. Согласно наведените услови, за ГП 03.03.4.1, обезбедени се вкупно 69 паркинг места од кои 65 за патнички возила, 3 паркинг места за лица со посебни потреби и 3 за камиони како надземни паркинг места и истите се соодветно прикажани односно нумерирани во графичките прилози. Доколку има потреба, останатите паркинг места ќе бидат обезбедени во рамки на парцелата и во рамки на објектите како подземни паркинг места, во рамки на прикажаната подземна градежна линија, што ќе биде прецизно дефинирано во Основниот проект, како понатамошна фаза на разработка на ГП 03.03.4.1 од предметниот Архитектонско – урбанистичкиот проект.
Во предметниот Архитектонско – урбанистички проект, за ГП 03.03.4.2 со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите за градбите и специфичните услови кои произлегуваат од нивните намени, додека за компатибилната намена Б2 – Големи трговски единци, потребно е да се обезбеди по 1 паркинг место на секои 70м² од вкупно изградената површина (соодветно потребно е да се обезбедат 129пм). Согласно наведените услови, за ГП 03.03.4.2, обезбедени се вкупно 87 паркинг места како надземни паркинг места, од кои 4 паркинг места за лица со посебни потреби и истите се соодветно прикажани односно нумерирани во графичките прилози. Потребните паркинг места за објектот со намена Б2 – Големи трговски единици ќе бидат обезбедени во рамки на парцелата и во рамки на објектот како подземни паркинг места, во рамки на прикажаната подземна градежна линија, што ќе биде прецизно дефинирано во Основниот проект, како понатамошна фаза на разработка на ГП 03.03.4.2 од предметниот Архитектонско – урбанистичкиот проект.

5.12. Услови за движење на лица со инвалидитет

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат одредбите од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

5.13. Урбано зеленило и озеленетост

Просторот околу градбата хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент, карактеристичен за локалитетот. Земено предвид дека согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18), предвидено е да се обезбеди најмалку 20% зеленило, како и да се додадат и други архитектонски елементи. Согласно наведените услови, во рамки на ГП 03.03.4.1 предвидено е зазеленување на 4412.8м² односно 20.04%, додека во рамки на ГП 03.03.4.2 предвидено е зазеленување на 4631.94м² односно 20.79%. Пристапот до содржините ќе биде со завршна обработка од асфалт, додека пешачките површини предвидено е да се поплочат со павер елементи.

5.14. Мерки за заштита на животната средина и природата

Задолжително да се почитува законската регулатива која ја уредува областа за заштита на животната средина:

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 100/12, 163/13, 10/15, 146/15);

- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18);
- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите (Сл. весник на РМ бр. 18/99 и 146/15);
- Закон за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и други законски и подзаконски акти.

5.15. Мерки за заштита и спасување

При изготвување на Основните проекти за градбите и Основните проектите на инфраструктура, како и при самата градба, обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 94/09) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Односно, при понатамошната изработка на Основниот проект, како и при изградба на градбата, Мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбата да биде оптимално сеизмички отпорна на 9° по МЦС скалата, да биде изградена со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При уредувањето на градежната парцела, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

5.16. Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при земјените работи се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 194/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

5.17. Елементи за обликување на градбите:

- За градбите се пропишува и следното:
- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата.

5.18. Услови за понатамошна разработка

При изработка на Основните проекти за градбите, како и Основните проекти за инфраструктурите, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, како и прописите за заштита на животната средина.
Се што не е регулирано со општите одредби на предметниот Архитектонско-урбанистички проект е предмет на понатамошна разработка согласно стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

6. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД СУБЈЕКТИТЕ, РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ЈП Водовод и Канализација-Скопје

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП "Водовод и Канализација" – Скопје, допис бр. 1302-1486/2 од 13.05.2019 година, што се однесува до прикажување на предвидената хидротехничка инфраструктура на предметниот локалитет, претпријатието упатува на користење на решенија за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на претходнитепланскирешенија кои треба да се добијат од О. Гази Баба, како и решенијата на ГУП на Град Скопје.

Дополнително, согласно наведениот допис, не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации“ на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0.60м односно 1.00м од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50м.

- Минималното растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.00м, растојание од градежен објект до магистрален водоводен помал од Ø500мм, а предвиден со ГУП на град Скопје - водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø500мм да изнесува 6.0м.

ГА-МА АД Скопје

Согласно податоците и информациите добиени од ГА-МА АД Скопје, допис без архивски број од 20.06.2019 година, при понатамошна разработка треба да се земе во предвид изведениот гасовод и Мерно Регулациона Станица и да се почитува Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од челични цевки за работен притисок од 13 бари (Сл. Весник на РМ бр. 100/09).

Управа за заштита на културното наследство

Согласно податоците и информациите добиени од Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура бр. 17-2004/2 од 15.05.2019 година, доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Електродистрибуција доовл Скопје

Согласно податоците и информациите добиени од АД ЕВН Македонија, КЕЦ Васил Главинов, Скопје бр. 10 2037/2 од 17.05.2019 година, при постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се контактира најблискиот Корисничко Енергетски Центар за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Агенција за цивилно воздухопловство

Согласно податоците и информациите добиени од Агенцијата за цивилно воздухопловство, бр. 12-8/259 од 13.05.2019 год., се напоменува дека планскиот опфат може да се планира без посебни ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Дирекција за заштита и спасување – Сектор за оперативна и логистика, Подрачно одделение за заштита и спасување Гази Баба

Согласно условите за заштита и спасување добиени од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Гази Баба, бр.10-217/1-2 од 01.07.2019 година наведени се следните мерки потребни да се вградат во предметниот АУП:

1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на предметниот АУП да се вградат пропишаните мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), особено член 54, 72 и 74, Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

2. Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини да се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РМ, изградени со помали тежини и соодветни конструктивни системи.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос кон слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При проектирањето да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

3. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на нацрт план на ДУП, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

4. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошки несречи и Радиолошка, хемиска и биолошка заштита во предметниот АУП потребно е да се разработат согласно одредбите од Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),особено член 82 и 87 како и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

Потребно е да се планираат и можни локации за складирање и депонирање на опасни материи кои ќе бидат употребувани во производниот процес почитувјќи ја техничките нормативи при планирањето.

7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежната парцела. Посебните услови за градење се основа за изработка на Основните проекти за градбите и инфраструктурата.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПРЕДВИДЕНИ СО АРХИТЕКТОНСКО – УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

АУП ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ГП 03.03.4 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 03 И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ЗА СЕКОЈА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА – СКОПЈЕ											ПРОЕКТЕН ОПФАТ _4,43ха					
Број на градежна парцела	Група на класа на намена	Основ на класа на намена	Подинечна намена	Компатибилни класични намени во однос на основната класа на намена	Мин. дозволен % на учество на дадена класа на намена во однос на основна класа на намена	Макс.дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основна класа на намена	Површина на градежна парцела (м²)	Утврдена површина за изградба	Максимална повр. за изградба Во утврдениот простор	Вкупна изградена површина На сите катови (м²)	Максимална максимална Хоризонтален венец на кров (m)	Катност	Процент на изграденост (%)	Коефициент на искористеност (К)	Минимален процент Нжа озеленетост (%)	Паркирање
03.03.4.1	Г	Г2		Б1 Б2	30 30	49	22023.53 *	10305.17	10305.17	22252.06	3m 5m	П П+1	46.79	1.01	20.04	68(+ 3 за камиони)

			Лесна и незагадувачка индустрија	Б4	10						9m 12m 15m/ постојна	П+2			надземни паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи За урбанистичко
				В2	5										
				Д2	30										
				Д3	30										
				Д4	30										
				Г3	30										
				Г4	30										
03.03.4.2	Г	Г2	Лесна и незагадувачка индустрија	Б1	30	49	22279.26 **	11124.25	11124.25	30777.87	3m / постојна	П П+1 П+3	49.93	1.38	20.79	Бр. на паркинг места ќе се дефинира согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи За урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)
				Б2	30										
				Б4	10										
				В2	5										
				Д2	30										
				Д3	30										
				Д4	30										
				Г3	30										
				Г4	30										
ВКУПНО							**44302.79**	**21429.42**	**21429.42**	**53029.93**			**48.35**	**1.2**	

** Површина на градежна парцела ГП 03.03.4.1 добиена од тополошки преклоп со АКН, П=22023,49м²*
*** Површина на градежна парцела ГП 03.03.4.2 добиена од тополошки преклоп со АКН, П=22279,26м²*

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - за градбите на ГП 03.03.4.1:												
Бр. на градежна парцела	Површина на Градежна парцела м2/	Основна класа на намена	Број на градба	Намена на градбите	површина под градба м2/	бруто површина за градба м2/	% на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена	Висина на венец	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
03.03.4.1	22023.53	Г2	1	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	635.04	1905.12	8.56	постојна	П+2	46.79	1.01	68 (+ 3 за камиони) надземни паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи За урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)
			2	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	617.76	1853.28	8.33	постојна	П+2			
			3	Б4 (Деловни простори)	174.00	522.00	2.35	15.0m	П+2			
			4	Г2 (Лесна и незагадувачка	291.58	1749.48	7.86	15.0m	П+2			

				индустрија)								
			5	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	44.12	88.24	0.40	постојна	П+1			
			6	Б4 (Деловни простори)	184.10	184.10	0.83	постојна	П			
			7	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	3197.37	9592.11	43.11	15.0m	П+2			
			8	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	305.82	305.82	1.37	постојна	П			
			9	Б4 (Деловни простори)	65.65	65.65	0.30	постојна	П			
			10	Г4 (Стоваришта)	591.13	591.13	2.66	постојна	П			
			11	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	1400.26	1400.26	6.29	постојна	П			
			12	Г4 (Стоваришта)	1239.09	1239.09	5.57	постојна	П			
			13	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	598.41	1196.82	5.38	9.0m	П+1			
			14	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	598.12	1196.24	5.38	9.0m	П+1			
			15	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	338.73	338.73	1.52	5.0m	П			
			16	Е2 (Комунална супраструктура - мерна регулаторна станица)	3.99	3.99	0.02	постојна	П			
			17	Г2 (Портирница)	10	10	0.04	3.0m	П			
			18	Г2 (Портирница)	10	10	0.04	3.0m	П			
Вк.	22023.53				10305.17	22252.06	100.00			46.79	1.01	
				простор за паркинг	920.42					4.18		
				тротоари	2568.02					11.66		
				внатрешни сообраќајници	3818.12					20.15		
				Зеленило	4412.80					20.04		
Вк.	22023.53				22023.53					100	1.01	

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - за градбите на ГП 03.03.4.2:												
Бр. на градежна парцела	Површина на Градежна парцела м2/	Основна класа на намена	Број на градба	Намена на градбите	површина под градба м2/	бруто површина за градба м2/	% на учество на единична класа на намена во однос на основната класа на намена	Висина на венец	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
03.03.4.2	22279.26	Г2	1	Б2 (Големи трговски единици)	3600.00	9000.00	29.26	/	П+3	49.86	1.38	87 надземни паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи За урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)
			2	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	2100.00	6300.00	19.35	/	П+2			
			3	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	3150.00	9450.00	29.02	/	П+2			
			4	Г2 (Лесна и незагадувачка индустрија)	1876.81	5630.43	17.29	/	П+2			
			5	Г2 (Лабораторија)	354.01	354.01	1.09	постој на	П			
			6	Е2 (Комунална супраструктура - трафостаница)	28.43	28.43	0.09	постој на	П			
			7	Г2 (Портирница)	15.00	15.00	0.05	3.0m	П			
Вк.	22279.26				11124.25	30777.87	100.00			49.86	1.38	
				простор за паркинг	1114.48					5.00		
				тротоари	2890.63					12.97		
				внатрешни сообраќајници	2517.96					11.30		
				Зеленило	4631.94					20.79		
Вк.	22279.26				22279.26					100	1.38	


1. Понатамошна разработка на површините за градба, дефинирани во градежната парцела со ГП 03.03.4 и за комуналната инфра и супаструктура е со основни проекти.
2. Намената на земјиштето е утврдена во Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје (Изводот од ДУП за Градска четврт СИ 03, Блок 3, општина Гази Баба – Скопје бр. 28-3/4543-2 од 03.12.2018 година) намената на градежната парцела е дефинирана како:
   - Група на класа на намена Г – Производство, дистрибуција и сервиси;
   - Основна класа на намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија


3. Пристапот во двете градежни парцели ГП 03.03.4.1 и 03.03.4.2 ќе биде преку планираната сервисна улица "С2" од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје.
4. За планираните градби во ГП 03.03.4.1, за градбите преземени од постојна состојба не се предвидува промена на висина на венец / катност и се задржуваат постојните параметри за истите, а за новопланираните градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија предвидена е максимална висина на венец од 15.0м и катност од П+2, додека за новопланираната градба со компатибилна намена Б2 – Големи трговски единици предвидена е максимална висина на венец од 20.0м и катност од П+3. Со овие параметри не се надминати максималните зададени во важечкиот Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03, општина Гази Баба – Скопје, додека пак за ГП 03.03.4.2, за градбите преземени од постојна состојба не се предвидува промена на висина на венец / катност и се задржуваат постојните параметри за истите, а за новопланираните градби со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија предвидена е максимална висина на венец од 5.0м и катност од П, 9.0м и катност од П+1, 15.0м и катност од П+2, додека за новопланираната градба со компатибилна намена Б4 – Стоваришта предвидена е максимална висина на венец од 15.0м и катност од П+2.
5. Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за градбата е условена од намената на градбата и истата ќе се утврди со Основниот проект за градбата. Истата, согласно намената на градбата да се движи до 120см, односно 15см.
6. Се дозволува градење под земја, при што минималното растојание од границата на градежната парцела на градбите под земја не смее да биде помало од 1,5м кон соседната парцела ГП 03.03.1, кон север подземната градежна линија се поклопува со крајната линија на заштитниот појас на железничката пруга, кон улица С1 подземната градежна линија е повлечена на 5м, додека кон улицата Перо Наков, подземната градежна линија се преклопува со границата на градежна парцела.
7. При изработка на Основните проекти за градбите, како и градбите на инфраструктурата обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина, прописите за заштита и спасување и други прописи засегнати со намената.
8. Во непосредна близина на проектниот опфат има реализирано водоводна мрежа. Соодветно, санитарната вода ќе биде обезбедена со приклучување на постојната и планираната мрежа, додека пак земено предвид дека предметниот локалитет нема услови за снабдување со технолошка вода, санитарната вода ќе биде користена и за поливање на зеленилото и миењето на јавните сообраќајни површини. Приклучувањето на објектите на водоснабдителната мрежа е планирано да биде на секундарната водоводна мрежа со Ø150. Исто така, на ниво на проектниот опфат се предвидува да се изведе прстенеста хидрантска мрежа со дијаметар Ø100, чија понатамошна разработка ќе биде со Основен проект.
9. При понатамошна разработка на градежните парцели со нов АУП, утврдените градби, да се поврзат со надворешната водоводна мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела.
10. Во непосредна близина на проектниот опфат има реализирана фекална канализациона мрежа. Одведувањето на отпадните води ќе биде обезбедено преку постојната и планираната фекална канализациона мрежа. Внатрешниот развод на


канализационите инсталации ќе биде дефиниран со основен проект. Приклучувањето на објектите на фекална канализациона мрежа е планирано да биде на новопланираната секундарна фекална канализациона мрежа со Ø250.

11. Во непосредна близина на проектниот опфат има реализирано атмосферска инфраструктура. Приклучувањето на објектите на фекална канализациона мрежа е планирано да биде на новопланираната секундарна атмосферска канализациона мрежа со Ø300 и Ø400.
12. Врз основа на Архитектонско-урбанистички проект да се изработи Основен проект за електричната дистрибутивна мрежа.
13. Градбите, да се поврзат на електричната мрежа на начин утврден со Основен проект за електричната дистрибутивна мрежа.
14. Во непосредна близина на проектниот опфат има реализирано гасоводна мрежа, и предвидено е градбите во предметниот проектниот опфат да се приклучат на постојната и планираната гасоводна мрежа.
15. По формирање на градежна парцела, со нов Архитектонско-урбанистичкиот проект за уредување на истата да се изработат основни проекти на внатрешна инфраструктуктурна мрежа. Бидејќи се работи за исти сопственици на земјиштето на двете градежни парцели, се дозволува заедничко решавање на приклучните водови на инфрструктурните инсталации.
16. Паркирањето на моторните возила да се реши во склоп на сопствената градежна парцела, согласно член 59 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
17. Согласно Член 20 од Законот за урбано зеленило (СЛ. Весник на РМ бр.11/18), треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило. Согласно наведените услови, во рамки на ГП 03.03.4.1 предвидено е зазеленување на 4412.8м^2 односно 20.04%, додека во рамки на ГП 03.03.4.2 предвидено е зазеленување на 4631.94м^2 односно 20.79%.






АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ГП 03.03.4 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 03 И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ЗА СЕКОЈА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА НА ПРИКЛУЧОЦИТЕ, ОБЈЕКТИТЕ И ВОДОВИТЕ НА ВНАТРЕШНИОТ РАЗВОД НА СИТЕ КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРИ
07


АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ГП 03.03.4 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03, БЛОК 03 И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ЗА СЕКОЈА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ НА ПАРТЕР И ЗЕЛЕНИЛО
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ЗА ГП 03.03.4.1
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ЗА ГП 03.03.4.2
08

ПРИЛОГ XIII

СПРЕЧУВАЊЕ ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

XIII.1. ЕВАКУАЦИОНА ШЕМА ЗА РЕАГИРАЊЕ ПРИ ВОНРЕДНИ СИТУАЦИИ И ПОСТАВЕНОСТ НА ПП АПАРАТИ ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПОГОН НА ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

XIII.2. ФАКТУРИ ОД ОВЛАСТЕНА КОМПАНИЈА ЗА СЕРВИС И ПРОВЕРКА НА ПП АПАРАТИ ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПОГОН НА ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

XIII.3. ТЕХНИЧКИ ИЗВЕШТАИ ЗА КОТЛИ И РЕЗЕРВОАРИ

XIII.1. ЕВАКУАЦИОНА ШЕМА ЗА РЕАГИРАЊЕ ПРИ ВОНРЕДНИ СИТУАЦИИ И ПОСТАВЕНОСТ НА ПП АПАРАТИ ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПОГОН НА ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ



"ВИВАКС" ДОО - СКОПЈЕ / "VIVAX" DOO - SKOPJE
ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА
EVACUATION PLAN AND FIRE PROTECTION
Производство бр.1, објект бр.14
ИЗЛЕЗ
EXIT
1. ПОЛНАЧ
2. ПАСТЕРИЗАТОР
3. ТУНЕЛ ЗА ЛАДЕЊЕ
4. ЧИЛЕР
5. КАРБОПАКЕР (ЗБИРО ПАКУВАЊЕ)
6. ДНЕВЕН МАГАЦИН ЗА ГОТОВ ПРОИЗВОД
7. СОСЕДЕН ОБЈЕКТ - МАГАЦИН
ЛЕГЕНДА НА ГРАФИЧКИТЕ СИМБОЛИ
LEGEND OF GRAPHIC SYMBOLS
- НАСОКА НА ЕВАКУАЦИЈА / DIRECTION OF EVACUATION
ПАНИЧНО СВЕТЛО / PANIC LIGHT
ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ Ф2" / FIRE HYDRANT 2"
РАЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "S-9" / MANUAL FIRE EXTINGUISHER S-9
АЧЕН АПАРАТ ЗА ГАСЕЊЕ ПОЖАР "CO2-5" / MANUAL FIRE EXTINGUISHER CO2-5
- АЛАРМНА СИРЕНА / ALARM SIREN
- РАЧЕН ЈАВУВАЧ НА ПОЖАР / MANUAL FIRE ALARM
- ПРОТИВПОЖАРНА ЦЕНТРАЛА (ПП Ц) / FIRE PANEL
- ТАБЛА ЗА ЕЛЕК. РАЗВОД / ELECTRICAL PANEL
- ПРИБОР ЗА ПРВА ПОМОШ / FIRST AID KIT
112 - Итни повици / Emergency calls
192 - Полиција / Police
193 - Противпожарна служба / Fire service
194 - Брза помош / Ambulance

XIII.2. ДОГОВОР И ФАКТУРИ ОД ОВЛАСТЕНА КОМПАНИЈА ЗА СЕРВИС И ПРОВЕРКА НА ПП АПАРАТИ ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПОГОН НА ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ

Друштво за производство, промет и услуги ПАСТОР ДООЕЛ увоз-извоз Бр. 26-02124 09.02.2024 год. СКОПЈЕ

Друштво за производство, промет и услуги ВИВАКС ДОО увоз-извоз Бр. 03-119/1 13.02.2024 год. СКОПЈЕ

ДОГОВОР Бр._____

Склучен Помеѓу:

1. ПАСТОР Дооел Скопје, ул.1523 бр.55, ЕМБС 6082440, ЕДБ 4030006582649, претставуван од управителот Јорданчо Гиевски како давател на услуги,

2. ДПТУ ВИВАКС ДОО СКОПЈЕ, ЕМБС 4803973, ЕДБ 4030994113969 застапувано од управителот Тања Атанасова, во понатамошен текст корисник на услугите.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

ЧЛЕН 1

